РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

# Извештај за работата на Агенцијата за храна и ветеринарство за периодот 01.01.2012 - 31.12.2012 година

Скопје, Мај 2013 година

# I. ВОВЕД

Определбата на Република Македонија за пристапување во ЕУ и должностите за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ја утврдуваат потребата за усогласување на националното законодавство од областа на безбедноста на храната со соодветното Европско законодавство, односно ЕУ Acquis, како и негова целосна имплементација во секторот храна.

Поглавјето 12, од Европско законодавство односно наречено Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, преку соодветните надлежни органи одговорни за безбедност на храната во Република Македонија, детално ја разработува оваа област, почнувајќи од примарното производство на храна до нејзината употреба од страна на крајниот потрошувач.

Со одредени број легислативни акти (опфатени со Поглавјето 12), Европската Унија го дефинира системот на безбедност на храна како единствен систем од фарма до трпеза, со покривање на сите сектори на ланецот на исхрана, вклучително и производството на добиточна храна и исхрана на животните, примарното производство, преработката на храната, складирањето и дистрибуцијата, здравствената заштита и благосостојба на животните.

**Со донесување на Законот за безбедност на храната** (“Службен весник на Република Македонија“ бр **157/10) од 01 јануари 2011 година, се формираше Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија (понатаму во текстот АХВ)**. Со ова се заврши уште една активност, формирање на независна институција за ветеринарство и безбедност на храна која ќе делува како единствен надлежен орган за областите кои се предмет на Поглавјето 12, согласно ЕУ Acquis, со што ќе се реши проблемот со преколпување на надлежностите од една страна и оптимално користење на достапните средства и ресурси во однос на вработувања, опрема и објекти од друга страна.

АХВ, е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, и е надлежен орган за вршење на работите во областа на безбедноста на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарното јавно здравство, како и контрола на лаборатории кои даваат поддршка за потребите на Агенцијата.

АХВ конторолните системи во интегрираниот систем на контрола на храна ги класифицира во 11 области меѓу кои и : контролен систем за храна од животинско потекло (Control system for food of animal origin); контролен систем за увоз на храна од животинско потекло (Control system for imports of food of animal origin);контролен систем за генерална безбедност на храната (Control system for general food hygiene) контролен систем за увоз на храна од растително потекло (Control system for imports of food of plant origin); контролен систем за пестициди

(Control system for pesticides); и  контролен систем за благосостојба на животните (Control system for animal welfare).

Согласно Правилникот за систематизација на работните места во состав на АХВ од 01.02.2011 година функционираат седум сектори и тоа: сектор за гранична инспекција, сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните, сектор за ветеринарно јавно здравство, секотор за храна од неживотинско потекло, сектор за ЕУ и меѓународна соработка,  сектор за правни и административни работи и сектор за стручна подршка.

Во Агенцијата надвор од секторите се формираат четири одделенија кои за својата работа непосредно одговараат пред директорот на Агенцијата и тоа:

- Одделение за управување со човечки ресурси,
- Одделение за внатрешна контрола и аудит,
- Одделение за внатрешна ревизија,
- Одделение за финансиски прашања.

Одделението за внатрешна контрола и аудит се формира во согласност со активностите на Агенцијата наведени во член 77 од Законот за безбедност на храна, кој е усогласен со регулативата на ЕУ  32004R0882.

# II. СЕКТОР ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

## II.1. Промени во законската регулатива

Законот за ветеринарно здравство ја уредува здравствената заштита на животните и делови на јавното ветеринарно здравство од аспект на здравствена заштита на животните. Согласно законот, Агенцијата за храна и ветеринарство има обврска да обезбеди здравствена заштита на животните преку спроведување на мерките на здравствена заштита како и спроведување на годишните и повеќегодишните програми за здравствена заштита на животните.

Досегашната пракса на обезбедување на присуство и поркиеност на целата територија на Република Македонија е уредена во членовите 40, 40-а, 41, 42 и 44 каде по објавување на јавен конкурс на избраните учесници на конскурсот за секоја епизотиолошка единица им се издаваа решение за овластување на ветеринарни амбуланти, ветеринарни клиники и ветеринарни болници за вршење на активности од областа на здравствената заштита на животни и активности од областа на ветеринарното јавно здравство како и за назначување на овластени ветеринари. Решенијата од спроведениот јавен конкурс се издаваат со време траење од пет години под услов ветеринарните друштва за време на траењето на решението за овластување да ги исполнуваат условите утврдени со закон и условите од договорот склучен со Агенцијата за вршење на јавни овластувања.

Овој пристап имаше значителен број недостатоци, пред се:

- обезбедуваше монопол на одредени ветеринарни друштва во една епизоотиолошка единица во траење од 5 години, при што конкуренцијата во ветеринарните услуги беше значително намалена; и
- ги оневозможуваше одгледувачите сами да го изберат ветеринарното друштво кое ќе ги спроведува ветеринарните активности од јавен интерес на своите животни.

Поради тоа, Агенцијата за храна и ветеринарство изготви новиот предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство со кој се предвидува систем кој треба да овозможи поголема флексибилност, ефикасност, зајакната конкуренција помеѓу ветеринарните друштва, поголема покриеност на теренот без периоди на прекин и поквалитетна услуга кон одгледувачите на животни.

Во новиот пристап на обебзедување на здравствена заштите на животните најголеми новини се:

1) Замена на јавниот конкурс со јавен повик;
2) Сите пријавени друштва од одредена општина добиваат соодветен број на огледувалишта соглансо условите пропишани во став (5) од член 40 од предлог законот односно во зависност од бројот на доктори по ветеринарна медицина, бројот на ветеринарни техничари, бројот на животни и одгледувалишта, бројот на оператори со храна и оператори со храна за животни, пристапноста до одгледувалиштата во општината за која се пријавиле и други специфични критериуми утврдени со јавниот повик. Во претходниот систем едно ветеринарно друштво добиваше една епизотиолошка единица;
3) На јавниот повик ќе можат да учествуваат од ветеринарните служби на одгледувалиште;
4) Одгледувачите на животни имаат избор да склучат договор со доделеното ветеринарно друштво односно со друго овластено ветеринарно друштво по нивен избор;
5) Висината на услугите кои ќе ги вршат ветеринарните друштва ги определува Владата на Република Македонија.

Законот е усвоен и објавен во Службен весник на Република Македонија бр.123/2012 и е стапен на сила.

## II.2 Одделение за здравствена заштита на животните

## Бруцелоза и Туберкулоза кај говеда

Согласно Програмите за сузбивање и искоренување на бруцелозата и туберкулоза кај говедата во месец март 2012 година започнаа да се спроведуваат редовните годишни дијагностички испитувања за бруцелоза и туберкулоза кај говедата, додека ре-тестирањата на сите позитивни стада кај говеда континуирано се извршуваа во текот на годината. Во текот на 2013 година предвидено е ревидирање на постоечките програми за сузбивање и искоренување на Бруцелоза и Туберкулоза кај говедата.

Резултатите од спроведените дијагностички испитувања по години се дадени во табела 1 и 2.

***Табела 1:*** *Бруцелоза кај говедата-број на тестирани и позитвни животни и стада во 2010, 2011 и 2012 година*

| **година** | **Тетстирани животни** | **Позитивни животни** | **% од позитивни животни** | **Позитивни стада** | **Број на заклани животни** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2010** | 168.682 | 663 | 0,39% | 78 | 665 |
| **2011** | 147.615 | 225 | 0,15% | 66 | 229 |
| **2012** | 144.619 | 416 | 0,29% | 64 | 357 |

***Графикон 1:*** *Приказ на резултати од контрола на болеста Бруцелоза кај говедата*







***Табела 2:*** *Туберкулоза кај говедата-број на тестирани и позитвни животни и стада во 2010, 2011 и 2012 година*

| **години на** | **Број на пријавени сомнителни одгледувалишта** | **Тестирани животни** | **Позитивни животни** | **% од позитивните животни** | **Позитивни стада** | **Броја на заклани животни** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 687 | 178.838 | 393 | 0,22% | 230 | 382 |
| 2011 | 546 | 172.087 | 207 | 0,11% | 110 | 189 |
| 2012 | 213 | 167.506 | 240 | 0,14% | 119 | 164 |

***Графикон 2:*** *Приказ на резултати од контрола на болеста Туберкулоза кај говедата*







## <u>Бруцелоза кај овци и кози</u>

_Согласно Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овци и кози ("Службен весник на РМ" 46/2010) се спроведува имплементација на нова стратегија. Територијата на државата се подели на одреден број реони, т.е. епидемиолошки единици каде во зависност од статусот на болеста односно од присутноста на болеста на ниво на стада се имплементираат мерки на масовна вакцинација, вакцинација на подмладокот или тестирање и колење на возрасните животни.

Во текот на 2013 година предвидено е ревидирање на програмата за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овците и козите. Резултатите од имплементацијата на спроведените мерки согласно програмата се прикажани во табела 3.

***Табела 3****: Споредбен приказ на резултати од контрола на болеста Бруцелоза кај овци и кози од 2008 до 2012 година*

| **година** | **Тестирани стада** | **Позитивни стада** | **% од позитивни стада** | **Тестирани овци/кози** | **позитивни овци/кози** | **% позитивни овци/кози** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 5.820 | 636 | 10,93% | 626.748 | 16.052 | 2,56% |
| 2009 | 6.522 | 712 | 10,92% | 653.863 | 11.256 | 1,72% |
| 2010 | 5.312 | 171 | 3,22% | 422.752 | 2.865 | 0,68% |
| 2011 | 4.545 | 80 | 1,76 | 362.662 | 1.312 | 0,36% |
| 2012 | 3.889 | 16 | 0,41% | 296.561 | 112 | 0,04% |

*__Графикон 3:__ Приказ на резултати од спроведената контрола на болеста Бруцелоза кај овци и кози*







Како директен резултат од спроведените мерки за контрола на болеста кај животните, бројот на заболени луѓе од *Br.melitensis* е исто така видливо намален

*__Табела 4:__ Број на заболени луѓе од Бруцелоза*

| година | Број на заболени луѓе од Бруцелоза |
|---|---|
| 2008 | 485 |
| 2009 | 287 |
| 2010 | 163 |
| 2011 | 96 |
| 2012 | 82 |

*__Графикон 4:__ Приказ на број на заболени луѓе од Бруцелоза*



## Западно нилска треска- West Nile Fever

Во периодот од октомври до декември 2012 година, се превзедоа активности со цел утврдување на епидемиолошката состојба со болеста Западно Нилска треска кај домашната живина. Целта на мониторингот е да се утврди дали болеста Западно Нилска треска е присутна помеѓу популацијата на домашната живина во Република Македонија. Во мониторингот беа опфатени по две населени места од секоја општина (80). Мострите се испитаа во лабораторијата на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, каде од направените тестови утврдени се вкупно 36 позитивни единки од домашна живина.

Резултатите од мониторингот на живина на болеста Западно нилска треска спроведени во текот на октомври-декември 2012 година се прикажани во табела 5.

***Табела 5:*** *Преглед на резултати од спроведениот мониторинг на Западно Нилска треска*

| **Мостри крв од живина** | **Серолошко испитување_присуство на антитела** |
|---|---|
| Пристигнати | 774 |
| Несоодветни | 77 |
| Испитани | 697 |
| Позитивни | 36 |
| Сомнителни | 1 |
| Негативни | 661 |

## Беснило

Во текот на 2012 година во рамките на проектот (август 2010 до декември 2012) "Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на Acquis на Европската Унија во Р. Македонија", финансиран од инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА - 2008), се продолжи со спроведување на активности за зајакнување на контролата на беснило и класична чума кај свињите.

Како дел од мерките за контрола и искоренување на беснилото во Република Македонија реализирани се следните активности:

*Орална вакцинација на лисиците против беснило*

Оралната вакцинација на лисиците кои претставуваат резервоар и вектор за ширење на вирусот на беснило е единствен успешен начин на искоренување на беснилото кај дивите животни, а со тоа и за спречување на пренесувањето на болеста кај домашните животни и човекот. На овој начин, болеста е успешно

искоренета во сите земји на западна и средна Европа каде што таа била присутна (Франција, Германија, Австрија, итн.).

Европската Комисија покрај Македонија, во рамките на инструментот за претпристапна помош, финансиски поддржува слични проекти во шест други држави (Косово, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Албанија) од балканскиот регион за имплементација на програма за орална вакцинација на лисиците против беснило.

Програмата се состои од кампањи за орална вакцинација на лисиците против беснило кои се спроведуваат двапати годишно, во пролет и есен, во траење од најмалку пет години односно се додека за време од две последователни години не се потврди ниту еден случај на беснило, имајќи ја истовремено предвид епидемиолошката состојба во соседните земји.

Република Македонија започна со имплементација на програмата во мај 2011 година кога се реализираше првата кампања за орална вакцинација на лисиците против беснило.

Досега реализирани се три кампањи:

- Пролет 2011 година, во периодот: 19.05 - 09.06.2011 година;
- Есен 2011 година, во периодот: 11 - 31.10.2011 година и
- Есен 2012 година, во период: 19.10 - 03.11.2012 година.

Во периодот од 19.10-03.11, 2012 година се реализираше есенската (трета по ред) кампања за орална вакцинација на лисиците против беснило.

Во вакциналната кампања се употребени вакциналните мамци Fuschoral (SAD B19). Мамците беа тестирани за вирусен титар од страна на Paul Ehrlich Institute (Германија). Вкупно 528.000 вакцинални мамци беа доставени во Република Македонија и дистрибуирани во текот на кампањата.

Во текот на целиот процес беше вршен мониторинг на ладниот ланец (транспорт-складирање-достава до авионот) и за истиот е констатирано дека е соодветен. За имплементација на кампањата беа употребени три авиони од типот Cessna. Во текот на оралната вакцинација, авионите летаа во паралелни линии на 500-600 m оддалеченост помеѓу нив со следење на линијата на летање на вграден GPS систем. Мамците беа испуштени со употреба на SURVIS автоматски систем со предвидено исфрлување со густина од 21 мамец/$km^2$. Секој од фрлените мамци беа регистрирани со употреба на GPS системот, а податоците беа пренесувани на дневна основа од пилотите до АХВ. Фрлањето на мамците е стопирано во градовите, населени места со поголема густина на население и водни површини.

Есенската кампања во 2012 година беше на задоволително ниво. Просечната густина на дистрибуирани мамци беше 20,76 мамци/$km^2$ со стандардна девијација

(СД) од 8.31 мамци/ $km^2$ (Табела 1). СД на вредностите на густината беше со пониска вредност во есента 2012 за разлика од пролетната кампања во 2011 (12,77) што дава слика дека има подобрување во точноста и хомогеноста на густината на исфрлените мамци. Во табела 1 се сумирани податоците за кампањата за орална вакцинација.

***Мапа 1**: Општ преглед на густината на дистрибуција на мамците*



*Табела 6:* *Резиме од оралната есенска вакцинација во 2012 година*

| **Густина на мамките (бр.мамки/км$^2$)** | | | | | | **Број на квадратни километри (1км x 1км) (N)** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Регион | **Број на мамки** | **Средна** | **Макс** | **Мин** | **СД** | **Вкупно N*** | **N без мамки** | | **N со мамки** | **N 1 до 15 мамки/км$^2$** | | **N 15 до 20 мамки/км$^2$** | | **N 20 до 25 мамки/км$^2$** | | **N 25 до 30 мамки/км$^2$** | | **N 30 до 50 мамки/км$^2$** | | 
| Исток | 94.838 | 22.22 | 173 | 0 | 7.14 | 4269 | 9 | (<0.1) | 3132 | 100 | 3% | 173 | 6% | 2309 | 74% | 283 | 9% | 250 | 8% |
| Северо-Исток | 52.594 | 21.34 | 73 | 0 | 6.82 | 2465 | 102 | 4% | 2363 | 119 | 5% | 95 | 4% | 1841 | 78% | 200 | 8% | 95 | 4% |
| Пелагониј а | 109.329 | 22.01 | 101 | 0 | 9.29 | 4967 | 205 | 4% | 4762 | 278 | 6% | 440 | 9% | 3197 | 67% | 391 | 8% | 382 | 8% |
| Полог | 36.675 | 13.91 | 54 | 0 | 11.36 | 2637 | 919 | 35% | 1718 | 211 | 12% | 163 | 9% | 1060 | 62% | 172 | 10% | 109 | 6% |
| Скопје | 43.096 | 22.2 | 90 | 0 | 9.59 | 1941 | 106 | 5% | 1835 | 148 | 8% | 126 | 7% | 1104 | 60% | 218 | 12% | 202 | 11% |
| Југо-Исток | 63.171 | 21.35 | 66 | 0 | 5.85 | 2959 | 87 | 3% | 2972 | 120 | 4% | 126 | 4% | 2377 | 83% | 108 | 4% | 132 | 5% |
| Југо-Запад | 70.021 | 19.61 | 67 | 0 | 7.5 | 3571 | 297 | 9% | 3274 | 235 | 7% | 294 | 7% | 2392 | 73% | 205 | 6% | 144 | 4% |
| Вардар | 82.195 | 21.61 | 69 | 0 | 4.9 | 3804 | 67 | 2% | 3737 | 106 | 3% | 244 | 7% | 3000 | 80% | 226 | 6% | 154 | 4% |
| Цела Држава | **529.192 +4389*** | **20.76** | **173** | **0** | **8.31** | **25485** | **1792** | **7%** | **23693** | **1317** | **6%** | **1661** | **7%** | **17280** | **73%** | **1803** | **8%** | **1468** | **6%** |
| Есен 2011 | **514.168 +3597*** | **19.79** | **171** | **0** | **8.84** | **25987** | **2593** | **10%** | **23394** | **1669** | **7%** | **448 2** | **19%** | **11461** | **49%** | **426 2** | **18%** | **1451** | **6%** |
| Пролет 2011 | **543.458** | **21.62** | **394** | **0** | **12.77** | **25136** | **3909** | **16%** | **21227** | **3872 (18%)** | | | | **12960 (61%)** | | | | **4395 (21%)** | |

| Регион | **N над 50 мамки/км$^2$** | |
|---|---|---|
| Исток | 17 | (<0.1) |
| Северо-Исток | 13 | (<0.1) |
| Пелагониј а | 74 | 2% |
| Полог | 3 | (<0.1) |
| Скопје | 37 | 2% |
| Југо-Исток | 9 | (<0.1) |
| Југо-Запад | 4 | (<0.1) |
| Вардар | 7 | (<0.1) |
| Цела Држава | **164** | **(<0.1)** |
| Есен 2011 | **69** | **(<0.1)** |
| Пролет 2011 | | |

*Мамки дистрибуирани во населени места и водени површини

*Мониторинг на оралната вакцинација на лисиците против беснило*

По секоја реализирана кампања се спроведува пост вакцинален мониторинг заради контрола на успешноста на оралната вакцинација. Мониторингот се спроведува со испитување на одреден број соодветни мостри од застрелани лисици од вакцинираното подрачје. За таа цел, Агенцијата склучи договори со ловните друштва-концесионери на ловиштата во Република Македонија за застрелување на одреден број лисици (4 лисици на 100км$^2$ годишно или 2 лисици на 100км$^2$ по секоја кампања) и земање мостри за лабораториско испитување.

За одредување на стапката на конзумацијата на вакцинални мамки се врши детекција на тетрациклин во забите од застреланите лисици, додека за одредување на стапката на имунизација се врши детекција на присуство на антитела во крвта од застреланите лисици.

Резултатите од мониторингот потврдуваат дека кампањите се успешно реализирани но мора да се нагласи дека бројот на испитани мостри е помал од потребниот. Исто така во текот на 2011 и почетокот на 2012 година речиси од повеќе од 40% од ловиштата во Република Македонија воопшто не се испратени мостри за испитување. Тоа во еден дел се должи на тоа што за дел од ловиштата минатата година сеуште не беа доделени концесии за стопанисување но и на незадоволителната соработка со ловните друштва и органите надлежни за нивна контрола.

***Табела 7**: Резултатите од мониторингот на беснило*

| | Вкупно испитани | Позитивни | Негативни | % |
|---|---|---|---|---|
| Тетрациклин (прва кампања) | 77 | 29 | 48 | 38% |
| Тетрациклин (втора кампања) | 104 | 96 | 8 | 92% |
| Тетрациклин (трета кампања) | 266 | 249 | 17 | 94% |
| Антитела (прва кампања) | 45 | 4 | 41 | 9% |
| Антитела (втора кампања) | 25 | 14 | 11 | 56% |

*Зајакнување на капацитетите на лабораторијата при Факултетот за ветеринарна медицина Скопје*

Во националната референтна лабораторија во која во 2011 година како дел од националното учество во спроведувањето на горенаведениот проект беше набавена и инсталирана лабораториска опрема и потрошен материјал како и хемикалии и реагенси потребни за дијагностичко испитување на беснило и класична чума кај свињите во вредност од околу 200.000 евра беа валидирани нови дијагностички методи како тест за детекција на биомаркери, ЕЛИСА тест за серолошко испитување на мостри од лисици за детекција на присуство на антитела, тест за изолација и секвенционирање на вирусот на беснило и тест за одредување на титарот на антитела

против беснило по извршена вакцинација (FAVN тест). Исто така, Националната референтна лабораторија за дијагностика на беснило при Факултетот за ветеринарна медицина Скопје, редовно учествува на тестирањата за контрола на квалитетот на дијагностичките методи, организирани од Европските референтни лаборатории, на кои што забележува успешни резултати. Како резултат на успешната работа во изминатионт период, на 04.12.2012 година Европската Комисија донесе одлука (2012/752/ЕУ) со која од 01.01.2013 година Националната референтна лабораторија за беснило се овластува за изведување на серолошки тестови за контрола на ефикасноста на вакцинацијата против беснило кај кучиња, мачки и ласици кои ќе патуваат во земјите членки на Европската Унија.

*Зајакнување на надзорот на беснило*

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните и Правилникот за начинот и постапката за пријавување на беснило кај домашни и диви животни и мерки кои треба да се превземат за сузбивање и искоренување на беснилото ("Службен весник на РМ" бр.155/2012) лицата, ловните друштва-концесионери на ловиштата и националните паркови се обврзани да ги пријават сите застрелани, пронајдени угинати и диви животни кои покажуваат симптоми на беснило за испитување на присуство на вирусот на беснило.

Во периодот од 16.10.2011 до 31.01.2012 година во соработка со Државниот инспекторат за шумарство и ловство Агенцијата спроведе серија контроли на ловните друштва како и едукација на ловџиите за важноста на пријавувањето на сите застрелани, угинати, лисици удрени од возило и волци како и сите животни со сомнително (невообичаено) однесување, со цел детекција на вирусот на беснило. Истовремено беа дистрибуирани промотивни материјали во печатена и електронска форма како и опрема за земање мостри.

Благодарение на извршените контроли, кампањата за подигнување на јавната свест на пошироката јавност (што е беснило и како да препознаат и пријават животни со сомнително однесување) и реализираните обуки, на 26.07.2011 година Агенцијата за храна и ветеринарство го регистрираше првиот случај на беснило кај дивите животни (лисица). Досега регистрирани се вкупно осум случаи на беснило кај дивите животни во регионите на Велес, Виница, Гевгелија и Македонска Каменица и еден случај кај домашни животни, во регионот на Радовиш.

*Табела 8: Потврдени случаи на беснило во периодот од јули 2011 до денешен датум*

| Датум | Вид на животно | Населено место | Општина | Историја |
|---|---|---|---|---|
| 26.07.2011 | Лисица | Стари Град | Велес | Напад на куче врзано во селски двор, преку ден |
| 03.08.2011 | Лисица | Мартолци | Велес | Напад на куче врзано во селски двор, преку ден |
| 08.09.2011 | Волк | Истибања | Виница | Напад на куче врзано во селски двор, во текот на ноќта |
| 11.09.2011 | Волк | Истибања | Виница | Напад на куче врзано во селски двор, во текот на ноќта |
| 17.11.2011 | Лисица | Селемли | Гевгелија | Застрелана за мониторинг на оралната вакцинација (во текот на ноќта) |
| 30.11.2011 | Лисица | Дулица | Македонска Каменица | Пронајдена угината |
| 19.01.2012 | Волк | Бања | Чешиново-Облешево | Застрелан при редовни ловни активности |
| 23.02.2012 | Волк | Главовица | Кочани | Застрелан при редовни ловни активности |
| 02.03.2012 | Мачка | Јаргулица | Радовиш | Напад и повреда на сопствениците |

Во текот на 2012 година регистрирани се вкупно три случаи на беснило (два кај дивите и еден случај кај домашните животни).

*Мапа 2: Географски приказ на потврдените случаи на беснило*



Случаите на беснило се дијагностицирани во Националната референтна лабораторија за дијагностика на беснило при Факултетот за ветеринарна медицина Скопје, со примена на тестот на флуоресцентни антитела (FAT), тестот на изолација на вирусот на клеточни култури и тестот на полимеразна верижна реакција (PCR) и потврдени во Европската референтна лабораторија за дијагностика на беснило, Ансес во Франција, каде што со примена на техника на секвенционирање и филогенетска анализа, точно се утврди дека вирусот на беснило изолиран од примероците од позитивните животни во Македонија припаѓа на класичниот, див вирус на беснило. Воедно беше потврдено дека соевите на вирусот кои циркулираат во Македонија се идентични со соевите на вирусот на беснило кои циркулираат во Србија, Бугарија и Унгарија.

Исто така, евидентно е зголемувањето на бројот на испитани мостри за утврдување на болеста.

***Табела 9:*** *Број на испитани мостри за детекција на вирусот на беснило*

| **Вид на животно** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013*** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лисица** | 18 | 5 | 183 | 223 | 268 |
| **Волк** | 53 | 37 | 87 | 139 | 72 |
| **Куче** | 3 | 0 | 5 | 10 | 2 |
| **Друго** | 1 | 3 | 0 | 19 | 3 |
| **Вкупно** | **75** | **45** | **275** | **391** | **345** |

*Заклучно со 31.03.2013

*Национален комитет за контрола на беснило*

Во март 2012 година по потврдувањето на првиот случај на беснило кај домашните животни одржан е работен состанок на националниот комитет за контрола на беснило со цел информирање за најновиот развој на епидемиолошката состојба во врска со беснилото и координација на понатамошните мерки за контрола на болеста.

*Подигнување на јавната свест за беснило*

Во текот на 2012-та година продолжија активностите за подигнување на јавната свест во однос на беснилото во Македонија:

- во октомври се одржа прес – конференција;
- емитувани се ТВ и радио спотови за информирање на јавноста за почетокот на кампањата за орална вакцинација на лисиците против беснило и за начинот на препознавање и заштита од болеста;
- воспоставена е бесплатна телефонска линија (0800 32222) и интернет страна за беснило: www.besnilo.gov.mk;
- Одбележан е Светскиот ден на борба против беснилото - 28 Септември преку одржување прес-конференција на која е најавен почетокот на третата кампања

за орална вакцинација на лисиците против беснило и новиот начин на идентификација на домашните миленици со употреба на микрочип. На 30 септември во Градскиот парк во Скопје извршена е промоција на вакцинацијата на домашни миленици против беснило преку бесплатен преглед и совети од страна на доктори по ветеринарна медицина и доделување на купони за 50% попуст на вакцинација на кучиња и мачки.

*Обуки*

Последователно на обуките кои се спроведоа во текот на 2011-та година, во текот на 2012 година се реализираа серија обуки за различни целни групи инволвирани во контрола на беснилото:

- 09-13.01.2012, 13-17.02.2012 и 21-25.05.2012 година, одржани се обуки на персоналот инволвиран во дијагностика на беснило во националната лабораторија за дијагностика на беснило, за изолација на вирусот на беснило на клеточни култури, размножување и титрација на вирусот како и за методи за детекција на антитела против беснило.
- 18-26.10.2012 година, одржани се еднодневни обуки на ловните друштва, ветеринарните инспектори и ловните инспектори на тема "Моментална состојба во однос на беснило и класична чума кај свињите во Македонија и Балканскиот регион како и превземени мерки за контрола и ерадикација на истите". Обуките беа организирани регионално, во соработка со Државниот инспекторат за шумарство и ловство и Факултетот за ветеринарна медицина Скопје.

*Изготвување на подзаконски акти за контрола на беснило*

Донесен е Правилникот за начинот и постапката за пријавување на беснило кај домашни и диви животни и мерки кои треба да се превземат за сузбивање и искоренување на беснилото ("Службен весник на Република Македонија" бр. 155/2012).

*Планирани мерки*

Во наредниот период Одделението за здравствена заштита на животните ќе продолжи со спроведување на програмата за орална вакцинација на лисиците против беснило, мерки за зајакнување на системот на надзор кај дивите и домашните животни како и активности за олеснување на движењето на кучиња, мачки и ласици во рамките на Европската Унија со вклучување на Република Македонија на листата од дел Ц од Анекс 2 на Регулативата на Европската Комисија, (ЕС) број 998-2003, за условите кои се однесуваат на здравствената заштита за некомерцијално движење на домашни миленици.

## II.3. Одделение за планови за итни мерки

### 1. Авијарна инфлуенца

Согласно со Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2012 година (Службен весник на РМ бр. 54/2012) и Програмата за сузбивање и искоренување на авијарната инфлуенца (Службен весник на РМ бр.82/2007) се спроведе надзор на авијарна инфлуенца кај дивите птици со лабораториско испитување.
Активниот надзор за диви птици се спроведуваше во текот на ловната сезона во календарската година, согласно времетраењето на ловната сезона која е регулирана со Законот за ловство (Службен весник на РМ бр.26/2009) во периодот од 01 Февруари до 31 Март. Надзорот го спроведуваа ловните друштва, а официјалните ветеринари од подрачните едници беа одговорни за земање на брисови или цели трупови на птици кои беа заловени, убиени или најдени угинати. Материјалот беше испитуван во Националната референтна лабораторија, Факултет за ветеринарна медицина со тест на вирус изолација.
Во рамките на надзорот беа земени промероци од вкупно 40 птици од 7 локалитети на територијата на Република Македонија на кои престојуваат диви прелетни птици. Сите примероци испитани на Високо Патогена Авијарна Инфлуенца(ВПАИ) од подтипот H5N1 се негативни.

***Табела 10**: Надзор на авијарна инфлуенца кај диви птици*

| **Епизоотиолошко подрачје-локалитет** | **Број на птици од кои се земени примероци** |
|---|---|
| Битола | 12 |
| Ресен | 1 |
| Неготино | 7 |
| Кавадарци | 5 |
| Велес | 5 |
| Охрид | 4 |
| Скопје | 6 |
| Вкупно | 40 |

Во текот на 2013 година се планира продолжување на пасивниот и активниот надзор кај дивите птици на Авијарна инфлуенца.

### Класична чума кај свињите

Како дел од мерките за здравствена заштита на животните и контрола и искоренување на Класична чума кај свињите во Македонија во 2012 година реализирани се следните активности:

Во согласност со годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2012 година (Службен весник на РМ 54/2012) кај свињите се врши задолжително превентивна вакцинација на класична чума на целата територија на Република Македонија. Вакцинацијата на свињи се врши во текот на целата календарска година со атенуирана вакцина според упатството на производителот на вакцината, при што возрасните грла се вакцинираат еднократно, а прасињата двократно.

Изготвена е “Cost-benefit” анализа со која се направени проекции за превземање на понатамошни мерки за сузбивање и искоренување на Класичната чума кај свињите на територијата на Република Македонија во согласност со одредбите во Европската Унија каде болеста е целосно искоренета и превентивната вакцинација е забранета. Резултатите од оваа анализа треба да помогнат во донесување на одлуката во однос на мерките кои АХВ треба да ги превземе во иднина со цел овозможување на извозот на живи животни и производи од животинско потекло на пазарите на земјите членки на Европската Унија би бил возможен.

Врз основа на “Cost-benefit” анализата, односно на економските анализи на различните начини на вакцинација или невакцинација кај свињите беа донесени следните заклучоци:

- Вакцинација кај дивите свињи е скапа, а влијанието кое го има од неекономски аспект е незначително и неутрално и притоа е со несигурни резултати,
- Подобрување на вакциналната политика која сега е на сила не дава долгорочни гаранции и промена во актуелната состојба во Република Македонија
- Спроведување на систем за контрола на болеста без превентивна вакцинација и убивање на свињите во заболените одгледувалишта (како што е на сила во земјите членки на ЕУ) е директно поврзано и зависно од нивото на спроведување на системот за надзор и следливост, спремноста за итно регирање во случај на појава на болеста и имплементирање на повисоки биосигурносни стандарди на одгледувалиштата.

Најприфатлива препорака од економски аспект која воедно е и во согласност со политиката на земјите членки на Европската Унија е:

- Имплементација на систем за идентификација и регистрација на свињите во согласност со ЕУ стандардите;
- Подобрување на системот за надзор и следливост;
- Значително подобрување на биосигурносните услови на одгледувалиштата на свињи и воспоставување на биосигурносни стандарди,
- Подготвеност на АХВ соодветно да се справи со појава на жаришта на болеста,
- Престанок со вакцинација кај свињите на класична чума; и

- Евентуално, развој и имплементација на регионална стратегија за контрола на болеста кај домашните и дивите свињи.

*Надзор на класична чума кај дивите свињи*

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните и Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на класична чума кај свињите ("Службен весник на РМ" бр. 59/2012) ловните друштва се обврзани да ги пријават сите застрелани и угинати диви свињи за испитување на присуство на вирусот на класична чума кај свињите.

Во периодот од 16.10.2011 до 31.01.2012 година во соработка со Државниот инспекторат за шумарство и ловство Агенцијата за храна и ветеринарство спроведе серија контроли на ловните друштва како и едукација на ловџиите за важноста на пријавувањето и начинот на земање мостри од сите застрелани и угинати диви свињи. Истовремено беа дистрибуирани промотивни материјали во печатена и електронска форма како и опрема за земање мостри.

Благодарение на горенаведената активност како и на зајакнатата соработка со ловните друштва, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Државниот инспекторат за шумарство и ловство бројот на пријавени мостри за лабораториско испитување е значително поголем во споредба со претходните години.

**Табела 11:** Број на пријавени мостри за детекција на вирусот на класична чума кај диви свињи

| Ловна сезона | 2009/2010 | 2010/2011 | 2011/2012 | 2012/2013 |
|---|---|---|---|---|
| **Диви свињи** | 76 | 72 | 370 | 658 |

Сепак, бројот на мостри од серум за испитување на присуство на антитела кај застреланите диви свињи во ловната сезона 2012/2013 беше помал (346) од вкупно донесените мостри.

***Мапа бр. 4:*** *Број на испитани мостри од диви свињи по општини*




На присуство на антиген беа испитани 650 мостри од органи, додека на антитела се испитани 346 мостри серум (бројот на мостри серум беше помал од вкупниот број донесени мостри на органи). Две мостри серум дадоа позитивен резултат (Струмица и Валандово) додека сите 650 мостри од органи дадоа негативен резултат со ПЦР техниката. Врз основа на добиените резултати може да се тврди со 95% сигурност дека во периодот на извршеното испитување вирусот на класична чума кај свињите не циркулирал кај повеќе од 5% од популацијата на диви свињи во Македонија.

Позитивните резултати на антитела се добиени од застрелани диви свињи во ловишта кои граничат со територијата на Република Бугарија. Треба да се нагласи дека во тие региони, ветеринарната служба на Република Бугарија спроведува орална вакцинација на дивите свињи. Со оглед дека не може да се изврши диференцијација на антителата добиени од вакцинација или од инфекција со див вирус, не може да се донесе краен заклучок дали позитивните случаи се од некоја претходна инфекција или од извршена вакцинација на животните во Република Бугарија кои потоа ја преминале границата.

*<u>Обуки</u>*

Од 18.06.2012 до 29.06.2012 година во рамките на горе наведениот проект беше реализирана обука во делот на здравствена заштита на животните наменета за официјалните ветеринари. Во оваа обука беа опфатени повеќе теми меѓу кои и:

официјални контроли на здравствената состојба на животните, итна реакција и официјални контроли при класична чума кај свињите, сертификација и др.

Во периодот од 18-26.10.2012 година, одржани се еднодневни обуки на ловните друштва, ветеринарните инспектори и ловните инспектори на тема "Моментална состојба во однос на беснило и класична чума кај свињите во Македонија и Балканскиот регион како и превземените мерки за контрола и ерадикација на истите". Обуките беа организирани регионално, во соработка со Државниот инспекторат за шумарство и ловство и Факултетот за ветеринарна медицина Скопје.

*Подигнување на јавната свест за класична чума кај свињите*

Изготвени се брошури за одгледувачите на домашни свињи за ризикот од појава на болеста и мерките за превенција меѓу кои редовната вакцинација и зајакнувањето на биосигурносните мерки на одгледувалиштата.

*Изготвување на подзаконски акти за контрола на класична чума кај свињите*

Донесен е правилник за мерки за сузбивање и искоренување на класична чума кај свињите (Службен весник на РМ бр. 59/2012) усогласен во целост со 32001L0089. Изготвени се План за итни мерки за класична чума кај свињите и Оперативен прирачник за класична чума кај свињите кои треба да бидат донесени во првата половина на 2013 година. Во работна форма е дијагностички прирачник за класична чума кај свињите кој треба да биде донесен во 2013 година.

*Изготвување на други подзаконски акти*

Донесен е правилник за мерки за сузбивање и искоренување на африканска чума кај свињите (Службен весник на РМ бр. 91/2012).

Во текот на 2013 година предвидено е донесување на дијагностички прирачници за Африканска чума кај свињите и Авијарна инфлуенца кои ќе бидат целосно транспонирани и усогласени со ЕУ acquis

## II.4. Одделение за заштита и благосостојба на животните

Во текот на 2012 година се спроведени следните активности во поглед на заштитата и благосостојбата на животните:

1. Во регистарот се впишани 21 живинарска фарма на кои им е доделен регистарски број на одгледувалиште, односно производен код.
2. Изготвени се стандардни оперативни процедури за ИСО стандардизација во поглед на заштита и благосостојба на животните.
3. Во текот на 2012 година е изработен и Предлог Закон за закон за измена и дополнување на законот за заштита и благосостојба на животните. Законот се наоѓа во процедура за усвојување и е пратен во секретаријатот за законодавство на мислење.
4. Изработен е правилник за начинот на регистрација, формата и содржината на образецот на барањето за регистрирање на одгледувалишта, формата и содржината на картата за идентификација на одгледувалиштето, начинот на пријавување и евидентирање на промените на одгледувалиштето, видовите на други животни како и начинот и постапката за идентификација и регистрација на други видови животни. Правиникот е на сила и е објавен во Службен весник на Република Македонија број 24/13.
5. Во месец Март 2012 година е организирана дво неделна обука за официјалните ветеринари во поглед на заштитата и благосостојбата на животните.
6. Тековно се издавани потврди и мислења за ИПАРД програмата, согласно договорот за соработка помеѓу АХВ И АФПЗРР.
7. Регистрирани се прифатилишта за кучиња скитници и нерегистрирани кучиња во: Куманово, Велес, Виница, Неготино и Делчево.
8. Природно Математичкиот Факултет-Скопје е регистриран како институција корисник која врши експерименти со животни. .

## II.5. Одделение за државна ветеринарна инспекција за здравствена заштита и благосостојба на животните

Активностите реализирани во текот на 2012 година се прикажани по табели:

**Табела 12:** Управни постапки

| | по Закон за ветеринарно здравство | по Закон за благосостојба на животните | по Закон за Идентификација и регистрација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Записници | 3.655 | 148 | 4.717 | 8.520 |
| Решенија | 779 | 54 | 455 | 2.288 |
| Порамнување | 17 | 5 | 98 | 120 |
| Мандатни казни | 1 | 8 | 5 | 14 |
| Едукација | 92 | 16 | 175 | 283 |
| Прекршочни пријави | 15 | 7 | 7 | 29 |
| Кривични пријави | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Заклучоци | 213 | 5 | 335 | 553 |
| **Наплатени глоби во буџетот: 522.474.00денари.** | | | | |

**Табела 13:** Податоци за дијагностички испитувања

| **Број на испратени мостри за дијагностичко испитување** | |
|---|---|
| ТСЕ | 42 |
| Салмонелоза | 185 |
| Болести на риби | 4 |
| Американска чума | 74 |
| Ноземоза | 2 |
| Трихинелоза | 23 |
| Њукастелска болест | 76 |
| Антракс | 9 |
| Клостридии | 3 |
| Хламидиоза | 6 |
| Болест (миксоматоза,туларемија ихеморагија) | 1 |

**Табела 14:** Број на животни по врсти при извоз од Македонија и број на издадени сертификати за извоз на животни

| Вид на животни | Количина/број | Издадени сертификати |
|---|---|---|
| Коњи | 23 | 11 сертификати |
| Говеда | 3.102 | 134сертификати |
| Свињи | 6.243 | 22 сертификати |
| Мачки | 16 | 16 сертификати |
| Кучиња | 187 | 178сертификати |
| Желки | 4.425 | 10 сертификата |
| Птици | 2.407.850 | 250 сертификати |
| Диви животни | 15 | 7 сертификати |
| Овци | 10 | 2 сертификата |
| Кози | 18 | 2 сертификата |
| Полжави | 1.000.000 | 1 сертификат |
| Јајца за инкубација | 105.840 | 3 сертификати |

**Табела 15:** Број на животни по врсти при увоз во Р.Македонија

| Вид | Број |
|---|---|
| Свињи | 43 |
| Коњи | 2 |
| Говеда | 483 |
| Кучиња | 2 |
| Мачки | 2 |
| Риби | 55.324 |
| Птици | 284.438 |
| Дивеч | 372 |
| Стаорци | 10 |
| Гуштери | 7 |
| Полжави | 553 |
| Икра | 1.600.000 |

**Табела 16:** Контроли во внатрешен промет

| **Живи животни** | | **Сточни пазари** | |
|---|---|---|---|
| Записници | 43 | Записници | 173 |
| Решенија | 25 | Решенија | 1 |
| Покренати казнени постапки | 13 | | |

**Табела 17:** Податоци за ветеринарни друштва

| **Број на ново регистрирани ветеринарни друштва** | | |
|---|---|---|
| Клиники | | 6 |
| Амбуланти | | 31 |
| Ветеринарна служба на одгледувалиште | | 4 |
| ВКУПНО: | | 41 |
| Број на издадени овластувања за активности од областа на здравствената заштита по член 40а | | 27 |
| **Контрола на регистрирани ветеринарни друштва** | | |
| Записници | Решенија | Покренати казнени постапки |
| 797 | 122 | 3 |

**Табела 18:** Податоци во однос на сертификати

| **Број на задолжени/издадени сертификати, остварени и уплатени средства во Буџетот на РМ од страна на ветеринарните друштва** | |
|---|---|
| Број на котроли | 259 |
| Број на задолжени сертификати(кочани) | 518 |
| Број на издадени сертификати(кочани | 895 |
| Вкупно остварен приход | 16,348,869.00 ден |
| Уплатени средства во Буџетот на Р.М | 5,227,146.00 ден |

## II.6. Одделение за идентификација и регистрација на животните

Со оглед дека воспоставениот систем за идентификација и регистрација (ИР) на говедата, овците и козите покажа низа недостатоци во досегашното функционирање, работата на Одделението за идентификација и регистрација на животните во текот на 2012 година беше главно насочена кон подготовка на нов систем за ИР на животните со што би се овозможила полесна и поефикасна имплементација. Во рамките на таа подготовка беа завршени повеќе активности кои се сумирани подолу.

*Законска рамка за имплементација на системот за идентификација и регистрација на животните*

1. Закон за идентификација и регистрација на животните кој е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 95 од 26.07.2012 година.
2. Правилник за формата и содржината на барањето за неодобрување на барањето за овластување на одгледувачите на говеда, овци и кози и свињи за вршење на апликација на средствата за идентификација на животните и внесување на податоците во електронската база на податоци исклучиво на животните од своето одгледувалиште односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за овластување на одгледувачите на говеда, овци и кози и свињи за вршење на апликација на средствата за идентификација на животните и внесување на податоците во електронската база на податоци исклучиво на животните од своето одгледувалиште (Службен весник на Република Македонија бр. 140 од 8.11.2012 година);
3. Правилник за формата и содржината на поканата за едукација и начинот на спроведување на едукацијата (Службен весник на РМ, бр. 140 од 8.11.2012 година);
4. Правилник за формата и содржината на барањето за неодобрување на барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животните односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животните (Службен весник на Република Македонија бр. 140 од 8.11.2012 година);
5. Правилник за начинот и постапката за идентификација и регистрација на копитари (Службен весник на Република Македонија бр. 158 од 14.12.2012 година);
6. Правилник за обврските и условите кои треба да ги сполнуваат правните лица за ставање во промет на средствата за идентификација на животни во однос на просториите, опремата, како и условите и роковите за ставање во промет на средства за идентификација (Службен весник на Република Македонија бр. 18 од 1.2.2013 година);
7. Правилник за овластените одгледувачи за системот за идентификација и регистрација на животните (Службен весник на Република Македонија бр. 18 од 1.02.2013 година);

8. Правилник за идентификација и регистрација на домашните миленици (Службен весник на Република Македонија, бр. 18 од 1.02.2013 година); и
9. Правилник за начинот на регистрација, формата и содржината на образецот на барањето за регистрирање на одгледувалишта, формата и содржината на картата за идентификација на одгледувалиштето, начинот на пријавување и евидентирање на промените на одгледувалиштето и одгледувачот како и видовите на други животни (Службен весник на Република Македонија бр. 24 од 15.02.2013 година).

Во дополнение на веќе објавените законски и подзаконски акти подготвени се и нови правилници за идентификација и регистрација на говеда, овци и кози, свињи и пчели кои ќе бидат објавени во текот на првата половина на 2013 година.

*Развој на нова електронска база на податоци*

Во текот на 2012 година Агенцијата за храна и ветеринарство започна со развој на нова електронска база на податоци за потребите на системот за ИР на животните. Одлуката за развој на целосно нова база на податоци беше донесена поради утврдени низа на недостатоци во работата на постоечката база, односно:

1. Неусогласеност со принципите утврдени со новиот Закон за идентификација и регистрација на животните и Законот за ветеринарно здравство односно можност за промена на надлежност на ветеринарно друштво на ниво на одгледувалиште.
2. Нови работни процедури пропишани со цел да ја зголемат ефикасноста на системот за ИР на животните како поедноставување на процедурите, употреба на унифицирани документи, можност ветеринарните друштва да издаваат пасоши за говеда и други документи, можност одгледувачите сами да внесуваат податоци за своите животни, итн.
3. Неефикасно функционирање и успорена работа на старата база на податоци при што за внос и обработката на податоци беше потребно многу време.
4. Непостоење на преддефинирани извештаи од старата база на податоци, односно можност за екстракција на извештаи само со посебни тнр. кверија за што се потребни посебен софтвер и познавање на посебни комјутерски вештини што недостасуваше во Агенцијата за храна и ветеринарство.
5. Грешки во старата апликација како на пр. нефункционирање на модулот за вршење тнр. онспот контроли за овци и кози, проблеми со генерирање на пасоши за говеда, итн.
6. Нејасен изворен код на старата апликација и база на податоци и соодветна документација со што одржувањето на базата е практички невозможно.
7. Други помали или поголеми проблеми.

За да се надминат наведените проблеми, беа потребни значителни промени во старата апликација и база на податоци. Поради тоа, но и поради укажаната можност да се развие целосно интегриран пристап и да се развие единствена апликација за ИР на животните (вклучувајќи ги и свињите, пчелите како и другите видови животни) и

здравствена заштита на животните со што се овозможува целосна и континуирана комуникација на сите податоци од областа на ветеринарната медицина, АХВ одлучи наместо да пристапи кон прилагодување на старата апликација и база на податоци да развие нов интегриран пристап со спојување на апликациите за ИР и здравствена заштита на животните. Покрај податоците за одгледувалиштата на говеда и овци и кози, во новата база на податоци се интегрирани модули за ИР на свињи, пчели и други видови животни. Податоците од старата база на податоци се мигрирани во новата со што е овозможено континуирано функционирање на системот за ИР.

Со развојот на новата база на податоци за ИР на животните овозможено е спроведување на новите утврдени процедури и надминати се сите утврдени недостатоци од претходната база на податоци.

Од техничка гледна точка новото решение работи над најновата верзија на Oracle (Oracle 11г) која се смета за најшироко прифатена платформа за бази на податоци во светот и ги подржува сите најшироко распостранети Web прегледувачи (Chrome, Firefox, Opera, Safari, IE) како и овозможува паралелно користење од голем број на корисници што всушност и се очекува со новиот начин на распределба на надлежноста на ветеринарните друштва.

Базата на податоци за ИР на животните е целосно развиена, извршено е опсежно тестирање на функционалноста и издржливоста, по што истата на 28.02.2013 година е пуштена во продукција.

*Промени во процедурите за имплементирање на систем за идентификација и регистрација*

Во насока на подобрување на системот за ИР, односно негова децентрализација и спуштање на ниво поблиско до крајните корисници, спроведени се следните активности:

- Овластување на надлежните ветеринарни друштва за печатење пасоши и карта за идентификација на легитимација;
- Делегирање на дистрибуција на сите печатени материјали кои се користат во Системот за ИР до Ветеринарната комора на Република Македонија;
- Овластување на правни лица кои ќе вршат набавка и дистрибуција на средствата за идентификација на овластените ветеринарни друштва;
- Овластување на одгледувачи од страна на АХВ кои ќе можат да вршат апликација на средствата за идентификација и внесување на податоци во електронската база на податоци за животните на своите одгледувалишта; и
- Унифицирање на сите документи кои се користат во системот за ИР со цел за полесно раководење од страна на сите учесници во системот.

За несметано функционирање на системот за ИР, Одделението за идентификација и регистрација на животните изврши презентација и обука на сите предвидени учесници односно: 121 одгледувачи од комерцијалните одгледувалишта на свињи;

- 44 официјални ветеринари;
- 41 ветеринарни друштва;
- 13 ветеринарни служби на одгледувалиште;
- 10 добиточни пазари; и
- 13 кланици.

*<u>Идентификација и регистрација на одгледувалишта на пчели</u>*

Во рамките на спроведувањето на законските одредби за регистрација на одгледувалишта на пчели, во текот на 2012 година се започна со регистрација на сите одгледувалишта на пчели како и спроведување на предвидениот пописна 15 мај и 15 октомври.

*<u>Спроведување контроли на одгледувалишта за говеда</u>*

Резултатите од извршените тнр. онспот контроли на одгледувалишта за говеда се претставени во следната табела:

***Табела 19**: Извршени онспот контроли*

| Год. | Задад. онспот контр. | Изврш. онспот контр. | Неажурни одгледувал. | % на неажурни одгледувал. | Издад. решение | Казнени мерки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 4.191 | 3.390 | 1.090 | 32% | 1.257 | 136 |
| 2011 | 3.535 | 3.111 | 1.565 | 50% | 1.548 | 204 |

Од контролата, јасно се гледа дека процентот на одгледувалишта каде системот за ИР на говедата нецелосно е спроведен согласно законските прописи сеуште е неприфатливо висок. За таа цел, во текот на 2013 година ќе бидат спроведувани засилени контроли на терен кои покрај говедата ќе бидат опфатени и овците и козите. За полесно и автоматизирано утврдување на несообразноста на одгледувалиштата од голема помош ќе бидат и извештаите и деталниот преглед на одгледувалиштата овозможени со новата електронска база на податоци.

*<u>Број на регистрирани одгледувалишта и животни во Република Македонија</u>*

Податоци од базата на податоци за ИР на говеда, овци и кози, комерциални одгледувалишта на свињи (повеќе од 100 свињи) и пчелни семејства се прикажани во табелите подолу.

*Табела 20:* *Бројна состојба на говеда и одгледувалишта на говеда*

| Говеда | | | |
|---|---|---|---|
| Година | Вкупен број на одгледувалишта | Вкупн број на говеда | Вкупен број на заклани говеда |
| 2012 | 40.916 | 261.073 | 5.005 |
| 2011 | 41.682 | 267.911 | 6.492 |
| 2010 | 41.836 | 255.491 | 7.096 |

*Табела 21:* *Бројна состојба на овци/кози и одгледувалишта на овци/кози*

| Овци/кози | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Год. | Број на одгледувалишта | Број на овци/кози | Број на заклани овци/кози со ушни маркици со број на одгледувал. | Вкупен број на заклани овци/кози со индивидуален број на ушна маркица | Вкупен број на заклани овци/кози |
| 2012 | 9.336 | 785.960 | 184.671 | 143.803 | 328.784 |
| 2011 | 10.497 | 809.960 | 236.856 | 23.021 | 259.877 |
| 2010 | 12.684 | 828.941 | 183.292 | 18.303 | 201.595 |

*Табела 22:* *Бројна состојба на свињи и одгледувалишта на свињи*

| Проценет број на свињи во "комерцијалните" свињарски одгледувалишта | |
|---|---|
| Број на одгледувалишта | Вкупен капаците на свињи во овие одгледувалишта |
| 120 | 240.000 |

*Табела 23:* *Бројна состојба на пчелни семејства и пчеларници*

| | **Број на пчеларници** | **Број на пчелни семејства** |
|---|---|---|
| немаат извршен попис | 72 | 0 |
| од 1 до 10 | 187 | 1.296 |
| од 11 до 20 | 395 | 6.747 |
| од 21 до 50 | 1.556 | 57.113 |
| од 51 до 100 | 774 | 54.632 |
| од 101 до 150 | 168 | 20.407 |
| од 151 до 201 | 43 | 7.601 |
| над 201 | 26 | 6.991 |
| Вкупно | 3.221 | 154.787 |

*Предвидени активности за ИР во 2013 година*

1. Во 2013 година активностите во однос на ИР на животните ќе бидат најмногу насочени кон:Засилени контроли во однос на спроведување на системот за ИР на говеда и овци и кози;
2. Имплементација на системот за идентификација и регистрација на свињи (регистрација на одгледувалишта и движењата на свињите од нивните одгледувалишта);
3. Развој на електронска база за домашни миленици;
4. Имплементација на систем за ИР на домашни миленици;

Крајната корист од целосното и ефикасно спроведување на системот за ИР на животните се огледа во:

- Заштита на здравјето на животните и луѓето;
- Безбедност на храната (следливост преку концептот од одгледувалиште до трпеза);
- Стекнување на доверба кај потрошувачите;
- Конкурентност на производите од животниско потекло на домашниот и меѓународниот пазар;
- Поддршка на сточарството; и
- Контрола на здравствениот статус на домашните миленици и кучиња скитници.

# III. СЕКТОР ЗА ЈАВНО ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО

## III.1. Одделение за безбедност на храна од животинско потекло

**Националниот мониторинг план за контрола на резидуи од одредени супстанции, ветеринарни лекови и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло за 2012 година**

Според обврските од Законот за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија 157/2010) во периодот јануари – март изготвен е Националниот мониторинг план за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарат, пестициди и контаминенти во живи животни и во храната од животинско потекло во Република Македонија за 2012 година.

Со планот е предвидено земање на вкупно 1155 броја мостри од живи животни и суровини од животинско потекло кој план се спроведе во текот на 2012 година.

Во периодот април 2012 до јануари 2013 година извршена е евалуација на спроведување на планот при што се утврди дека не постојат значителни присуства на резидуи од ветеринарно медицински препарат, пестициди и контаминенти во живи животни и во храната од животинско потекло. Како резултат на спроведениот мониторинг од земените мостри утврдени се само 14 мостри кои дадоа наоди кои ги надминуват предвидените лимити: (4 диви свињи од кои 2 олово позитивни, 1 кадмиум , 1 жива во Делчево, Кр.Паланка, Охрид, Дебар), 6 ситен дивеч позитивни на олово 2 гулаб, потполошка, гривнеж, сојка, див зајак во Велес, Куманово, Пробиштип, Св.Николе) 3 кр.млеко позитивни на олово во Прилеп, Струмица, Битола, 1 свиња позитивно на кадмиум во Велес).

Во случаевите на неусогласености, како корективни мерки се спроведени дополнителни мострирања од место на потекло и пошироката околина на потеклото вклучувајќи и други животински производи. Дополнителното мострирање имаа за цел утврдување дали се работи за контаминирано подрачје или случајот е изолиран. Во случај на утврдување на контаминација на подрачје, официјалниот ветеринар забранува употреба на внатрешни органи од заклани животни за човечка употреба, а се информира и министерството за животна средина.

Во случајот на присуство на олово во млекото,како и присуството на кадмиум кај свиња извршено е дополнително мострирање на млеко, внатрешни органи и добиточна храна како и информирање и министерството за животна средина.

Прегледот на реализација на националниот мониторинг план за контрола на резидуи за 2012 година по П.Е. е даден во Прилог 1.

**<u>Национален контролен план за намалување  на присуството на салмонелозата кај кокошките (Gallus Gallus) во Република Македонија</u>**

Во рамките на на Национален контролен план за намалување  на присуството на салмонелозата кај кокошките (Gallus Gallus) во Република Македонија во соработка со Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните тековно е следена неговата реализација со ажурирање на регистерот на живинарски фарми и евиденцијата за спроведен мониторинг во фармите.

Моментално, во Република Македонија постојат 116 живинарски фарми опфатени со Националната мониторинг програма кои се предмет на мониторинг.

**<u>Регистрација на објекти и оператори со храна од животинско потекло</u>**

Според обврските од Законот за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија 157/2010) тековно се води и се врши упис во регистерот на оператори и објекти со храна од животинско потекло, за што се издадени и изводи за нивна регистрација. Тековниот и  ревидиран регистерот на оператори со храна е објавен на страната на АХВ со вкупно регистрирани 311 оператори.

**<u>Регистрација на правни лица увозници на храна од животинско потеко</u>**

Според обврските од Законот за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија 157/2010) по барање на правните лица увозници на  храна од животинско потекло постапено по  112 предмети и извршен упис во регистерот на правни лица увозници на храна од животинско потекло, за што се издатени и изводи за нивна регистрација. Тековниот и  ревидиран регистерот на регистер на увозници на храна од животинско потекло е објавен на страната на АХВ со вкупно регистрирани 306 увозиници на храна од животинско потекло.

**<u>Одобрување на објекти и оператори со храна од животинско потекло</u>**

Во 2012 година доставени се вкупно 89 барања за одобрување на оператори со храна и објекти за производство, преработка и манипулација со производи од животинско потекло и истовремено е постапено по истите.

Согласно обврските од Законот за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија 157/10, 53/11, 1/12) по поднесените барања  за одобрување на објекти и оператори со храна   постапено е следново :

- 65 поднесени барања за одобрување на оператор со храна и објект за производство, преработка и манипулација со производи од животинско потекло.

  Постапувајки по поднесените барања:

- издадени се 31 решение за трајно одобрување на објекти и оператори со храна и тоа:

  а) 7 решенија за одобрување на објекти за преработка на млеко

  б) 11 решенија за одобрување на објекти – ладилници

  в) 7 решенија за одобрување на објекти за месо преработка

  г) 6 решенија за одобрување на објекти за сортирање и пакување на јајца.

  Од наведените решенија за локализирана активност одобрени се 3 објекти и тоа: 2 објекти за месопреработка и за преработка на млеко. Исто така 2 објекти за преработка на млеко и производство на производи од млеко - со традиционални карактеристики се трајно одобрени.

- издадени се 34 времени решенија за одобрување на објекти и оператори со храна и 11 решенија за продолжување на времените решенија за оператори со храна и објекти за производство, преработка и манипулација со производи од животинско потекло и тоа за :

  а) 1 објект – кланица за колење на живина

  б) 9 објекти за преработка на млеко

  в) 2 објекти – ладилници

  г) 1 објект - за подготовки од месо

  д) 3 објекти за месо преработка

  ѓ) 1 објект за преработка на риба

  е) 17 објекти за за сортирање и пакување на јајца.

- Одбиени барања за одобрувања на објекти и оператори со храна за 2012 година се вкупно 19, со издадени решенија за одбивање на поднесено барање за одобрување со издадено мислење за одбивањето.

- Во 2012 година изработени се 3 решенија за укинување на одобренија на оператори со храна и објекти за производство, преработка и манипулација со производи од животинско потекло .

**<u>Преструктурирање (унапредување) на објектите и операторите со храна од животинско потекло согласно критериумите и барањата на новата законска регулатива усогласена со критериумите и барањата на Европската Унија,</u>**

Во врска со преструктурирањето (унапредувањето) на објектите и операторите со храна од животинско потекло согласно критериумите и барањата на новата законска регулатива усогласена со критериумите и барањата на Европската Унија, Агенцијата за храна и ветеринарство продолжи со спроведувањето на предвидените активности.

Изготвена е Уредба за начинот на спроведување на постапката на преструктуирање на објектите и операторите со храна од животинско потекло, моделот на барања и роковите за спроведување на активностите на постепено унапредување на објектите кои не се во сообразност со прописите за безбедност на храна и ветеринарно здравство, и истата во моментот е во постапка на донесување. Со Уредбата се дефинира начинот на спроведување на постапката на преструктурирање на објекти и оператори со храна од животинско потекло во Република Македонија кои се одобрени согласно прописите од ветеринарното здравство пред 1 јануари 2008 година, со цел да ги исполнат релевантните прописи за безбедност на храна и ветеринарно здравство (стандарди на ЕУ), и со тоа постепено унапредување на состојбата во секторот на прехранбената индустрија во делот на храна од животинско потекло. Согласно горенаведеното во процедура на преструктурирање влезени се вкупно 276 објекти, извршена е нивна прелиминарна оцена со посета на лице место и добивање на основните податоци за објектите – оператори со храна. Прелиминарниот формулар е пополнет од страна на официјалните ветеринари во подрачните единици, со асистенција на члновите на работната група за спроведување на постапката на преструктурирање на правните лица оператори со храна од животинско потекло, согласно критериумите и барањата на Европска Унија формирана од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство,.

Во текот на 2012 година со цел утврдување на степенот на усогласеноста со прописите за безбедност на храната и придржување кон планот за унапредување на објектите доставени од страна на операторите со храна по претходно извршена категоризација на истите, работната група за спроведување на постапката на преструктурирање изврши контрола на лице место на репрезентативен број на објекти и оператори со храна.

Согласно спроведените активности, на 129 објекти - оператори со храна од животинско потекло одобрени за работа според националната легислатива пред 01.01.2008 година им се повлечени одобренијата за работа (поради претходно престанување со работа, потоа поради тоа што со наведениот закон нивната дејност на работа не подлежи на процес на одобрување или поради забрана на вршење на дејност од АХВ). Исто така, во меѓувреме поради променети градежно/техничко/технолошки услови за работа, 17 објекти оператори со храна од животинско потекло се преодобрени според Законот за ветеринарно јавно здравство, односно Законот за безбедност на храна.

Останатите 130 објекти – оператори со храна од животинско потекло, влегуваат во процесот на преструктуирање, од кои 7 објекти - оператори со храна од животинско потекло моментално се во фаза на преодобрување. Во 2012 година во процедурата на одобрување на објекти и оператори со храна 5 објекти и оператори со храна се преодобрени кои првенствено биле одобрени пред 2008 година.

Во **прилог** е даден преглед на последната состојба од преструктурирањето со моменталната категоризацијата на објектите и операторите со храна од животинско потекло

*Табела: преглед моменталната категоризацијата на објектите и операторите со храна од животинско потекло*

| **Секција** | **Вид на објект** | **Објекти одобрени пред 01.01.2008 год** | **Објекти кои подлежат на преструктуирање - (категоризација) состојба Јануари 2013** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **B I** | **B II** | **BIII** | **B IV** | **A** |
| 0 | Објекти со општа активност | 67 | 43 | 11 | 16 | 13 | 1 | 2 |
| I | Месо од домашни чапункари | 26 | 14 | 2 | 5 | 3 | | 4 |
| II | Месо од живина и зајаци | 2 | 1 | | | 1 | | |
| V | Мелено месо, подготовки од месо, МОМ | 1 | 1 | | | | 1 | |
| VI | Производи од месо | 52 | 24 | 5 | 7 | 9 | 2 | 1 |
| VIII | Риба и производи од риба | 2 | 1 | | 1 | | | |
| IX | Свежо млеко и производи од млеко | 92 | 41 | 8 | 12 | 16 | 4 | 1 |
| X | Јајца и производи од јајца | 4 | 2 | 1 | | | | 1 |
| XI | Жабји батаци и полжави | 2 | 1 | | | | | 1 |
| | Објекти кои не се опфатени со Рег.2004/853) | 23 | | | | | | |
| | Мед | 5 | 2 | 1 | | 1 | | |
| | **Вкупно:** | 276 | 130 | 28 | 41 | 43 | 8 | 10 |

## II.2. Одделение за квалитет на храна од животинско потекло

Согласно одредбите од Законот за квалитет на земјоделските производи (Службен весник на Република Македонија бр. 140/10, 53/11 и 55/12) Агенцијата за храна и ветеринарство е орган на државната управа надлежен за спроведување на контролата на квалитетот на производите од животинско потекло. Законот за квалитет на земјоделските производи во поедини сегменти се надополнува со Законот за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија бр. 157/10, 53/11 и 1/12) со што се заокружува правната рамка за уредување на секторот за квалитет и безбедност на храната и претставува основ за негово понатамошно оспособување и поинтензивен развој.

Со усвојувањето на Законот за квалитет на земјоделските производи се изврши транспонирање на релевантните ЕУ акти со кои се врши уредување на пазарите на земјоделски производи и прехрамбени продукти, како и на производите со заштитена ознака на потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет во националното законодавство.

Во текот на 2012 година Законот за квалитет на земјоделските производи беше изменет и дополнет (Службен весник на Република Македонија бр. 55/12) при што во доменот во кој е засегната Агенцијата за храна и ветеринарство се воведоа дополнителни одредби за претпакувано месо од живина и негова класификација, начинот на вршење на контрола на квалитетот на јаца и месо од живина, анализа и суперанализа на примероци, како и начинот на апликација и доделување на решение за овластување на лаборатории за вршење на анлиза и суперанализа на јаца и месо од живина.

Инспекциски надзор на одредбите на Законот за квалитет на земјоделските производи за земјоделските  и прехранбените производи заштитени со ознака на потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет кои се ставаат во промет врши  Државниот инспекторат за земјодество, поради што Агенцијата за храна и ветеринарство се јавува единствено како орган надлежен за спроведување на службените контроли во доменот на безбедност на овие производи и заштита на правата на потрошувачите. Претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство зема учество во Обука  "Шеми за квалитет" - референца: EAHC/2010/BTSF/02 организаторана од: *Euro Consultants* и финансирана од *the European Commission – Executive Agency for Health and Consumers* - Better Training for Safer Food Programme со цел координација на активносите со другите органи и институции на државната управа во овој сегмент и подигање на нивото на знаење и спречување на пракси на измама на потрошувачите или прекршување на законските одредби во однос на работите поврзани со шемите за квалитет во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храната.

Исто така, во текот на 2012 од страна на МЗШВ, во соработка со АХВ беа изработени и усвоени следните подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за квалитет на земјоделските производи:

- Правилник за начинот на означување, формата и содржината на печатот и етикетата на труповите на овци и кози односно јагниња и јариња (*) (Службен весник на Република Македонија бр. 18/12);
- Правилник за формата и содржината на образецот за известување за резултатите од класирањето на труповите и половинките од говеда, свињи, овци и кози односно јагниња и јариња како и начинот на неговото пополнување (*)(Службен весник на Република Македонија бр. 18/12);
- Правилник за начинот на одредување на категории овци и кози и класирање на труповите од овци и кози односно јагниња и јариња со оценување на линија на колење (*)(Службен весник на Република Македонија бр. 18/12);
- Правилник за начинот на вршење на обуката, содржината на програмата за вршење на обуката и полагање на испит и висината на трошоците за изведување на обуката и полагање на испитот за класификатори на труповите и половинките од говеда, свињи, овци и кози односно јагниња и јариња (Службен весник на Република Македонија бр. 18/12);
- Правилник за начинот на оценување на линијата на колење во категории и класи, начинот на означување, формата и содржината на печатот како и содржината на етикетата на труповите на закланите свињи (Службен весник на Република Македонија бр. 18/12);
- Правилник за начинот на означување, формата и содржината на печатот, како и содржината на етикетата на труповите на говедата (*) (Службен весник на Република Македонија бр. 14/12);
- Правилник за начинот на обработка на трупот за оцена како и начинот и методите на одредување на квалитетот со категоризација на говедата и класирањето на труповите и половинките на говедата (*) (Службен весник на Република Македонија бр. 14/12);
- Правилник за методите за одредување на меснатоста на труповите на закланите свињи (*) (Службен весник на Република Македонија бр. 14/12).

Во рамките на спроведување на засилени контроли на прашањата за квалитет на млекото и млечните производи спроведени се координирани активности на контрола на операторите кои произведуват и кои ставаат во промет млеко и млечни производи од аспект н правилното декларирање и презентирање на храната, како и едукативни кампањи и состаноци и Изработка на Информација за начинот на означување на млекото и млечните производи од аспект на квалитет на храната од животинско потекло.

Спроведени се засилени контроли на прашањата за квалитет на медот и начинот на негово декларирање и презентирање, организирани се работни состаноци и едуктивни кампањи особено на ниво на примарни производители.

Со посебен законски акт е уредена можноста за директно снабдување на мед од примарните производители до крајниот конзумент со цел намалување на финсиско економските оптеретување на малите примарни производители на мед но со истовремено задржување на највисоките релевантни стандарди на безбедност.

**<u>Спроведување на проектот „Развој на инфраструктурата за квалитет и регулативата за контрола на безбедноста и квалитетот на храната во Југоисточна Европа“</u>**

Проектот „Развој на инфраструктурата за квалитет и регулативата за контрола на безбедноста и квалитетот на храната во Југоисточна Европа“, (Regulatory and Quality Infrastructure Development for Food Safety and Quality in South East Europe), претставува институционална соработка меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Конзорциумот кој го сочинуваат Шведската Национална администрација за храна (National Food Administration, SLV) и Шведскиот одбор за акредитација и сообразност (Swedish Board for Accreditation and Conformity Assessment, SWEDAC). Проектот е со времетраење до 31 декември 2012 година и е успешно завршен.

Во одделни активности на Проектот се реализирани следните резултати:

1) Активност Б – Подршка за воспоставување на Национален систем за Безбедност на Храната – Согласно усвоените модификации во активностите на Проектот, а врз основа на моменталните потреби во полето на безбедност на храната во Република Македонија се изготви интегрирана Стратегија за безбедност на храната во Република Македонија за периодот 2013-2018 година на основа на релевантни ЕУ барања.
2) Активност Е - Усвојување на HACCP системот од страна на надлежниот орган – согласно зацртаните Проектни задачи на Проектот се спроведоа шест напредни интерни обуки на сите официјални ветеринари и инспектори за храна (вкупно 121 ученици) од Агенцијата за храна и ветеринарство од страна на веќе обучените инспектори.

Самата обука се состоеше од два сегмента, и тоа:

- Обуката на инспекторите за развој и функционирање на HACCP системите; и
- Обуката на инспекторите за процена на функционирање на HACCP .

Со обуките кои беа со времетраење од 3 работни дена беа опфатени сите официјалните ветеринари и инспекторите со храна вклучени во националниот

системот на контрола на безбедност на храна со што се постигна подигнување на ефективност на официјалните контроли во областа на HACCP.

3) Активност Д- Усвојување на HACCP во објекти за производство – како и во Активноста Е, согласно зацртаните Проектни задачи на Проектот се спроведоа три обуки низ целата територија на Република Македонија на претставници на операторите со храна (вкупно 167 учесници) од темата воведување и имплементирање на HACCP системите кај операторите со храна.

4) Активност Ф – Подршка на лабораториите во исполнување на барањата за акредитација согласно ISO/IEC 17025 – Одржана е Обуката за акредитација на лабораториите согласно ***ISO 17025*** за 11 претставници од АХВ како и Обука за теоретски и практични аспекти за пресметка, изразување и значење во резултатот од тестирањето на Мерната неодреденост во квалитативните микробиолошки тестирања за претставници од лабораториите.

   Во рамките на оваа активност со активна подршка на АХВ и Проектот девет лаборатории беа акредитирани или беа акредитирани за нов метод, а две лаборатории аплицираа за акредитација во Инстутутот за акредитација на Република Македонија

5) Активност Х - Техничка поддршка за специфични теми – се одвиваше според планираното и во текот на 2012 беа одржани работилници на следните теми:

   - Работилница за микробиолошките критериуми за храна;
   - Работилница за барања за контрола на температурата и одржување на ладниот ланец на храната;
   - Работилницата за барања за примарно производство и придружни операции;
   - Работилница за контрола на резидуи и илегални супстанции;
   - Работилница за здравствени тврдења; и
   - Работилницата за контролни техники при официјални контроли.

6) Активност И – Студиска посета – Група од 10 претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство учествуваа во студиската посета на Националниат Администарција за Храна на Кралството Шведска. Целта на студиската посета беше усвојување на искуства од Земја членка на ЕУ во однос на подготовката, усвојувањето и примена на законските одредби од областа на безбедност на храната кои понатаму ќе се применат за подобрување на системот за безбедност на храна на Република Македонија.

7) Активност Н – Подршка на Агенцијата за храна и ветеринарство во исполнување на барањата за инспекциско тело согласно ***ISO/IEC 17020***. Оваа активност вклучувше обука на инспекторите во однос на барањата на стандардот *ISO/IEC 17020* и *ISO/IEC 9001.* Во текот на 2012 година се одржа и тридневна работилница согласно нацрт стандардот *ISO/IEC FDIS 17065* во однос на сертификација на производи.

## II.3. Одделение за ветеринарно-медицински препарати

Во областа на ветеринарно медицинските препрати во соработка со другите сектори и проектот на ЕУ ИПА се изврши заокружување на законското уредување со донесување на следниве подзаконски акти

- Правилник за ветеринарно медицински препарати кои привремено се ставаат во промет, начинот на нивната употреба како и контрола на ставање во промет и употреба ("Службен весник на Република Македонија" број 59/12);
- Правилник за начинот на распоредување на ветеринарно медицинските препарати во одделни категории и начинот на препишување и издавање на ветеринарно медицински препарати ("Службен весник на Република Македонија" број 70/12);
- Правилник за информациите кои треба да ги содржи извештајот за оцена на ветеринарно медицински препарат ("Службен весник на Република Македонија" број 104/12);
- Правилник за формата и содржината на образецот, начинот на известување на сериозните, неочекуваните несакани и несаканите дејства од употребата на ветеринарно медицински препарати, како и начинот на нивното следење, собирање и евидентирање ("Службен весник на Република Македонија" број 112/12);
- Одлука за висината на трошоците во врска со одобрение за ставање во промет на ветеринарно медицински препарат ("Службен весник на Република Македонија" број 128/12);
- Правилникот за начинот на одобрување и увоз на ветеринарно медицински препарати ("Службен весник на Република Македонија" број 135/12);
- Листа за фармаколошки активни супстанции одобрени за употреба во ветеринарната медицина ("Службен весник на Република Македонија" број 140/12);
- Правилник за барањата кои треба да ги исполнува докторот по ветеринарна медицина како носител на дејност во производство на ветеринарно медицинските препарати ("Службен весник на Република Македонија" број 149/12);
- Правилник за нашинот на вршење на официјални контроли на ветеринарно медицински препарати ("Службен весник на Република Македонија" број 150/12);

Во рамките на планирате тековните активности извршено е одобрување / преодобрување на 112 2 ветеринарни веледрогерии согласно Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат промет на големо со ветеринарно медицински препарати и начинот на работа (" Службен весник на Република Македонија "бр.113/10) со што се заокружи унапредување на инфраструктурните барања за веледрогериите согласно Законот за ветеринарно медицински препарати.

Во рамките на посебно планираните контроли спроведени се посебни контроли во однос на:

- контрола на продавници специјализирани за продажба на храна за домашни миленици
- контрола на продавници специјализирани за продажба на храна и опрема кои се користат во пчеларството.

Во соработка со Министерството за здравство, Бирото за лекови и Факултетот по ветеринарна медицина извшена е промотивна кампања на значењето на антимикробната резистенција во ветеринарната медицина со:

- изготвување на Програма за за антимикробна резистенција во ветеринарната медицина
- одбележување на Европскиот ден на антимикробна отпорност со посебен акцент на Легислативно уредување на антимикробната отпорност од областа на ветеринарната медицина и безбедноста на храната во Република Македонија, заради.

Комисијата за ветеринарно медицински препарати во 2012 година одржа осум седници на при што се одобрени нови 42 ветеринарно медицински препарати.

## III.4. Одделение за нус-производи од животинско потекло

Во областа на нус производи од животинско потекло континуирано се спроведуваа зацртаните активности:

Во соработка со IPA проектот 2008 година изработена е Стратегијата за воспоставување на национален систем за управување со нуспроизводи од животинско потекло е во завршна фаза на усогласување со релевантните институции во Р. Македонија.

По добивање на мислењето на сите одговорни институции за оваа област, интегралната Стратегија за воспоставување на национален систем за управување со нуспроизводи од животинско потекло ќе биде доставена до Владата на Република Македонија.

Во рамите на тековните активноси Агенцијата за храна и ветеринарство го води регистерот на одобрени објекти и оператори со нус производи од животинско потекло. Во текот на 2012 година, по барање на операторите со нус производи од животинско потекло постапено одобрени 4 нови оператори и објекти за нус производи од животинско потекло.

Во соработка со Секторот за европска унија и меѓународна соработка донесени се следниве правилници:

- Листа на категоризирани нус производи од животинско потекло
- Правилник за формата и содржината на ветеринарно-санитарните сертификати за нус производи од животинско потекло кои се увезуваат или транзитираат во или низ Република Македонија

Во рамките на посебно планираните контроли спроведени се посебни контроли во однос на контрола на кланици при што се извршени контроли од типот на аудит на 20 кланици и истовремно со упатства и процедури е детално уредена постапката со нус производи од животинско потекло и специфично ризичниот материјал во објектите ракувачи/генератори

Со цел за подобро запознавање на официјалните ветеринари со областа на нус производи од животинско потекло Одделението за нус производи од животинско потекло во соработка со Проектот „Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на Acquis на ЕУ“ EuropeAid/128546/C/SER/MK во рамките на програмата на ИПА за 2008, компонентата за „воспоставување на систем за отстранување на нус производи од животинско потекло“ одржана е работилница на тема „ Нус производи од животинско потекло и трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (ТСЕ)

## III.5. Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство

Во текот на 2012 година од страна на официјалните ветеринари спроведени се вкупно 10.249 контроли и тоа:

- Внатрешен промет (производство и преработка на производи од животинско потекло) 2.857 контроли
- Контроли направени при увоз на храна од животинско потекло 5.504
- Контроли на извршени извози на храна од животинско потекло 1.888

Врз основа на извшените контроли издадени се 594 решенија, со 90 покани за едукација, и поднесени 39 платни налози за глоба од кои 31 се завршени со порамнување, а 8 се решени пред прекршочна комисија.

Во спроведувње на официјалните контроли земени се вкупно 518 мостри на храна од животинско потекло (надвор од годишниот план за мониторинг на присуството на резидуи и контаминенти во храната од животинско потекло) и тоа за:

- Микробиолошка анализа 298 мостри
- Хемиска анализа 35 мостри

- Анализа за присуство на антибиотици во храна 26 мостри
- Анализа за присуство на хормони во храна 26 мостри
- Анализа на присуство на пестициди во храна 45 мостри
- Анализа на присуство на непожелни супстанции и материи 88 мостри

Конфискувана и уништена небезбедна храна од животинско потекло вкупно 161.962 кгр. (контаминирана храна, микробиолошки неисправна, недекларирана и сл.)

Бројот по вид и категори на на животни прегледани и заклани во одобрени кланици 433. 742 грла животни (говеда, овци, кози и свињи) и 735.053 перната живина.

| **Вид на животни** | **Број на заклани грла** | |
|---|---|---|
| Говеда | 7.173 | |
| Свињи | 152.859 | |
| Овци | 273.710 | |
| Живина | *735.053* | |
| Кокошки | 378.596 | |
| Бројлери | 356.457 | |
| Ноеви | 0 | |
| Зајаци | 230 | |

Број на заклани едники на животни по видови

<u>Издадени Мислења за усогласеност на проектната документација – планираната инвестиција со одредбите од ЕУ и Потврди за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршувањето на инвестицијата</u>

Во текот на 2012 година, Одделението за државна ветеринарна инспекција во Секторот за Ветеринарно Јавно Здравство има издадено вкупно 2 (две) Мислења за усогласеност на проектната документација/планирана инвестција со одредбите од ЕУ, како и вкупно 5 (пет) Потврди за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршувањето на инвестицијата. Од кои што една е одбиена бидејки не е во согласност со стандардите на ЕУ по завршувањето на изместицијата

Мислења за усогласеност

| **Датум на доставено барање за издавање на мислење** | **Оператор** | **Датум на издадено мислење** |
|---|---|---|
| 05.03.2012 | МИК Свети Николе | 08.03.2012 |
| 05.12.2012 | Индустрија за млеко Велковски | 19.12.2012 |

Потврди за усогласеност

| Датум на доставено барање за издавање на потврда | Оператор | Датум на издадена потврда |
|---|---|---|
| 03.02.2012 | Јока | 28.02.2012 |
| 16.02.2012 | Осогово Милк | 29.02.2012 |
| 22.02.2012 | Еко Млеко | 07.03.2012 |
| 28.03.2012 | Славија 96 (одбиена) | 21.05.2012 |
| 15.10.2012 | Бај Мелк Доо | 06.12.2012 |

**Извоз во Европската Унија**

Во склоп на заедничките активности на повеќе сектори на Агенцијата изготвен е:

- Прашалник за одобрување на Република Македонија за извоз на месо и производи од месо во Европската унија;
- Прашалник за одобрување на Република Македонија за извоз на аквакултура во Европската унија;

кои се проследени до DG SANCO како официјално покренување на постапката за за одобрување на Република Македонија за извоз на месо и производи од месо и извоз на аквакултура во Европската унија

**Извоз**

Во текот на 2012 година остварен е вкупен извоз согласно табелата во прилог

| Производ | Број на извршени извози | Количина во килограми | Број |
|---|---|---|---|
| Волна | 38 | 694.548 | |
| Живи полжави | 7 | 141.360 | |
| Замрзнато пилешко и кокошкино месо | 11 | 215.992 | |
| Јагнешки црева и изнутрици | 14 | 169.818 | |
| Јагнешко месо | 397 | 2.526.700 | 291.834 |
| Јајца | 21 | 331.973 | 5.303.840 |
| Говедска Кожа | 56 | 1.081.627 | 31.833 |
| Јагнешка Кожа | 42 | 758.357 | 378.422 |
| Овча Кожа | 2 | 40.900 | 11.570 |
| Свинска Кожа | 40 | 815.220 | 137.162 |
| Кондиторски производи | 336 | 1.632.984 | |
| Кукички од полжави | 3 | 17.262 | |
| Мајонез | 109 | 223147 | |
| Мед | 33 | 246.619 | |
| Производи од месо | 367 | 3.651.299 | |
| Преработени полжави | 83 | 1.078.060 | |
| Млечни производи | 232 | 2.740.418 | |
| Свинско месо | 15 | 141.357 | |
| Риба | 7 | 38.690 | |
| Сладолед | 87 | 781.325 | |
| Супи | 151 | 37.585 | |
| Трофеј | 75 | | 117 |
| Храна за кучиња | 1 | 2260 | |

*Прилог 1*

**Преглед на реализација на НМПКР за 2012 година по Подрачни Единици**

| ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА | ПЛАН | РЕАЛИЗИРАНИ |
|---|---|---|
| Скопје | 72 | 52 |
| Куманово | 85 | 86 |
| Кратово | 10 | 10 |
| Свети Николе | 21 | 20 |
| Крива Паланка | 12 | 12 |
| Штип | 51 | 37 |
| Струмица | 146 | 152 |
| Кочани | 15 | 15 |
| Виница | 10 | 6 |
| Делчево | 20 | 18 |
| Радовиш | 31 | 20 |
| Берово | 26 | 25 |
| Велес | 51 | 50 |
| Кавадарци | 73 | 69 |
| Неготино | 58 | 56 |
| Гевгелија, Валандово, Богданци | 51 | 52 |
| Прилеп | 25 | 24 |
| Битола | 166 | 163 |
| Охрид | 34 | 26 |
| Струга | 9 | 9 |
| Ресен | 37 | 16 |
| Крушево, Демир Хисар | 15 | 9 |
| Гостивар | 78 | 68 |
| Тетово | 46 | 33 |
| Дебар | 9 | 7 |
| Кичево, Македонски Брод | 32 | 32 |

| Секција | Вид на објект | Објекти одобрени пред 01.01.2008 год | Објекти кои подлежат на преструктуирање | Објекти кои подлежат на преструктуирање - категоризација Состојба 2012 | | | | | Вкупно категоризирани објекти | Објекти одобрени согласно Законот за ветеринарно јавно здравство и Законот за безбедност на храна - усогласени со барањата на ЕУ | | | | Вкупно одобрени објекти во Република Македонија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | B I | B II | BIII | B IV | A | | Трајно одобрени | Локализирана активност | Времено одобрение | Вкупно | |
| 0 | Објекти со општ… активност | 67 | 40 | 11 | 13 | 13 | 1 | 2 | **40** | 35 | | 4 | **39** | **79** |
| I | Месо од домашн… чапункари | 26 | 14 | 2 | 5 | 3 | | 4 | **14** | 2 | 1 | | **3** | **17** |
| II | Месо од живина и зајаци | 2 | 1 | | | 1 | | | **1** | 1 | | 1 | **2** | **3** |
| V | Мелено месо, подготовк… од месо, МОМ | 1 | 1 | | | | 1 | | **1** | 1 | 2 | | **3** | **4** |
| VI | производи од месо | 52 | 23 | 5 | 6 | 9 | 2 | 1 | **23** | 8 | 7 | 3 | **18** | **41** |
| VIII | Риба и производи од риба | 2 | 1 | | 1 | | | | **1** | | | 1 | **1** | **2** |
| IX | свежо млеко и производ… од млеко | 92 | 37 | 7 | 12 | 15 | 2 | 1 | **37** | 24 | 9 | 8 | **41** | **78** |
| X | Јајца и производи од јајца | 4 | 2 | 1 | | | | 1 | **2** | 13 | 7 | 8 | **28** | **30** |
| XI | жабји батаци и полжави | 2 | 1 | | | | | 1 | **1** | | | | | **1** |
| | Објекти кои не с… опфатени со Рег.2004/853) | 23 | | | | | | | | | | | | |
| 852 | Мед | 5 | 2 | 1 | | 1 | | | **2** | | | | | **2** |
| | **Вкупно:** | 276 | 122 | 27 | 37 | 42 | 6 | 10 | **122** | 84 | 26 | 25 | **135** | ***257*** |

## IV. СЕКТОР ЗА ХРАНА ОД НЕЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

### IV.1. Одделение за храна од неживотинско потекло

Во врска со ***сртатешките документи***, во текот на 2012 година Одделението подготви Мониторинг програма за безбедност на храната во Република Македонија за 2012 година и истата е објавена во Службен Весник на РМ бр.23/12 од 15.02.2012 г. Заради униформна имплементација на оваа Програма изготвена е *Збирка на процедури* за практикување на Мониторинг програмата. Збирката е доставена до сите учесници во Мониторинг програмата при што е оставрена едукација на инспекторите во склоп на работилницата за земање на мостри од храна. За секој инспектор /учесник во мониторинг програмата направени се оделни прецизни табели за бројот и видот на определениот производ/храна предвиден со Мониторинг програмата како и времето во кое тој производ треба да се земе за испитување на определените контаминети.

Во Август 2012 год. започнато е спроведувањето на Националната мониторинг програма за безбедност на храната во Република Македонија при што до крајот на годината остварено е 23% од предвидената програма.

Конечно, за заокружување на овој процес изработена е и Информација по однос на добиените резултати и нивна анализа објаснета подолу во точка 1. Преглед на Мониторинг програмата за 2012 год

Изработена е и нова Мониторинг програма за безбедност на храната во Република Македонија за 2013 год. и доставена на одобрување до Владата на Република Македонија.

По однос на ***законодавната рамка*** во 2012 година Одделението подготви повеке подзаконски акти (Правилници и Водичи), од кој објавени се следните правилници:

- Правилникот за квалитетот на маслата за јадење и маста од растително потекло и на маргаринот, мајонезот и на нив сродни производи објавен во сл. Весник на РМ бр 127/12;
- Правилник за квалитет на пивото;
- Правилник за максимално дозволените концентарции на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и од животинско потекло. Согласно предвидените активности во НПАА напревено е транспонирање на Регулативата 396/2005 консолидирана верзија и изготвен е Правилникот за максимално дозволени концентрации на резидуи од пестициди во храната; и
- Предлог Правилник за микробиолошки критериуми за безбедност.

Исто така подготвени се следните водичи:

- Водич за  категоризација на ризик во угостителските објекти; и
- Водич за категоризација на објекти и оператори со храна и планирање на инспекциите базирани врз основа на анализа на ризик во РМ

За подобрување на имплементацијата на политиките и законодавството како и јасно прецизирање на  надлежностите на АХВ и избегнување на преклопувањето на надлежностите при спроведување на официјалните контроли беше ***изготвен Меморандум за соработка*** помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Конечно, треба да се потенцира и активното учество на Одделението во **подготовка на анализа на Стратегијата за безбедност на храната** на РМ за 2007-2012 во рамките на подготовка на новата Стратегија за безбедност на храната 2012 до 2017 година.

На крајот, во 2012 година по однос на своите надлежности Одделението **директно соработуваше со операторите со храна** и одговараше на сите прашања и барања од областа на безбедноста на храната од неживотинско потекло и означувањето на храната.

## 1. Преглед на Мониторинг програмата за 2012 год

Мониторинг програмата за безбедност на храната во Република Македонија е објавена во Сл. Весник на РМ бр. 23/12 а започна да се практикува во последниот квартал на годината, по завршување на тендерската постапка.

Избрани инспектори беа обучени за спроведување на Мониторинг програмата.

Мострите беа земани во определен временски период, од определен вид и количина на храна, како што е предвидено со програмата. Од предвидениот вкупен број од 1350 мостри, земени за анализа се 322 мостри од кои 2 мостри беа небезбедни.

*Табелата бр. 1 Преглед на предвидениот  и остварениот број на мостри*

| **Вид на мониторинг** | **Преостанати мостри кои треба да се земат** | **Земени мостри = резултати** |
|---|---|---|
| 1.Мониторинг на микробиолошките критериуми – планирани 240 | 225 | 15=15<br>*Само 2 мостри се небезбедни (Најдена е бактеријата Salmonella)* |
| 2.Мониторинг на микотоксини - планирани 540 | 486 | 54=54 |
| 3. Мониторинг на тешки метали- планирани 120 | 72 | 48=48 |
| 4. Мониторинг на резидуи од пестициди- планирани 450 | 245 | 205=104 |
| Вкупно планирани мостри 1350 | 1028<br>*Останато за остварување 76%* | 322=221<br>*Остварено во 2012 година 24%* |


100%
90%
80%
70%
60%
50%
40%
30%
20%
10%
0%
15
54
48
205
225
486
74
245
Број на мостри кои се земени
Број на мостри кои треба да се земат
1.Мониторинг на микробиолошките...
2.Мониторинг на микотоксини
3. Мониторинг на тешки метали
4. Мониторинг на резидуи од пестициди


Преглед на бројот на мостри кои треба да се земат
245
225
72
486
1.Мониторинг на микробиолошките критериуми
2.Мониторинг на микотоксини
3. Мониторинг на тешки метали
4. Мониторинг на резидуи од пестициди

## IV.2. Одделението за додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна и адитиви

Главниот фокус на работа на ова Одделение се однесува на анализа, проверка и изработка на мислења за исполнување на законските барања во однос на составот и означувањето на храната за посебна нутритивна употреба (ХПНУ), збогатената храна и додатоците на исхрана, по барања на странки. Вкупно издадени мислења за 2012 год. – 883, од кои позитивни – 781 и негативни–102. Од страна на подносителите на барањата за издавање мислење повлечени се 3 предмета,а заради недоставување на потребна документација за издавање мислење, запрена е постапката за 28 предмета.

За оваа активност Одделението води електронски регистар на одобрени производи како додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна. Заклучно со 2012 година од Агенцијата за храна и ветеринарство се издадени вкупно – 2182 мислења од кои позитивни – 1896и негативни – 286 .

По однос на легислативата од аспект на составот и означувањето на храната за посебна нутритивна употреба, одделението во 2012 година ги оствари следните активности:

- Правилник за изменување на Правилникот за начинот и постапката за издавање на мислење, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање мислење по барање на странка за производство и увоз на додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна, храна на која и се додадени витамини и минерали (Службен весник на Република Македонија” бр. 20/12).
- Правилник за адитивите што се употребуваат во производство на храната (Службен весник на РМ бр.31 од 02.03.2012 ).
- Исправка на Правилникот за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба-храна наменета за користење во диети со ограничена енергетска вредност соцел намалување на телесна тежина (Службен весник на РМ, бр. 53 од25.4.2012 година).
- Правилник за составот и означувањето на прехранбените производи за лица нетолерантни на глутен (Службен весник на РМ бр.62 од 21.5.2012 ).
- Правилник за изменување на Правилникот за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба-диететска храна за посебни медицински намени (Службен весник на РМ, бр. 70 од 7.6.2012 година).

Освен ова, беа давани и консултации и одговори на писмени барања на бизнис операторите со храна во врска со постапката за издавање на мислење и законските барања кои се однесуваат на составот и означувањето на храната за посебна нутритивна употреба, додатоците на исхрана, збогатената храна и адитивите,со цел зголемување на степенот на

исполнување на законските барања кои се однесуваат за производите од групата на храна за посебна нутритивна употреба, додатоци на исхрана, збогатена храна и адитиви

Конечно, во 2012 година беа организирани и се учествување во работата на Комисијата за посебни видови храна. Организирани се 9 состаноци на Комисијата на која се донесени значајни заклучоци од областа на посебните видови храна и донесени се Мислења за нови супстанции за дополнување на:

- Листите на дозволени супстанции кои можат да се употребуваат во производство на додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна и

- Листите на забранети супстанции кои не можат да се употребуваат во производство на додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна.

Од аспект на обуките, организирани се и две работилници, и тоа:

- Генетски модифицирани организми, означување и исхрана, Скопје, ноември 2012.

- Експертска Мисија за додатоци на исхрана – пласирање на пазарот во организација на TAIEX, Скопје, 17-19.12.2012.

**<u>IV.3. Одделение за генетски модифицирана храна, храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење, други видови храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната</u>**

Одделението за генетски модифицирана храна, храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење, други видови храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната во Агенцијата за храна и ветеринарство се грижи за доследно спроведување на правната рамка за овие видови храна, кои подлежат на специфични услови за одобрување на производство и пласирање на пазарот, заради ефектите кои можат да ги предизвикаат врз здравјето на луѓето.

За таа цел преземени се долунаведените активности согласно одредбите на Законот за безбедност на храната, подзаконските акти и планот и програмата на одделението во периодот на 2012 година изврши проценка на усогласеноста на производи на минерална вода со барањата за безбедност утврдени со прописите од областа на безбедност на храна и изготвување на одобренија. Вкупно се издадени 36 одобренија за полнење и ставање во прометна минерални води, од кои 14 увозни и 22 на домашни производители.

По однос на ова, одделението води и посебен Регистар на одобрени производи на природна минерална вода.

Во овој период, по однос на легислативната рамка изработену и објавени се следните подзаконски акти:

- Правилник за посебните барања за безбедност на храната произведена со иновирани технологии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29 од 28.02.2012).
- Правилник за посебните барања за безбедност на природната минерална вода („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127 од 15.10.2012).
- Изготвен е нацрт Правилник за посебните барања за безбедност на ГМО храна, означувањето и барањата за следливост на прехранбените производи кои содржат ГМО храна или се составени од ГМО и барањата за следливост на храната произведена од ГМО.

Освен ова, беа давани и консултации и одговори на писмени барања на операторите со храна во врска со постапката за издавање на одобренија и законските барања кои треба да бидат исполнети и се однесуваат на извршените анализи и означувањето на природната минерална вода.

Од аспект на воведувањето на Систем за управување со квалитет во АХВ се подготвија процедури за работа и учество во воведување на систем за менаџмент на квалитетот според фамилијата на стандарди ISO 9000, модел ISO 9001:2008;

Од аспект на обуките, организирани се повеќе работилници, меѓу кои:

- Работилница „анализа на ризик“ одржана во просториите на Агенцијата за храна и ветеринарство, Скопје;
- Работилница во рамките на UNEP/GEF проектот "Поддршка за имплементација на националната рамка на биосигурност на РМ" одржана во Скопје;
- Меѓународна конференција во рамките на проектот за безбедност на храна во регионот на југо-источна Европа, одржана во Скопје;
- ГМО, Означување и исхрана, одржана во рамките на проектот:„ Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на EU Acquis“;

## IV.4 Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло

Во структурата на Агенцијата за храна и ветеринарство во Секторот за храна од неживотинско потекло припаѓа и Одделението за државна испекција за храна од неживотинско потекло. Надлежност на одделението е да го редуцира ризикот од небезбедна храна во Република Македонија така што планира, организира и извршува официјални контроли на објектите и операторите со храна од неживотинско потекло и производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната. Превземните активносте од страна на инспекторите за храна при спроведување на официјалните контроли се согласно одредбите од Законот за безбедност на храната („Сл.весник на РМ“ бр. 157/2010, бр.53/2011 и 1/2012), согласно планот и програмата на одделението за 2012 год.

Основна цел на одделението за државна испекција за храна од неживотинско потекло е да се заштитат потрошувачите од небезбедна храна со подигање на нивото на производство, промет и дистрибуција на храна, од аспект на безбедност.

Во одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло работните задачи ги координира раководител на одделението, официјалните контроли ги вршат 49 инспектори за храна распоредени во подрачни единици низ целата теритотија на Р. Македонија, 14 инспектори за храна распределени на 10 гранични премини, 3 помлади соработници и 10 референти.

Официјалните контроли над објектите и операторите со храна од неживотинско потекло, инспекторите за храна ги вршеа континуирано на целата територија на Република Македонија, со одредена динамика согласно годишни, месечни, неделни или дневни планови и програми.

Со официјални контроли на граничните премини, во целост се контролираше внесувањето во Р. Македонија на храна и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.

Покрај овие активности се вршеше и регистрација на објекти и оператори со храна и се постапуваше по преставки и барања на потрушувачи.

Извршените активности на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло во приказот се преставени нумерички и графички.

***<u>Официјалана контрола во објекти за производство и промет со храна</u>***

## 1. Извршени официјални контроли

| | |
|---|---|
| - во објекти за производство на храна | 1.179 |
| - во угостителски објекти | 3.189 |
| - во објекти за промет со храна | 2.812 |
| - во водоснабдителни објекти | <u>104</u> |
| ВКУПНО: | 7.284 |




## 2. Извршени инспекциски надзори

| | |
|---|---|
| - во објекти за производство на храна | 1.535 |
| - во угостителски објекти | 4.468 |
| - во објекти за промет со храна | 3.753 |
| - во водоснабдителни објекти | 132 |
| ВКУПНО: | 9.888 |



### 3. Извршени едукации

| | |
|---|---|
| - во објекти за производство на храна | 322 |
| - во угостителски објекти | 1.318 |
| - во објекти за промет со храна | 923 |
| - во водоснабдителни објекти | 16 |
| ВКУПНО: | 2.579 |




### 4. Издадени решенија за отстранување на недостатоци

| | |
|---|---|
| - на објекти за производство на храна | 77 |
| - на угостителски објекти | 232 |
| - на објекти за промет со храна | 149 |
| - на водоснабдителни објекти | 363 |
| ВКУПНО: | 821 |




## 5. Издадени решенија за забрана за вршење дејност

| | |
|---|---|
| - на објекти за производство на храна | 18 |
| - на угостителски објекти | 14 |
| - на објекти за промет со храна | 23 |
| - на водоснабдителни објекти | 471 |
| ВКУПНО: | 526 |



6. **Однос: Извршени официјални контроли / Извршени инспекциски надзори / Извршени едукации / Издадени решенија за отстранување на недостатоци / Издадени решенија за забрана за вршење дејност**




7. **Лабораториски испитани мостри од храна**

| | |
|---|---|
| - од објекти за производство на храна | 375 |
| - од угостителски објекти | 466 |
| - од објекти за промет со храна | 159 |
| - од водоснабдителни објекти | 52 |
| ВКУПНО: | 1.052 |



## 8. Небезбедни мостри храна

| | |
|---|---|
| - од објекти за производство на храна | 0 |
| - од угостителски објекти | 2 |
| - од објекти за промет со храна | 2 |
| - од водоснабдителни објкети | 0 |
| ВКУПНО: | 4 |

## 9. Понудени порамнувања

| | |
|---|---|
| -на објекти за производство на храна | 9 |
| -на угостителски објекти | 20 |
| -на објекти за промет на храна | 19 |
| -на водоснабдителни објкети | 0 |
| ВКУПНО: | 48 |

## 10. Поднесени барања за поведување прекршочни постапки

| | |
|---|---|
| - за објекти за производство на храна | 4 |
| - за угостителски објекти | 4 |
| - за објекти за промет со храна | 0 |
| - за водоснабдителни објекти | 0 |
| ВКУПНО: | 8 |

## 11. Одстранети лица од работно место со храна поради неизвршени здравствени прегледи

| | |
|---|---|
| - од објекти за производство на храна | 200 |
| - од угостителски објекти | 1.434 |
| - од објекти за промет со храна | 642 |
| - од водоснабдителни објекти | 0 |
| ВКУПНО: | 2.276 |




## 12. Одстранети лица од работно место со храна поради бацилоносителство

| | |
|---|---|
| - од објекти за производство на храна | 270 |
| - од угостителски објекти | 266 |
| - од објекти за промет со храна | 267 |
| - од водоснабдителни објекти | 5 |
| ВКУПНО: | 808 |




## 13. Упатени лица на обука за хигиена на храна

| | |
|---|---|
| - од објекти за производство на храна | 2 |
| - од угостителски објекти | 26 |
| - од објект за промет со храна | 20 |
| - од водоснабдителни објекти | 0 |
| ВКУПНО: | 48 |



## 14. Поништена небезбедна храна

| | |
|---|---|
| - во објекти за производство на храна | 6.181 кг |
| - во угостителски објекти | 86 кг |
| - во објекти за промет со храна | 92.465 кг |
| ВКУПНО: | 98.732 кг |




## 15. Регистрирани објекти и оператори со храна

| | |
|---|---|
| - на објекти за производство на храна | 629 |
| - на угостителски објекти | 2.232 |
| - на објекти за промет со храна | 2.931 |
| - на водоснабдителни објекти | 5 |
| ВКУПНО: | 5.797 |



***Инспекциски надзор при увоз***

1. **Контролирани пратки од увоз и количина**

| | |
|---|---|
| - храна | бр. на пратки 17.223 количина 440.858 тони |
| - производи и материјали | |
| што доаѓаат во контакт со храна | бр. на пратки 7.128 количина 85.685 тони |
| ВКУПНО: | бр. на пратки 24.351 количина 526.543 тони |

2. **Лабораториски испитани мостри при увоз**

| | |
|---|---|
| - храна | 6.626 |
| - производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | 1.128 |
| ВКУПНО: | 7.754 |

3. **Забранет увоз**

| | |
|---|---|
| - Храна | бр. на пратки 15 количина 259.662 кг. |
| - производи и материјали што | |
| доаѓаат во контакт со храна | бр. на пратки 2 количина 50 кг. |
| ВКУПНО: | бр. на пратки 17 количина 259,712 кг. |

4. **Однос: Контролирани пратки при увоз на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна / Лабораториски испитани мостри од производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната / Забранети пратки од увоз на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна**




## *Инспекциски надзор при извоз*

1. **Издадени сертификати за безбедност на храна** <u>399</u>

Работата на Одделението за државна инспекција на храна од неживотинско потекло е прикажана на следните табели:

· **Табела бр. 1** Контроли на објекти во П.Е;

· **Табела бр. 2** Контроли на храна од увоз;

· **Табела бр. 3** Контроли на производи и материјали од увоз.

# Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј
## за извршени контроли на објекти и оператори со храна во П.Е.
## Агенција за храна и ветеринарство

Одделение за државна инспекција
за храна од неживотинско потекло

период: од 01.01.2012 год. до 31.12.2012 год.

| Бр. | Вид на извршена работа | | Водоснабдителни објекти | Производство на храна | Угостителски објекти | Објекти за промет со храна | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Записници за контрола | | 104 | 1179 | 3189 | 2812 | 7284 |
| 2 | Записници за извршени едукации | | 16 | 322 | 1318 | 923 | 2579 |
| 3 | Решенија | наредба | 363 | 77 | 232 | 149 | 821 |
| | | забрана | 471 | 18 | 14 | 23 | 526 |
| | | вкупно | 834 | 95 | 246 | 172 | 1347 |
| 4 | Записник за постапување по едукација или решение | | 28 | 356 | 1279 | 941 | 2604 |
| 5 | Понудени порамнувања | | 0 | 9 | 20 | 19 | 48 |
| 6 | Барање за прекршочни постапки | | 0 | 4 | 4 | 0 | 8 |
| 7 | Кривична пријава | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | Регистрирани објекти | | 5 | 629 | 2232 | 2931 | 5797 |
| 9 | Одстранети лица без преглед | | 0 | 200 | 1434 | 642 | 2276 |
| 10 | Бацилоносители | Staphyloc. aureus | 5 | 269 | 264 | 266 | 804 |
| | | Salmonella | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 |
| | | Helminthes | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| | | вкупно | 5 | 270 | 266 | 267 | 808 |
| 11 | Упатени лица на курс по хигиена | | 0 | 2 | 26 | 20 | 48 |
| 12 | Земени мостри | | 52 | 375 | 466 | 159 | 1052 |
| 13 | Уништена храна при контрола (кг.) | | 0 | 6181 | 86 | 92465 | 98732 |
| 14 | Претставки од граѓани | писмени | 3 | 27 | 43 | 33 | 106 |
| | | усни | 3 | 5 | 8 | 15 | 31 |
| | | вкупно | 6 | 32 | 51 | 48 | 137 |
| 15 | Сертификати на храна | | 0 | 375 | 3 | 21 | 399 |

## Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

**за извршени контроли при увоз на храна**

**Агенција за храна и ветеринарство**

Одделение за државна инспекција
за храна од неживотинско потекло

период: од 01.01.2012 год. до 31.12.2012 год.

| Бр. | Вид на контролирана храна | Број на контролиран и пратки | Количина (кг.) | Дозволен увоз на храна | | Забранет увоз | | Издадени согласности за влез со ускладиштување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Бр. на пратки | Количина (кг.) | Бр. на пратки | Количина (кг.) | Бр. на пратки | Количина (кг.) | Број на мостри |
| 1. | Жита, пекарски производи и суровини за пекарство | 2595 | 126968490 | 999 | 35810061 | 4 | 121000 | 1592 | 91037429 | 2384 |
| 2. | Масти и масла од растително потекло | 1574 | 59108348 | 1200 | 44870874 | 3 | 83870 | 371 | 14153604 | 376 |
| 3. | Адитиви за прехранбена индустрија | 1096 | 7056308 | 743 | 3699921 | 0 | 0 | 353 | 3356387 | 359 |
| 4. | Какао производи, чоколади и бонбонски и крем. производи и суровини за производство | 2299 | 23182586 | 1612 | 15941168 | 1 | 382 | 686 | 7241036 | 697 |
| 5. | Овошје, зеленчук и преработки | 4452 | 88165525 | 3418 | 66205799 | 0 | 0 | 1034 | 21959726 | 1035 |
| 6. | Оцет | 95 | 1253957 | 77 | 1041619 | 0 | 0 | 18 | 212338 | 21 |
| 7. | Вино и алкохолни пијалоци | 196 | 1735148 | 129 | 1209409 | 0 | 0 | 67 | 525739 | 67 |
| 8. | Пиво и безалкохолни пијалоци | 1631 | 26995239 | 1191 | 18885768 | 0 | 0 | 440 | 8109472 | 443 |
| 9. | Минерални води | 462 | 8657941 | 310 | 5492908 | 1 | 1512 | 151 | 3163521 | 151 |
| 10. | Сол | 200 | 5341547 | 94 | 2079895 | 2 | 48000 | 104 | 3213652 | 122 |
| 11. | Кафе и чаеви | 1025 | 11624302 | 700 | 7521025 | 0 | 0 | 325 | 4103277 | 329 |
| 12. | Детска храна и храна за доенчиња | 97 | 610335 | 28 | 127990 | 1 | 148 | 68 | 482197 | 69 |
| 13 | Диететски производи и додатоци на храна | 529 | 1366765 | 300 | 1091475 | 3 | 4750 | 226 | 270540 | 233 |
| 14 | Шеќер | 635 | 75990413 | 439 | 33836109 | 0 | 0 | 196 | 42154304 | 216 |
| 15. | Зачин и зачински смеши | 279 | 1683551 | 171 | 999370 | 0 | 0 | 108 | 684181 | 108 |
| 16. | Останато | 58 | 1117601 | 42 | 906231 | 0 | 0 | 16 | 211370 | 16 |
| 17. | Вкупно: | 17223 | 440858057 | 11453 | 239719622 | 15 | 259662 | 5755 | 200878773 | 6626 |

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

## за извршени контроли при увоз на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна

## Агенција за храна и ветеринарство

Одделение за државна инспекција
за храна од неживотинско потекло

период: од 01.01.2012 год. до 31.12.2012 год.

| Бр. | Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки | Количина (кг.) | Дозволен увоз на храна | | Забранет увоз | | Издадени согласности за влез со ускладиштување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Бр. на пратки | Количина (кг.) | Бр. На пратки | Количина (кг.) | Бр. На пратки | Количина (кг.) | Број на мостри |
| 1. | Метални садови и прибор | 1057 | 4293729 | 845 | 3223495 | 0 | 0 | 212 | 1070234 | 212 |
| 2. | Машини и апарати за производство на храна | 1065 | 2400333 | 1001 | 2173681 | 0 | 0 | 64 | 226652 | 64 |
| 3. | Материјали и производи од дрво | 177 | 1569607 | 158 | 1439050 | 0 | 0 | 19 | 130557 | 19 |
| 4. | Материјали и производи од стакло, порцелан и керамика | 1784 | 25759008 | 1356 | 18548156 | 0 | 0 | 428 | 7210852 | 428 |
| 5. | Материјали, производи и садови од вештачки маси | 2302 | 46728922 | 1972 | 9219810 | 2 | 50 | 328 | 37509062 | 330 |
| 6. | Материјали и производи од хартија, гума и текстил | 718 | 4796789 | 648 | 4068615 | 0 | 0 | 70 | 728174 | 71 |
| 7. | Специфични течни детергенти и дезинфициенси за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната | 6 | 68404 | 2 | 19790 | 0 | 0 | 4 | 48614 | 4 |
| 8 | Останато | 19 | 67688 | 19 | 67688 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Вкупно: | 7128 | 85684480 | 6001 | 38760285 | 2 | 50 | 1125 | 46924145 | 1128 |

## V. СЕКТОР ЗА ГРАНИЧНА ВЕТЕРИНАРНА ИНСПЕКЦИЈА

На централно ниво Секторот за гранична инспекција опфаќа три одделенија и тоа: Одделение за државна ветеринарна инспекција за граничен премин, Одделение за државна инспекција за граничен премин за храна од неживотинско потекло, Одделение за меѓународна трговија и сертификација, со вкупно вработени 6 државни службеници- Доктори по ветеринарна медицина.

Ветеринарната инспекција на граничните премини е организирана во состав на Одделение за државна ветеринарна инспекција за граничен премин, кое на центрлано ниво брои 6 државни службеници. Граничните премини каде се дозволени увозот, извозот и провозот на пратките опфатени со Законот за ветеринарното здравство ги определува Владата на Република Македонија. Ветеринарниот проверка и преглед на пратки живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло се спроведуваа од страна на **17 официјални ветеринари распоредени на ветеринарни инспекциски места на 9 гранични премини.**

Обврската на Република Македонија да организира ветеринарна контрола на граничните премини произлегува од Законот за ветеринарното здравство, Кодексот на Меѓународната организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ) со седиште во Париз чиј член е и Република Македонија, меѓународните билатерални договори за соработка во областа на ветеринарството и меѓународните конвенции за контрола на стоки на границите.

Врз основа на Законот за ветеринарно здравство, официјалниот ветеринар на граничниот премин при службен надзор и контрола има право и должност да врши ветеринарни проверки и прегледи на пратките со живи животни и производи од животинско потекло.

Секторот за гранична ветеринарна инспекција во идниот период ќе продолжи да ги спроведува активностите во делот на усогласување на легислативата согласно европските стандарди, што суштински преставува усогласување и примена на ЕУ принципите и политиките во согласност со европските норми, преку спроведување на веќе изготвените законски акти како и со донесување на идните, предвидени со Поглавјето 12 од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.

Спроведување на горенаведените активности ќе придонесе за непречено остварување на целосната легислатива од областа на ветеринарното здравство во делот на граничната ветеринарна инспекција, со што би се постигнало соодветно управување во ветеринарната инспекциска служба од една страна и воспоставување контролен систем компатибилен со контролниот во ЕУ од друга страна, но и директна одговорност од страна на ветеринарните инспекциски

служби, а како последица на тоа, успешно спроведени ветеринарни контроли согласно високите ЕУ стандарди.

Со овој нов реорганизиран концепт, Секторот за гранична инспекција-Оделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин како дел од **АХВ во текот на 2012 година активно учествуваше во процесот на:**

- **усвојување на препораките** добиени од Кодекс алиментариус, Светската организација за заштита на здравјето на животните (OIE), Европската агенција за безбедност на храна (ЕФСА),
- **спроведување на најдобрите пракси** согласно европските стандарди, се со цел подобрување на деловната клима во Република Македонија како дел од државите на Западен Балкан и нивниот стремеж-интегрирање во Евроатлантските структури, во таа насока и
- **спроведување на насоките од ЦЕФТА-Договорот за слободна трговија** како дел од пактот за стабилност за земјите од југоисточна Европа, и
- **спроведување на активностите во делот на веќе воспоставениот Систем на Интегрираното гранично управување**, врз основа на Стратегијата за интегрираното гранично управување и Националниот акционен план за интегрирано гранично управување, со што се овозможува олеснување на протокот на лица и стоки преку државната граница.

АХВ како орган вклучен во Интегрираното гранично управување, преку **Секторот за гранична инспекција во 2012 година,** продолжи со превземање организирани и координирани мерки посебно **со царинските служби и граничната полиција како и сите други јавни служби присутни на граничните премини** во надзорот на законитоста на влезот и излезот на стоки и превозни средства, спречувањето и откривањето на сите видови на шверц преку граничните премини, контрола и спречувањето на преносот на материи и заразни болести што ги загрозуваат луѓето и стоките.

## V.1. Општ преглед на фреквенција на пратки во увоз и транзит на ветеринарни инспекциски места на граничните премини во Република Македонија во 2012 година

Во 2012 година, увезени се 14,832 пратки од кои 78% се увезени на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце, а 15% на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Богородица. Останатите 8% од увезените пратки се внесени на другите ветеринарни инспекциски места на граничен премин.

Во 2012 година, од вкупно 2,787 пратки во транзит, 38% минале на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце, 21% на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Богородица, 24% на Деве Баир, 14% на Ново

Село, а останатите 3% од пратките транзитирале на другите ветеринарни инспекциски места на граничен премин (табела 1 и слика 1).

***Табела 1:*** Број на пратки од животинско потекло кои се увезени и транзитирале на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2012 година

| **Ветеринарни инспекциски места на граничен премин** | **Увоз** | **Транзит** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Табановце** | 11.512 | 1.066 | **12.578** |
| **Богородица** | 2.173 | 577 | **2.750** |
| **Деве Баир** | 441 | 655 | **1096** |
| **Ново Село** | 53 | 381 | **434** |
| **Меџитлија** | 74 | 10 | **84** |
| **Аеродром Скопје** | 83 | 1 | **84** |
| **Кафасан** | 384 | 93 | **477** |
| **Блаце** | 112 | 4 | **116** |
| **Вкупно** | **14.832** | **2.787** | **17.619** |




***Слика 1.*** Вкупен број на увезени и транзитни пратки на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2012 година

Во периодот од 2007 до 2012 година во Република Македонија просечниот број на внесени – увезени пратки е 12,051, а просечниот број на пратки во транзит е 3,481.

Споредбено во периодот од 2008 до 2012, број на увезени пратки линеарно се зголемува, што не е случај и со пратките во транзит, каде се забележува благ пад на пратките.

Пикот кој досега ја одбележуваше 2007 година за број на увезени пратки во периодот од 2007 до 2012 година, согласно податоците, од сега ќе важи за 2012 година, што не е случај и кај бројот на пратки во транзит, пикот останува во 2007 година.

Во однос на просекот за периодот од 2007 до 2012 година, во 2012 година, бројот на пратки во увоз е зголемен за 23%, а на пратките во транзит е намален за 20% (табела 2 и слика 2).

***Табела 2:*** Број на пратки кои поминале на граничните премини при увоз и транзит во Република Македонија од 2007 до 2012 година

| | Година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Просечно 2007-2012 |
| **Увоз** | 12,826 | 9,905 | 10,008 | 11,173 | 13,560 | 14.832 | 12.051 |
| **Транзит** | 4,693 | 3,941 | 3,348 | 2,830 | 3,285 | 2.787 | 3.481 |
| **Вкупно** | **17,519** | **13,846** | **13,356** | **14,003** | **16,845** | **17.619** | **15.676** |




***Слика 2.*** Вкупен проток на пратки од животинско потекло (при увоз и транзит) на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во периодот од 2007 до 2012 година.

Преглед на увезени пратки млеко и производи од млеко во 2012 година

Во 2012 година увезени се вкупно 1,356 пратки млеко или 20,360,229 кгр и 3,244 пратки производи од млеко или 17,281,922 кгр, што ја одбележува оваа година со минимален пад од 2,05% помалку пратки млеко и производи од млеко во однос на 2011 година.

Пратките со млеко учествуваат со 9% од вкупниот број на увезени пратки во 2012 година. Најголем увоз на млеко во нашата земја во 2012 година има од Босна и Херцеговина (10,469,218 кг; односно 51% од увозот на млеко и 27% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки). Со значителен процент се истакнуваат и земјите: Србија (6,533,414 кг млеко; односно 32% од увозот на млеко и 17% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки) и Хрватска (2,674668 кг млеко; односно 13% од увозот на млеко и 7% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки).

Пратките со производи од млеко учествуваат со 70,5% од вкупниот увоз на млеко и негови производи. Најголеми земји извозници во Република Македонија на производи од млеко се: Германија, Србија, Хрватска, Грција и Чешка со 20,7%; 17,2%; 16%; 9% и 6% (соодветно во однос на количината) од увозот на производи од млеко и 9,5%; 8%; 7,3%; 4% и 3% од вкупната увозена количина на оваа категорија пратки (табела 3 и слика 3).

Пратките со  млеко во прав како производ од млеко кој најчесто се користи како суровина во млечната и прехранбената индустрија, учествуваат со скоро 6% од вкупниот увоз на млеко и негови производи. Најголем увоз на млеко во прав во нашата земја во 2012 година има од Чешка (965,870 кг; односно 36%). Во помал процент како земји извознички се јавуваат и Полска со 23% од пратките со млеко во прав , Словачка со 19% и Грција со 6%.

***Табела 3:*** Увоз на пратки млеко и производи од млеко во 2012 година

| Вид на пратка | Количина во килограми | Број на пратки |
|---|---|---|
| **Млеко** | 20,360,229 | 1,356 |
| **Сирење** | 3,495,200 | 766 |
| **Кашкавал** | 826,939 | 126 |
| **Згуснато млеко** | 1,565,822 | 78 |
| **Кандирано млеко** | 570,078 | 150 |
| **Путер** | 798,613 | 267 |
| **Млеко во прав** | 2,688,355 | 187 |
| **Други производи од млеко** | 7,336,915 | 1,670 |
| **Вкупно** | **37,642,151** | **4,600** |




*Слика 3.* Количини во килограми на увезено млеко и различни видови производи од млеко во 2012 година во Република Македонија

Во однос на 2010 година има зголемување во однос на увезеното количество **млеко**, и тоа за 15,3%, додека споредбено со 2011 година, во 2012 има зголемување на количеството за 6,8%. (слика 4). Кај **производите од млеко**, состојбата е малку поинаква, при што споредено со 2010 година, во 2012 зголемувањето изнесува незначителни 6%, додека споредено со 2011, во 2012 година имаме намалување на количината на увезени производи од млеко, и тоа за 13,5%. (слика 4).




*Слика 4.* Компаративен приказ на количество (кг.) на млеко и производи од млеко увезени во периодот од 2008 до 2012 година

## Преглед на увезени пратки месо и производи од месо во 2012 година

Во 2012 година увезени се вкупно 5,444 пратки месо што во споредба со 2011 година (4,743 пратки месо) е за 14,8% повеќе, следствено и во однос на увезенита количина килограми месо споредбено 2012 година (63,694,846 кг) и 2011 година (59,280,861 кг) има мал пораст од 7,5%. Живинското месо опфаќа 63% од вкупниот увоз на месо. Во увозот доминираат од Северна Америка – Канада со 4% и САД со скоро 3% од вкупната количина на увезено живинско месо, од Јужна Америка – Бразил со 22 % од вкупната количина на увезено живинско месо, а од Европските земји – Германија со 22% и Холандија со 11% од вкупната количина на увезено месо, како и со нешто помало учество: Словенија, Бугарија, Грција и Хрватска (од 6 до 2% од вкупната количина на увезено живинско месо). Свинското месо опфаќа 19% од вкупниот увоз на месо и најмногу е увезено од Шпанија со 41%, Канада со 25% и Германија со 14% од вкупната количина увезено свинско месо. Говедското месо опфаќа 18% од увозот на месо во 2012 година и најмногу од Австрија 50%, Полска 18%, Германија 14%, Бразил 4% како и Холандија и Романија со помалку од 2% од вкупната количина увезено говедско месо (слика 5).

Во 2012 година увезени се вкупно 1,749 пратки производи месо (8,688,346 кг.). Најмногу производи од месо во однос на количеството се увезени од Словенија 35%, Полска и Србија 13%, како и Босна и Херцеговина 8% и Хрватска 7%.

Компаративната анализа на увозот на месо за периодот од 2007 до 2012 година укажува на континуиран линеарен пораст на количество на увезени пратки месо и тоа за 10% во 2012 година споредено со просечно увезената количина месо во периодот од 2007 до 2011 година ( 57,781,717 килограми) (слика 5).

*Табела 4:* Увоз на месо и производи од месо во 2012 година

| Вид на пратка | Количина во килограми | Број на пратки |
|---|---|---|
| **живинско месо** | 25,336,935 | 2,089 |
| **МОМ од живина** | 11,350,953 | 741 |
| **говедско месо** | 10,024,347 | 831 |
| **свинско месо** | 11,658,123 | 807 |
| **живински внатрешни органи** | 3,388,941 | 355 |
| **говедски внатрешни органи** | 1,380,362 | 499 |
| **свински внатрешни органи** | 555,185 | 122 |
| **производи од месо** | 8,688,346 | 1,749 |
| **вкупно** | **72,383,192** | **7,193** |




*Слика 5.* Приказ на количество во килограми на увезени пратки месо во 2012 година




*Слика 6.* Компаративен приказ на увезени количини месо во периодот од 2007 до 2012 година

## Преглед на увезени пратки акватични животни и производи од акватични животни во 2012 година

Во 2012 година увезени се вкупно 857 пратки од аквакултура (разладена, замрзната, солена, чадена) и производи од аквакултура, или 6,968,785 кг, што е за незначителни 2% намален во однос на количеството килограми увезени во 2011 година ( 7,135,648 кг). За разлика од бројот на пратките кој е за незначителни 2% зголемен во споредба со 2011 година ( 838 пратки).

Во 2012 година исто како и во 2011 година, Аргентина е најголемиот извозник во нашата земја, со 31,4% од вкупната увезена количина на пратките производи од аквакултура (слика 7).

Втор најголем извозник во нашата земја е Тајланд, со 14% од вкупната увезена количина на пратките производи од аквакултура и 49% од увозот на производи од риба (конзервирана риба).

Од регионот, Грција е најголема земја извозник на пратки со риба и други акватични животни и тоа свежи/разладени, со 70% од увезената количина свежа риба, потоа следат Косово со 12%, Норвешка со 4% од увезената количина свежа риба, па Бугарија и Србија со 3%.

Останати земји од кои се увезува риба и производи од аквакултура се Бугарија со 10% и Шпанија со 5% од вкупната увезена количина на пратките риба и производи од аквакултура па потоа Грција, Хрватска, Виетнам, Полска и Тунис со~4%.




**Слика 7**. Најголеми земји извозници на риба и производи од аквакултура во 2012 година

**<u>Реализирани финансиски средства од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло на ветеринарни инспекциски места на гранични премини</u>**

Во 2012 година, од извршените проверки и прегледи на пратки од животинско потекло, при увоз и транзит на ветеринарните инспекциски места на граничните премини во Република Македонија, остварен е финансиски приход од 97,835,725 денари (приближно 1,587,985 евра).

Најголем финансиски приход од проверка и преглед на пратки од увоз и транзит, имаат остварено ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (71%) и Богородица (16%), а сите останати премини заедно 13% (табела 5).

Во однос на финансискиот приход од проверка и преглед на пратки од увоз, најголем удел имаат ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (74%) и Богородица (16%), а сите останати премини заедно 10%. Овие бројки укажуваат дека најфреквентни премини за увоз се Табановце и Богородица (слика 8).

Најголем удел во финансискиот приход од проверка и преглед на пратки од транзит, имаат ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (38%), Богородица (16%), Деве Баир (26%) и Ново Село (15%). Овие бројки укажуваат дека за транзит најфреквентни се повеќе премини и тоа: Табановце, Богородица, Деве Баир и Ново Село а само 4% од приходите доаѓаат од транзит преку останатите премини (табела 5).

При компаративна споредба на остварените приходи за 2012 година и годините 2007, 2008 и 2009, година, се забележува драстично зголемување на приходите од увоз, а намалување на приходите од транзит. Ова е уште еден показател за зголемениот увоз на производи од животинско потекло, и пласирање на овој вид производи со потекло од други земји, на пазарот во Република Македонија (табела 6), но споредбено со 2010 и 2011 година овој сооднос веќе се драстично се намалува и во просек изнесува околу 14% .

Во 2012 година, износот на приходите од увоз е зголемен за приближно 6 пати или 534% во однос на 2007 година, но споредбено со 2010 година овој процент веќе се намалува на 22%. Во однос на просекот од претходните пет години (периодот од 2007 до 2011 година) во 2012 година, износот на приходите од увоз зголемен е за 2,2 пати или 125% (слика 9).

Во 2012 година, износот на приходите од транзит е намален за приближно 3 пати или 69% во однос на 2007 година, односно намален е за 2 пати или 53,4% во однос на просекот од претходните пет години (периодот од 2007 до 2011 година) (слика 9). Споредбено со 2010 година приходите од транзит во 2012 година веќе се на исто ниво.

*Табела 5:* Финансиски прилив од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло при увоз и транзит на ветеринарните инспекциски места на граничен премин во 2012 год

| Граничен премин | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Табановце | 66,555,200 | 2,889,550 | 69,444,750 |
| Богородица | 14,626,700 | 1,247,700 | 15,874,400 |
| Ќафасан | 4,078,025 | 278,850 | 4,356,875 |
| Деве Баир | 3,196,950 | 1,964,400 | 5,161,350 |
| Блаце | 702,550 | 12,200 | 714,750 |
| Меџитлија, Ново Село, Аеродром Александар Велики) | 1,091,050 | 1,192,550 | 2,283,600 |
| Вкупно | **90,250,475** | **7,585,250** | **97,835,725** |

*Табела 6:* Финансиски прилив од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло при увоз и транзит на ветеринарните инсп екциски места на граничен премин во периодот од 2007 до 2012 година

| Година | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2007 | 14,215,490 | 24,119,300 | 40,212,690 |
| 2008 | 13,225,700 | 23,514,700 | 36,740,400 |
| 2009 | 13,667,460 | 17,317,475 | 30,984,935 |
| 2010 | 73,896,900 | 7,743,800 | 81,640,700 |
| 2011 | 85,158,100 | 8,678,100 | 93,843,000 |
| 2012 | 90,250,475 | 7,585,250 | 97,835,725 |

**Преглед на пратки кои при увозната постапка на ветеринарни инспекциски места на граничните премини се предмет на уништување или враќање во земјата на потекло**

Во 2012 година при извршување на задолжителната проверка и преглед на пратки од страна на официјалните ветеринари на граничните премини, со цел заштита на јавното здравје и здравјето на потрошувачите, во делот на превземање на безбедносни мерки, земени се вкупно 774 мостри за анализа, од кои 677 мостри, од пратки од животинско потекло како храна за исхрана на луѓе, и 97 мостри од пратки храна за исхрана на животни (слика 10). Како небезбедни за исхрана на луѓе, вратени и уништени се вкупно 10 пратки при увоз и 1 при транзит, или ~0,1 % од вкупниот број на увезени пратки од кои 3 пратки се месо и производи од месо, 5

пратки се производи од млеко, 2 пратки риба и производи од риба, како и 2 пратки наменети за исхрана на животни.

Причините за враќање или уништување на пратките од увоз се неисполнување на критериумите за безбедност на храна во однос на параметрите како :

- микробиолошка или хемиска неисправност/небезбедност на пратките од животинско потекло, како и

- несоодветна или непотполна документација со која треба да се потврди здравствената безбедност на истите.




*Слика 8.* Приказ на број на земени мостри за анализа од пратки храна од увоз, кои подлегнуват на преглед од официјален ветеринар на ГП во 2012 година

Во однос на количината, како не безбедни за исхрана на луѓе вратени и уништени се вкупно 46,239 килограм производи од животинско потекло. Најголем дел од пратките во количина од 39,500 килограми кои не се безбедни, вратени се во земјата на потекло со решение издадено од страна на официјален ветеринар на граничен премин, додека пак 6,739 килограми се нештетно уништени. Во 2012 година количината на вратени пратки се забележува само на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Богородица и тоа 85% од вкупната количина на вратени и уништени пратки пратки (слика 11) .

На ветеринарното инспекциско место на граничен премин Богородица повторно се забележува најголема количина на пратки за кои е наложено нештетно уништување или ~60% од вкупната количината на пратките предмет на уништување, додека пак ~36% на ГП Табановце и останатите 4% на граничниот премин Аеродром-Скопје (слика 12).



## VI. СЕКТОР ЗА ЕУ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### I. **Евроинтеграции и преговори**

*1. Следење на степенот на реализација на активностите предвидени со НПАА рев 2012 - Поглавје 12-Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика*

По усвојувањето на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ на 29 декември 2011 година, започна процесот на мониторинг на статусот на планираните активности предвидени со НПАА ревизија 2012 година. Агенцијата за храна и ветеринарство има координативна улога за Поглавјето 12 – Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика и воедно е носител на подрачјата од 1 до 5.

Поголем дел од законодавните активности предвидени со НПАА рев 2012 се реализирани, при што се донесени вкупно 29 подзаконски акти.

Во насока на воспоставување и зајакнување на организационите и структурните облици на Агенцијата за храна и ветеринарство, посебен акцент е ставен на управувањето со човечки ресурси, анализа на ризикот и спроведување на системот за внатрешна контрола, согласно Законот за безбедност на храна, усогласен со релевантното законодавство на ЕУ. Исто така воспоставен е систем за обуки, завршена е проценка на потребите за обуки за вработените од Агенцијата за храна и ветеринарство на централно и локално ниво. Постоењето на ваков систем ќе се овозможи непречено и самостојно спроведување на идентификуваните потреби за обуки на Агенцијата како на централно така и на локално ниво. Како резултат на тоа, значително ќе се олесни и забрза процесот на зајакнување на административните капацитети што е неопходно за ефикасно и ефективно работење на институцијата и во согласност со најдобрите практики.

Зајакнувањето на административните капацитети во насока на што поефикасна имплементација на законодавството усогласено со релевантното EU acquis продолжува и во понатамошниот период и претставува краткорочен односно среднорочен приоритет на институцијата.

Претставниците на АХВ (Раководителот на РГ за Поглавјето 12, вд. раководителот на Секторот за ЕУ и меѓународна соработка и Контакт лицето за поглавје 12) земаа учество во седниците на Поткомитетот и Работниот Комитет за евроинтеграции (РКЕИ) и Поткомитетот на РКЕИ.

Работната група за Поглавје 12 одржа неколку состаноци чија динамика произлезе од заклучоците донесени на седниците на РКЕИ. На истите беше следен напредокот во однос на активностите од евроинтеграцискиот процес, а посебно активностите планирани со НПАА рев 2012 од Поглавјето 12 се дискутираа, и беа

давани предлог решенија за надминување на можните проблеми. Најголем дел од заклучоците од одржаните состаноци беа реализирани во предвидените рокови.

*2. Подготовки и резултати од одржаниот 8-тиот состанок за Поткомитетот за земјоделство и рибарство*

По седум успешно одржани циклуси на состаноци на Поткомитетите во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 19 и 20 април 2012 година во Брисел беше одржан осмиот состанок на поткомитетот за земјоделство и рибарство. Согласно делокругот на Поткомитетот, Дневниот ред ги опфати следниве области: а.) Земјоделство и рурален развој (поглавје 11); б.) Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика **(поглавје 12)**; и в.) Рибарство (поглавје 13). Нацрт дневниот ред за состанокот за оваа година беше предложен од страна на Европската комисија и истиот беше усогласен со Република Македонија.

Преку поткомитетот се следи и одржува континуиран дијалог, а Европската комисија ја креира платформата за напредокот кој Република Македонија го постигнува во насока на исполнувањето на економските критериуми во делот за земјоделството и руралниот развој, безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика и рибарството.

Како подготовка на одржувањето на осмиот состанок на Поткомитет за земјоделство и рибарство, беа одржани неколку подготвителните состаноци по иницијатива на Ко-претседавачот за Република Македонија, на кои беа разгледувани повеќе прашања.

Во процесот на подготовка на излагањата и материјалите за состанокот беа земени во предвид забелешките содржани во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во Европската унија за 2011 година, како и констатациите изнесени на Комитетот за стабилизација и асоцијација.

По изработката во предвидените рокови, според веќе востановената практика, материјалите беа доставени на македонски јазик за разгледување и одобрување од страна на Владата на РМ, еден месец пред одржување на Поткомитетот односно на англиски јазик три недели пред одржување на состанокот на Поткомитетот, за разгледување од страна на Европската Комисија.

Состанокот на поткомитетот успешно се одржа на 20.04.2012 година, притоа Европската комисија го поздрави позитивниот напредок во Поглавјето 12 во процесот на евроинтеграциите, остварен во текот на 2011 година.

*3. Изработка на Придонес кон извештајот на Европската Комисија за Поглавје 12*

Во периодот септември 2011-април 2012 по доставеното барање и добиените насоки од страна на Секретаријатот за Европски прашања, Агенцијата за храна и ветеринарство во рамки на своите надлежности го подготви Придонесот кон Извештајот на Европската Комисија за напредокот на РМ во евроинтеграцискиот процес за периодот септември 2011-април 2012 во кој беше нотиран постигнатиот напредок. Според воспоставената пракса материјалот беше подготвен хронолошки, системски, сеопфатен и со детален приказ на областите во кој е постигнат напредокот во безбедноста на храната и ветеринарната политика преку обезбедување на квалитативни и квантитативни податоци за усвоеното законодавство усогласено со Европското acquis, како и зајакнувањето на административниот и институционалниот капацитет. Посебен акцент беше ставен на степенот на имплементација на усвоеното законодавство усогласено со acquis на Европската унија, како и понатамошни чекори што треба да се преземат за зајакнување на административните капацитети на институцијата во насока на ефикасна имплементација на законодавството.

За да се постигне сеопфатност во изработката на материјалот беа земени предвид: коментарите на ЕК од последниот извештај (посебно во делот каде што е постигнат извезен напредок и потребно земјата да вложи понатамошни напори); препораките од 8-миот состанок на поткомитетот за земјоделство и рибарство и воедно обврски од страна на ВРМ; степенот на реализацијата на обврските од Претпристапното партнерство како и планираните активности од НПАА ревизија 2012.

Во текот на целиот процес на изработката се обрна внимание на квалитетот на материјалот, бидејќи истиот е основа за изработка на Извештајот на ЕК за напредокот на РМ и а со тоа влијае на оценката која се дава во самиот извештај.

Материјалот беше доставен до Секретаријатот за Европски прашања во електронска и хартиена форма на македонски и англиски јазик во предвидениот рок, 11.04.2012.

Во периодот *мај - август 2012* исто така, според воспоставената пракса беше извршено дополнување на придонесот кон извештајот на Европската Комисија за Поглавје 12 за периодот мај-август 2012. Материјалот беше доставен до Секретаријатот за Европски прашања во електронска и хартиена форма на македонски и англиски јазик во предвидениот рок, 06.08.2012.

*4. Анализа на извештајот на ЕК за постигнатиот напредок на РМ во евроинтеграцискиот процес*

По добиенот изештај од ЕК на 10 октомври 2012 година, се пристапи кон анализа на Поглавјето 12 од извештајот од страна на АХВ. Во однос на минатата година во

рамки на Поглавјето 12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, постигнат е добар напредок во многу области за кои Европската Комисија во минатогодишниот Извештај (за 2011 година) имаше забелешки, а посебно во однос на зајакнувањето на институционалните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство, како и имплементацијата на повеќе програми за контрола и искоренување на заразни болести.

Според тоа, Агенцијата за храна и ветеринарство во понатамошниот период продолжува со понатамошно зајакнување на институционалните и административните капацитети, како и одржување и надградба на веќе воспоставените системи во нејзина надлежност, имајќи ги предвид пред сè расположливите финансиски средства.

*5. Подготовка на НПАА ревизија за 2013 година – Поглавје 12*

АХВ е назначена за координатор во подготовката на НПАА за Поглавјето 12 , имајќи предвид дека поголем дел од активностите во поглавјето (активности во 5 од вкупно 6 подрачја) се во нејзина надлежност. По добиените насоки од СЕП на 12.11..2012 година започна процесот на подготовка на НПАА ревизија 2013 година. При изработката како на наративниот текст така и на прилозите од НПАА, беа земени предвид забелешките од последниот извештај од ЕК (2011) . Динамиката се одвиваше по следниот редослед согласно насоките добиени од страна на СЕП:

а.) На 30-ти ноември беше доставена првичната верзија од страна на АХВ како координатор за Поглавје 12 на Наративен текст и Матрицата со цели и активности (Прилог на НПАА) до СЕП;

б.) Доставување на првичната верзија на пополнети обрасци за буџет и вработување (Прилози на НПАА) на 7-ми декември 2011;

в) Меѓуресорска консулатција: 10-14 декември; НПАА беше доставена во Владина процедура за одобрување: 17 декември.

**II. Европско законодавство**

Агенцијата за храна и ветеринарство како носител на политиката за безбедност на хранат и ветеринарството во Република Македонија, извршува активности поврзани со превземањето на европското законодавство во националното законодавство. Така во изминатата година изготвена е ИТ база за чување и обработка на податоци поврзани со законски и подзаконски акти кои се усогласени со релевантните ЕУ мерки од областа на ветеринарното здравство, безбедност на храната и храната за животни и ветеринарно медицински препарати.

Во 2012 година исто така изготвени се неколку стратешко-оперативи документи, од кои вреди да се издвои *Повеќегодишниот национален контролен план за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата (2012 - 2016)* („Службен весник на Република Македонија“ број 105/12) со кој се обезбедува ефикасност на официјалните контроли за безбедноста на храната и храната за животни.

Во изминатата година изготвени се и усвоени следните законски и подзаконски акти кои се предвидени со НПАА:

1) Закон за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12);
2) Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на класична чума кај свињите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/12);
3) Правилник за сузбивање и искоренување на африканска чума кај свињите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 91/12);
4) Правилник за барањата за операторите со храна за животни во која било фаза на производство, преработка и дистрибуција на храната за животни, како и хигиенските барања за добрите пракси за исхрана на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/12);
5) Правилник за адитивите што можат да се употребуваат во производство на храна („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/12);
6) Правилникот за посебните барања за безбедноста на храната произведена со иновирани технологии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/12);
7) Правилник за листа на непожелни супстанции во храната за животни и максимално дозволено ниво и критичните точки за спроведување на истражување за идентификација на изворот и причините за пречекорување на максимално дозволеното ниво („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/12);
8) Правилник за ветеринарно медицински препарати кои привремено се ставаат во промет, начинот на нивната употреба како и контролата на ставање во промет и употреба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/12);
9) Правилник за составот и означувањето на прехранбените производи за лица нетолерантни на глутен („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/12);
10) Правилник за начинот на распоредување на ветеринарно-медицинските препарати во одделни категории и начинот на препишување и издавање на ветеринарно-медицинските препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/12);
11) Правилник за информациите кои треба да ги содржи извештајот за оцена на ветеринарно-медицинските препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 104/12);

12) Правилник за формата и содржината на образецот, како и начинот на известување за сериозните, неочекуваните несакани и несаканите дејства од употребата на ветеринарно-медицинските препарати, како и начинот на нивно следење, собирање и евидентирање од носителите на одобрението за ставање во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/12);

13) Правилник за општи и посебни барање за безбедност на храната за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/12);

14) Правилник за начинот и постапката за земање примероци, начин и методите на вршење на лабораториски анализи на храната за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 151/12);

15) Правилник за посебни барања за контрола на *trichinella* во месото („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/12);

16) Правилник за посебните барања за безбедност на природната минерална вода („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/12);

17) Правилник за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/12);

18) Правилник за начинот на идентификација и регистрација на копитари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/12);

19) Правилник за барањата кои треба да ги исполнува докторот по ветеринарна медицина како носител на дејност во производството на ветеринарно-медицински препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/12);

20) Правилник за начинот на вршење на официјални контроли на ветеринарно-медицинските препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/12);

21) Правилник за посебните барања за безбедност на додатоците за исхраната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/12);

22) Правилник за општи барања за примарно производство и придружни операции како и општите барања за сите оператори со храна („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/12);

23) Правилник за ветеринарно-здравствените услови за ставање во промет на семе за вештачко осеменување, ембриони и јајце клетки, начинот на водење на евиденција, условите во поглед на кадарот, просториите, опремата и инструментите, начинот и условите за одобрување на тимовите за ембриотрансфер како и официјалните контроли на семе за вештачко осеменување, јајце клетки и ембриони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/12);

24) Правилник за заштита и благосостојба на животните за време на превоз („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/12);

25) Правилник за начинот и постапката за увоз и транзит, начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со нуспроизводи од животинско потекло, формата и содржината на ветеринарно – здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со нуспроизводи од животинско потекло, како и листата на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/12);
26) Правилник за услови за ставање во промет на медицинирана храна за животни, формата и содржината на ветеринарниот рецепт за медицирана храна за животни и начинот на негово издавање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/12).

Во 2012 донесени се следните национални законски и под законски акти, како и измени и дополнувања на законските и под законските акти:

1) Закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 123/12);
2) Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/12);
3) Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/12);
4) Правилник за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службени контроли на млекото и млечните производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/12);
5) Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за одобрување на операторите со храна и објектите за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/12);
6) Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за одобрување на операторите со храна за животни и објектите под нивна контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/12);
7) Правилник за начинот на спроведување и обезбедување на следливост на храната од животинско потекло и храната за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/12);
8) Правилник за формата, содржината и начинот на издавањето на комерцијалниот документ за храна од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/12);
9) Правилник за начинот и постапката на добивање на одобрение на превозниците и превозните средства за храна и други производи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија“ бр. 73/12);

10) Листа на категоризирани нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/12);

11) Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за образецот и содржината на сертификатот кој ја придружува пратката при увоз на храна за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/12);

12) Правилник за начин и постапка за идентификација и регистрација на пчелите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/12);

13) Исправка на правилникот за за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба - храна наменета за користење во диети со ограничена енергетска вредност со цел намалување на телесната тежина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/12);

14) Правилник за изменување на правилникот за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба диететска храна за посебни медицински намени („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/12);

15) Правилник за квалитетот на маслата за јадење и масти од растително потекло и на маргаринот, мајонезот и на нив сродни производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/12);

16) Исправка на Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба диететска храна за посебни медицински намени („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/12);

17) Правилник за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за одобрување на барањето за овластување на одгледувачи за вршење на апликација на средствата за идентификација на животните и внесување на податоците во Електронската база на податоци на животните од своето одгледувалиште односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за овластување на одгледувачи за вршење на апликација на средствата за идентификација на животните и внесување на податоците во Електронската база на податоци на животните од своето одгледувалиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/12);

18) Правилник за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за одобрување на барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животни односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/12);

19) Правилник за формата и содржината на поканата за едукација и начинот на спроведување на едукација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/12);

20) Правилник за начин на вршење на официјални контроли за верификација на прописите за безбедност на храната за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/12);
21) Листа на суровини, материјали и други производи чие ставање во промет и употреба се забранети („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/12);
22) Правилник за барањата во однос на квалитетот на супите, концентратите за супа, концентратите за сосови и на додатоците за јадење и на сродните производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12);
23) Листа на животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои при увоз подлежат на проверка од страна на официјален ветеринар на граничен премин („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/12).

Акти кои се во постапка на усвојување се:

1) Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните;
2) Правилник за условите за увоз на семе за вештачко осеменување, ембриони и јајце клетки, листи на трети земји од кои е дозволен нивниот увоз и содржината и формата на ветеринарно-здравствениот сертификат или друг документ што ја придружува пратката;
3) Правилник за условите за ставање во промет на аквакултура;
4) Правилник за условите за ставање во промет на животни од видот говеда и свињи;
5) Правилник за условите за ставање во промет на на овци и кози;
6) Правилник за условите за ставање во промет на на копитари;
7) Правилник за условите за ставање во промет на живина и јајца за ведење.

**III. Меѓународна соработка и комуникација**

Во делот на меѓународна соработка и комуникација за 2012 година остварени се следните активности:

1. Договорот за ветеринарна соработка меѓу Владата на РМ и Советот на министри на Босна и Херцеговина е потпишан на 11.01.2012 година во Сараево.
2. Спогодба помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Министерството за земјоделство, трговија, шумарство и водостопанство на Република Србија, во областа на безбедност на храната и ветеринарството, е потпишана во Белград на 03.02.2012
3. Согласно заклучокот на Владата на Република Македонија на својата Деведесет и шеста седница, одржана на ден 11.11.2012 година, Агенцијата за храна и ветеринарство достави Предлог за поведување постапка за водење преговори за случување на Договор за соработка во областа на ветеринарството и безбедност на

храната помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово, со нацрт- текст на Договорот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. На својата Сто и шеснаесетта седница, Владата на Република Македонија го усвои Предлог за поведување постапка за водење преговори за случување на Договор за соработка во областа на ветеринарството и безбедност на храната помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово и го прифати Нацрт-текстот на Договорот.

4. Согласно надлежностите на Агенцијата за храна и ветеринарство – контрола на безбедноста на храната и храната за животни, здравствената заштита и благосостојбата на животните, ветеринарното јавно здравство и контрола на лабораториите кои даваат подршка за потребите на АХВ – истата е корисник на специјализираните обуки во горенаведените области во организација на Генералниот директорат на Европската комисија (ЕК) за "Здравје и потрошувачи" (*DG SANCO),* поточно програмата "*Better training for safer food"*, како и корисник на *TAIEX* (*Technical Assistance and Information Exchange Instrument*), инструментот со кој раководи Генералниот директорат за проширување на ЕК (*DG Enlargement*).

   Во рамките на програмата "*Better training for safer food"* на *DG SANCO* во текот на 2012 година беа реализирани вкупно 63 обуки во странство, и тоа во 18 различни тематски области:

| **Име на обуката** | **Вкупен број на учесници** |
|---|---|
| Резидуи на ВМП во храна од животинско потекло | 4 |
| Аудит на HACCP системите | 8 |
| Превенција и контрола на болестите кај животните што се во пораст | 1 |
| Хигиена на храна и контролни програми: | |
| - месо и производи од месо | 2 |
| - млеко и млечни производи | 3 |
| - риби и живи бивалвни мекотели | 2 |
| - храна за бебиња | 2 |
| Ветеринарни прегледи на граничен премин: | |
| - Пристаништа | 1 |
| - Патишта и железница | 1 |
| Зоонози и микробиолошки критериуми за храна | 5 |
| Благосостојба на животните | 8 |
| Закон за храна за животни | 5 |
| Официјални контроли за храна од неживотинско потекло | 5 |
| Превенција, контрола и искоренување на ТСЕ | 3 |
| Здравствена состојба на пчелите | 1 |
| Адитиви во храна | 1 |
| Имплементација на Аудит системите на официјални контроли | 2 |
| Шеми за квалитет | 3 |
| Материјали што доаѓаат во контакт со храната | 4 |
| Анализа на ризик | 1 |
| Планови за итни мерки и контрола на болестите кај животните | 1 |

| RASFF | 1 |
|---|---|

5. Во однос на *TAIEX* инструментот, во 2012 година беа изработени и доставени до Секретаријатот за европски прашања за понатамошно проследување неколку апликации за *TAIEX* работилници и тоа:

- Работилница за спроведување на ОИЕ стандардите за контрола на кучињата скитници и контрола на зоонозите во Република Македонија

- Работилница/Симулациона вежба за планот за итни мерки за шап и лигавка
- Работилница за религиозно колење
- Работилница за контрола при увоз и транзит на мешовити производи, и
- Работилница за контрола при увоз на нус-производи од животинско потекло.

Горенаведените работилници се одобрени од страна на Генералниот директорат за проширување на ЕК и истите ќе се реализираат во текот на 2013 година.

Во 2012 година беше остварена една *TAIEX* студиска посета во Копенхаген, Данска, во периодот од 10-ти до 14-ти декември за Планови за итни мерки и работење на кризните центри. На студиската посета учество земаа тројца претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство. .

Во Тирана на 9-ти мај 2012 година се одржа *TAIEX* Меѓународна работилница за животни во зоолошки градини, диви животни и зоонози на којшто настан, тројцапретставници од АХВ беа поканети и земаа учество. Истотака, тројца претставници од АХВ земаа учество и на *TAIEX* Работилницата за регионална контрола и стратегии за искоренување на бруцелозата кај стадата овци и кози, која се одржа во Загреб на 17-ти јануари 2012.

На покана на Светската организација за здравствена заштита на животните (OIE), во Куала Лумпур, Малезија, во периодот од 6-8 ноември 2012 еден претставник на АХВ учествуваше на конференцијата *“Implementing the OIE standards – addressing regional expectations”.*

6. Во рамките на проектот на Кралството Шведска “Развој на инфраструктурата за квалитет и регулативата за контрола на безбедноста и квалитетот на храната во Југоисточна Европа”, во текот на 2012 година во Република Македонија се одржаа повеќе тематски различни обуки, вкупно 14, а беше организирана и Студиска посета за претставници од АХВ на Кралството Шведска. Деталите во врска со одржаните обуки и бројот на учесници на истите се дадени во табелата подолу.

| **Име на обуката** | **Број на учесници** |
|---|---|
| Принципи на стандардот ISO 9001:2008 и ISO 17020 | 17 |
| EN 45011 ISO/IEC водич 65, Општи барања за тела кои работат со системи за сертификација на производи | 11 |
| Обука за обучувачи, обука за инспекторите на инспекциските тела во согласност со стандардот ISO 17020 | 15 |
| Контролни техники при вршење на официјалните контроли | 92 |
| Обука за HACCP | 101 |
| Мониторинг и контрола на салмонела и други зоонотски агенси | 56 |
| Семинар за ISO 17025 | 14 |
| Квалитет на информативниот систем на лабораториите за контрола на храна | 4 |
| Мерна несигурност во микробиолошки лаборатории | 1 |
| Микробилошки критериуми за храна | 36 |
| Контрола на температура и одржување на ладен ланец на храна | 29 |
| Здравствени тврдења | 12 |
| Барања за примарно производство и придружни операции | 38 |
| Контрола на резидуи и нелегални супстанции | 18 |
| Студиска посета во Кралството Шведска | 10 |

7. Во рамките на ИПА/ТАИБ 2008 проектот “Изградба на капацитетите на ветеринарната служба во имплементација на ЕУ *Acquis*” чијашто имплементација финализираше во 2012 година, се одржаа следните обуки:

| **Име на обуката** | **Број на учесници** |
|---|---|
| ГМО, означување на храната и исхрана | 20 |
| Анализа на ризик | 17 |
| Благосостојба на животни | 44 |
| Контрола при увоз на храна од неживотинско потекло | 20 |
| Идентификација и регистрација на животни | 47 |
| Официјални контроли на храна за животни | 21 |
| Здравствена заштита на животните | 45 |
| Официјални контроли на храна од животинско потекло | 71 |
| Нус-производи од животинско потекло и ТСЕ | 19 |
| Здравствена заштита, зоонози, предизвикувачи на зоонози, мониторинг на антимикробна резистенција | 30 |

## IV. ИПА (IPA-Instrument for pre accession)

Во рамките на *Секторот за ЕУ и меѓународна соработка* функционира ИПА/работна група , која ги опфаќа следните одговорности: Виш програмски службеник; службеник за техничка имплементација; службеник за мониторинг и евалуација и службеник за програмирање.

Основните функции на ИПА/работната група се програмирање на проекти, целосна договорност во техничката имплементација и спрведување на мониторинг на активностите од проектните задачи.

Во текот на 2012 година спроведени се активности кои произлегуваа од наведените Проектни Фишеа (ПФ):

1. 'Изградба на капацитети на ветеринарната служба со цел имплементација на ЕУ законодавството"- ИПА ТАИБ 2008

   Договорот за услуги планиран со ова ПФ беше имплементиран централизирано од страна на Делегацијата на ЕУ од 16.08.2010 до 15.12.2012 година. Имплементацијата на овој договор доведе до зајакнување на капацитетите на ветеринарните служби во РМ, односно на сектори во самата АХВ и тоа во делот на:

   - Воспоставен професионален систем за човечки ресурси;
   - Воспоставен внатрешен аудит систем во АХВ;
   - Зајакнување на контролата на болести кај животните со посебен акцент на болеста беснило и класична свинска чума;
   - Зголемен капацитетот на Националната Референтна Лабораторија;
   - Воспоставување на систем за отстранување на отпад од животинско потекло;
   - Надградба на системот за идентификација и регистрација на животни.

2. "Изградба на надлежните органи задолжени за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика"- ИПА ТАИБ 2009

   Договорот за услуги планиран со ова ПФ е во фаза на тендерирање.

3. "Зајакнување на административните и институционални капацитети на надлежните органи задолжени за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика"- ИПА ТАИБ 2010, со кој се предвидени **5 договори** (твиниг, набавка на опрема за инспекциски служби, набавка на вакцини против беснило, изградба на ГИМ Блаце и супервизија на градежните работи, Рамковен договор за ревизија на тендерса докумнетација за изградба на Блаце ), од кои:

- Започна имплеметацијата на Договорот за набавка на вакцини против болеста беснило, при што набавката и дистрибуцијата на вакциналните мамки на целата територија на Република Македонија се изврши во месец Октомври 2012 година (прва вакцинална кампања против беснило кај дивите животни).
- Завршена е тендерската постапка за Рамковниот договор за ревизија на тендерска докумнетација за изградба на Блаце и проектот е во фаза на имплементација

4. "Понатамошно усогласување на безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика со барањата на ЕУ" – ИПА 2012, со кое е предвидено потпишување на еден твиниг договор

**V. Стратешко планирање**

Стратешкото планирање во Агенцијата за храна и ветеринарство се спроведува континуирано во среднорочна тригодишна рамка. Во планот на Агенцијата се одразени приоритетите, целите, програмите и активностите за наредните три години.

По донесувањето на Одлуката за стратешките приоритети на Владата и одредување на фискалната рамка се изготви нацрт - Стратешкиот план за 2013-2015 год. во кој се содржани програмите и активностите преку кои се планира остварување на целите и приоритетите, а во функција на визијата и мисијата на институцијата во наредниот тригодишен период. Стратешкиот план за периодот 2013-2015 е изработен врз основа на анализа на постигнатите резултати во текот на 2011 година како и постигнатите резултати во изминатата 2012 година и резултатите што треба да се реализираат до крајот на 2012 година..

Во состав на нацрт- Стратешкиот план беа вклучени и плановите на програмите за развој кои се однесуваат на развојни проекти, како и програмите преку кои се прикажани средства од Фондовите на ЕУ и национално кофинансирање.

Одделението за стратешко планирање учествуваше и во изготвување на Предлог Буџетот на Агенцијата за храна и ветеринарство.

нацрт -Стратешкиот план и предлог Буџетот беа доставени до Генералниот секретаријат и Министерството за финансии во предвидените рокови.

По усвојувањето на буџетот, се изработи скратена верзија на Стратешкиот план која треба да биде објавена на интернет страницата на Агенцијата во почетокот на 2013год. со што би се обезбедила транспарентност во спроведување на политиките на Владата и трошењето на буџетските средства.

Одделението за стратешко планирање изготви и Процедура за изготвување на стратешкиот план и предлог Буџетот на Агенцијата за храна и ветеринарство

**VI. Инспекциски контроли од страна на европската комисија – ФВО**

**(FVO- Food and Veterinary Office)**

Во текот на 2012 година, Агенцијата за храна и ветеринарство беше двапати предмет на аудит од страна на инспекциските служби на Европската комисија, и тоа:

1. **ФВО мисија за генерална проценка на контролата на безбедност на храна и добиточна храна, здравствена заштита на животните, благосостојба на животните и здравјето на растенијата DG(SANCO)/2012-6425**

Од 23-27 Април 2012 година, беше спроведен аудит од страна на Канцеларијата за храна и ветеринарство (ФВО) во рамките на Генералниот Директорат за здравје и заштита на потрошувачи на Европската Комисија, како нивно инспекциско тело. Мисијата е дел од планираната програма за аудит на ФВО за 2012 година за земјите членки на ЕУ, земјите кандидатки и трети земји.

Целта на овој аудит беше овозможување на ФВО да се запознае со структурата, организацијата и функционирањето на контролниот систем за безбедност на храна и храна за животни (вклучително и здравствената заштита на животните, благосостојбата на животните и здравјето на растенијата) во Република Македонија. Исто така се изврши преглед на направениот напредок во однос на препораките дадени во аудит извештаите кои датираат од посетата во Јуни 2008 година. Се направи и преглед на процесот на усогласување на Националното законодавство со Европското законодавство (Поглавје 12), неговата ефективна имплементација.

За време на аудитот беа разгледани 46 препораки (од кои 42 за верификација), предложени од ФВО мисии спроведени во претходните неколку години. Девет препораки за пестициди наведени во 2010-8780 аудитот беа проценети врз основа на наодите од 2012-6286 аудитот кој што се спроведе после аудитот за генерална проценка. Од 55 препораки кои беа разгледани, за 5 потребно е да се спроведат дополнителни активности, 31 се во постапка и 19 се затворени.

2. **ФВО мисија за евалуација на контролата на пестициди во храна од растително потекло наменета за извоз во Европската унија DG(SANCO)/2012-6286**

Од 5-12 Јуни 2012 година беше спроведен аудит со цел да се процени контролата на резидуи од пестициди во храната од растително потекло, особено кај јаболката, трпезното грозје и краставиците, наменети за извоз во ЕУ. Аудит тимот беше составен од двајца инспектори од ФВО и еден експерт од Земја членка. Аудитот

беше спроведен како дел од годишната аудит програма на ФВО, во контекст на зголемен аудит во третите земји, со цел евалуација на контролните системи и оперативни стандарди во овој сектор. За целото време на аудитот тимот беше придружуван од претставници на надлежните органи т.е од АХВ и ДИЗ.

Во текот на аудитот се изврши контрола на местото на производство и извоз, вклучително и ревизија на националното законодавство, структурата на надлежните органи и нивните капацитети за спроведување на контролата, лабораториските капацитети и мерките кои се на сила за одредување на резидуи од пестициди. Контролата на резидуи е директно поврзани со националните прописи со кои се регулира овластувањето, ставањето во промет како и користењето на Средства за заштита на растенија (СЗР), контролниот систем од оваа област претставува дел од аудитот.

Заклучокот кој произлезе по спроведувањето на овој аудит е дека востановен е систем и регуларни контроли кои се спроведуваат кај трговците со пестициди. Препораки кои произлегоа од овој аудит се да се обезбеди:

1. зајкнување на официјалните контроли на СЗР, во насока на контрола на производители чии производи се наменети за извоз во ЕУ со цел обезбедување гаранции дека извезените производи се согласно барањата наведени во Член 18 од Регулативата 396/2005;
2. апликационите шеми на СЗР користени од производителите на овошје и зеленчук наменети за извоз во ЕУ, даваат гаранции дека извезените производи ги исполнуваат ЕУ Максимално ниво на резидуи наведено во Регулативата 396/2005;
3. храната од растително потекло наменета за извоз во ЕУ ги исполнува релевантните барања од законот за безбедност на храна, наведено во Член 11 од Регулативата 178/2002 и не содржи никакви резидуи од пестициди кои ги надминуваат Максималното ниво на резидуи. Во овој контекст Надлежните органи треба да ја подобрат нивната меѓусебна соработка, да обезбедат пишани процедури и инструкции за спроведување на официјални контроли, како и да организираат соодветни обуки за вработените вклучени во официјалните контроли, со цел подобрување на ефективноста и ефикасноста на официјалните контроли за пестициди;
4. спроведување на внатрешна истрага како одговор на EU RASFF нотификација земајќи го во предвид CODEX Guidelines CAC/GL 25-1997 за размена на информации помеѓу земјите при одбивање на увоз на храна, точка 6;
5. проширување на опфатот на аналити барани во примероците од официјалните контроли, како и обезбедување дека сите лаборатории вклучени при контрола на извоз ги применуваат интернационално признаени техники за квалитет кои пак се евалуирани и/или акредитирани според официјално признаени програми за управување со квалитет и безбедност, како што се ISO/IEC 17025, со цел обезбедување на сигурност на аналитичките резултати.

## VII. СЕКТОР ЗА СТРУЧНА ПОДДРШКА

Секторот за стручна подршка врши проценка на ризикот и комуникација на ризикот во поглед на безбедноста на храната и храната за животни, со цел навремено превенирање на сите потенцијални опасности. Секторот е контакт точка за Република Македонија за системот за брзо известување - РАСФФ и воспоставува систем за навремено предупредување во однос на безбедноста на храната. Секторот е одговорен за спроведување и на ИСО стандардите за управување со квалитет, координација и контрола на лабораториите кои се под надлежност на Агенцијата и кои извршуваат активности од јавен интерес, ги спроведува и координира активностите на Агенцијата во однос на одобрување и регистрација на правни субјекти и физички лица согласно важечките прписи од областа на безбедност на храна и храна за животни, ветеринарното здравство и ветеринарно медицински препарати. Во овој Сектор постојат пет одделенија:

- Одделение за проценка на ризик,
- Одделение за комуникација на ризик и Систем за брзо известување (РАСФФ),
- Одделение за управување со системи за квалитет,
- Одделение за координација и контрола на лаборатории ,
- Одделение за заштита на потрошувачите.

Во текот на 2012 година беа реализирани следните активности:

- Подготвен е предлог за „Организациона поставеност и структура на системот за анализа на ризик со осврт на проценката и комуникацијата со ризикот по безбедноста на храната во Р.Македонија и „План за реализација на активности за исполнување на целите во поглед на проценката и комуникацијата со ризикот по безбедноста на храната“.
- Обука на вработените од секторот за стручна поддршка за анализа на ризик во рамки на проектот IPA 2008, “Capacity building of the veterinary service for the implementation of the EU Acquis”
- Во рамки на Системот за управување со квалитет, подготвени се 2 Упатства и 4 процедури од областа на проценката на ризик и воспоставување и координација на научните мрежи од страна на АХВ.
- Упатство за размена на информации при одбивање на увоз на храна помеѓу Република Македонија и друга земја, кое е подготвено според препораките и насоките на истоименото упатство “Guidelines for the Exchange of Information on Rejections of Imported Food” CAC/GL 25-1997, публикувано од Комисијата за

Кодекс Алиментариус, а со цел да ја олесни официјалната инспекциска контрола при увоз на храна што се спроведува заради верификација на усогласеност со прописите од областа на безбедноста на храната на Р.М.

Во рамките на проектот “Capacity building of the veterinary service for implementation of EU Acquis”, - финасиран од ИПА 2008, компонентата 2 за зајакнување на инспекциските служби на Агенцијата во однос анализата на ризикот по безбедноста на храната, реализирана е обука во траење од две седмици, за анализа на ризик по безбедноста на храната, со акцент на проценката и комуникацијата со ризикот, на која партиципираа претставници од сите вклучени страни во оваа област.

Изготвена е анализа на тековната состојба, како и експертска консултација за можен модел на организациона и структурна поставеност на проценката и комуникацијата со ризикот во АХВ, односно во Р.Македонија.

Во согласност со препораките од експертскиот Извештај од наведената обука формирана е Работна група во АХВ.

Работната група одржа повеќе состаноци и ги подготви следните документи:

- Предлог - Организациона поставеност и структура на системот за анализа на ризик, со осврт на проценката и комуникацијата на ризикот по безбедноста на храната во Република Македонија/ на Агенцијата за храна и ветеринарство.
- План за реализација на активности за исполнување на целите во поглед на проценката и комуникацијата со ризикот.

Подготвениот предлог е прифатен од страна директорот на АХВ.

Со прифаќање на организационата структура за проценка на ризик по безбедноста на храната, се исполнува еден од клучните предуслови за воспоставен интегриран систем за безбедност на храна базиран на анализа на ризик.

Во согласност со наведеното, АХВ се определи за воспоставување на организациона структура на системот за проценка и комуникација со ризикот по безбедноста на храната во Република Македонија. Како најдобра опција прифатен е пристапот на функционална сепарација на проценката на ризик во рамки на АХВ и со тоа започнаа активности за воспоставување на внатрешна реорганизација, особено во делот што се однесува на проценката и комуникацијата со ризик по безбедноста на храната.

Целта на ова преструктуирање е да се подобри ефикасноста и ефективноста во работењето при оптимална употреба на ресурсите на АХВ.

Во Планот за реализација на активности за исполнување на целите во поглед на проценката и комуникацијата со ризикот, предвидена е краткорочна активност

насловена како „Измени и дополнување на внатрешните акти на АХВ". Како среднорочна активност во споменатиот план, предвидени се измени и дополнување на Законот за безбедност на храната, во поглед на надлежностите на АХВ, со цел да се дефинира улогата на АХВ како референтна точка за проценка на ризик во Р.Македонија.

Генерални цели, во контекст на споменатата реорганизација на АХВ се следните:

- Воспоставување и градење на стратешка координација со научни институции и поддршка на научните активности.
- Воспоставување и градење на стратешки пристапи кон комуникационите активности на АХВ.
- Консолидирање на ресурсите за јавно здравствените приоритети, како што се хемиските и биолошките контаминенти, како и за здравјето на животните и растенијата.

Со донесувањето на Законот за безбедност на храната,( Службен весник на РМ 157/2010), и формирањето на Агенцијата за храна и ветеринарство, консеквентно донесени се и внатрешните акти на АХВ, Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за храна и ветеринарство и Правилник за внатрешна организација на Агенцијата за храна и ветеринарство, како основа за формирање на Секторот за стручна поддршка, во чиј состав се *одделението за проценка на ризик, одделнието за комуникација со ризик, одделението за заштита на потрошувачи, одделението за квалитет и одделение за координација и контрола на лабораториите*

## VII.1. <u>Одделение за проценка на ризик</u>

Овој период беше обележан со значајни настани во областа на проценката на ризикот по безбедноста на храната. Во согласност со законските барања за воспоставување на интегриран систем за контрола на безбедноста на храната, базиран на анализа на ризик, произлезе ургентна потреба за воспоставување на базични услови за проценка на ризик по безбедноста на храната во Р. Македонија. Во овој контекст, подготвен е Предлог за Организациона поставеност и структура на системот за анализа на ризик, со осврт на проценката и комуникацијата со ризикот по безбедноста на храната во Република Македонија. Ова ќе придонесе до сеопфатно унапредување на капацитетот и способноста на АХВ и нејзината посветеност за исполнување на целите во поглед на проценката и комуникацијата на ризикот. Елементи кои се земени во предвид во подготовката на предлогот се следните:

- Обврските кои произлегуваат од членството на Р.Македонија во меѓународните Организации: СТО и почитувањето на СПС мерките, членството во СЗО/ФАО и други меѓународни тела, како и обврските во поглед на пристапните процеси кон ЕУ и подобрување на работата на Агенцијата за храна и ветеринарство на Р.Македонија;

- Законот за безбедност на храната (Сл. весник на Р.М. бр. 157/2010);
- Препораките и заклучоците од Обуката за анализа на ризик во рамки на проектот IPA 2008, "Capacity building of the veterinary service for the implementation of the EU Acquis"

Со цел да се обезбеди стручна и научна поддршка на АХВ, во Предлогот и во Планот за реализација на активности за исполнување на целите во поглед на проценката и комуникацијата со ризикот, предвидено е формирање на Организациони структури за комуникација и соработка со ЕФСА и Кодекс Алиментариус, со цел да даваат научни совети и научна и техничка поддршка во однос на политиката на областите кои имаат директно или индиректно влијание врз безбедноста на храната и храната за животни и да даваат независни информации за сите проблеми од посочените области и пренесуваат информации за ризикот, што е во согласност со член 120 од Законот за безбедност на храната.

Во контекст на наведеното, а во согласност со предлогот и планот на активности, предвидени се релевантни активности како што е **назначување на национални институции** кои се вклучени во формирањето на научни формации (научни и научно образовни институции и јавно здравствени установи/организации од релевантните области на безбедност на храна и храна за животни).

Истовремено, ова значи обезбедување на услови за воспоставување на неопходната научна инфраструктура-во облик на Научна Комисија, Научни панели во релевантните области и структури за нивна поддршка во состав на АХВ. На овој начин ќе се овозможи испорака на опции и совети како одговор на поставените прашања од страна на менаџерите со ризик.

**Предноста на овој модел за организирање на проценката на ризикот и комуникацијата со ризикот** на Агенцијата за храна и ветеринарство е во тоа што АХВ ја истакнува својата заложба за исполнување на барањата од Законот за безбедност на храната во однос на независноста на проценката на ризикот во самата институција и еднакво рангирање на Секторот што спроведува проценка на ризик со Секторите за управување со ризикот. Исто така предност претставува тоа што севкупната одговорност во поглед на безбедноста на синџирот на храната и ветеринарното јавно здравје, како и меѓународните релации се концентрирани во една институција.

**Во рамки на стручната поддршка што ја обезбедува секторот подготвено е Упатството за размена на информации при одбивање на увоз на храна помеѓу Република Македонија и друга земја,** според препораките и насоките на истоименото упатство "Guidelines for the Exchange of Information on Rejections of Imported Food" CAC/GL 25-1997, публикувано од Комисијата за Кодекс Алиментариус. Истото е реализирано согласно препораките од ФВО мисијата за контрола на храната од неанимално потекло.

Упатството е наменето за Агенцијата за храна и ветеринарство на Р. Македонија, како надлежен орган за контрола на безбедноста на храната, односно за државните инспектори за храна и официјалните ветеринари. Упатството особено има цел да ја олесни официјалната инспекциска контрола при увоз на храна што се спроведува заради верификација на усогласеност со прописите од областа на безбедноста на храната на Р.М.

Исто така, ова Упатство е наменето и за операторите со храна, со цел запознавање со постапките што ги спроведуваат надлежните органи за контрола на безбедноста на храната при одбивање на пратки храна од увоз, бидејќи храната од увоз наменета за ставање во промет во Р.Македонија мора да ги исполнува барањата пропишани во Законот за безбедност на храната и подзаконските акти што произлегуваат од него.

Најпосле, ова Упатство може да биде наменето и за сите заинтересирани, вклучително и потрошувачите, што е во согласност со начелото на транспарентност врз основа на кое Агенцијата ги извршува работите од својата надлежност

Исто така, преземени се и преведени на македонски јазик 4 научни мислења, кои се објавени од ЕФСА и имаат за цел да им олеснат на менаџерите со ризик од другите сектори во донесувањето на одлуки. Во продолжение се наведени споменатите мислења.

- Научен извештај за безбедноста на аспартамот.
- Научно мислење за Бисфенол А.
- Здравствена информација за диоксини.
- Изјава за безбедната употреба на бета каротен кај тешки пушачи.

Исто така подготвени се и 3 одговори на барања за стручно мислење поднесени од Секторот за јавно ветеринарно здравство:

- Стручно мислење за максимални нивои на тешки метали од спроведениот мониторинг кај дивечот во Р.Македонија и црниот дроб и бубрег на јагниња и овци,
- Стручно мислење за утврден препорачан лимит на арсен присутен во конзумна риба,
- Изготвена листа на активни супстанци кои можат да се користат во додатоците за храна со активно учество на сите состаноци на комисијата за додатоци во храната,

Во рамки на активностите на секторот за стручна поддршка подготвена е Предлог проектна идеја за соработка со Center for Excellence –CBRN CoE, насловена како „Development of the procedures and guidelines to create secure information management systems and data exchange mechanisms for CBRN materials under regulatory control“. Главна цел на проектот е обезбедување на алатка за поддршка на Р.М. за јакнење на

капацитетот на системот за безбедност на храна, со цел да одговори на природни несреќи и намерна контаминација на храната како една од главните закани на јавното здравје.

Подготвен е предлог проект за соработка со МААЕ-Програма 2014-2015, со следниот наслов „Јакнење на капацитетите на инспекциските служби за имплементација на законодавството за официјална контрола на безбедноста на храна третирана со јонизирачко зрачење“.

Учество во работата и подготовка на материјали за потребите на Комисијата за усогласување на Меѓународните здравствени регулативи со законодавството на Р.Македонија. Согласно со МЗП и АХВ е инволвирана институција која придонесува во глобалната здравствена безбедност, како и за глобалниот јавен одговор на природни појави, случајни отпуштања или намерна употреба на биолошки агенси или радионуклеарен материјал кој влијае на здравјето, во делот на безбедноста на храната, а како потреба за обезбедување на глобалното јавно здравје.

<u>**Научна соработка, вмрежување и колекционирање на податоци**</u>

Едно од клучните достигнувања за 2012год. беше усвојувањето на предлогот за „Организациона поставеност и структура на системот за анализа на ризик, со осврт на проценката и комуникацијата на ризикот по безбедноста на храната во Република Македонија“ и „План за реализација на активности за исполнување на целите во поглед на проценката и комуникацијата со ризикот“. На овој начин се воспостави визијата за научниот развој и научната соработка на АХВ во следните години. Помеѓу бенефитите што ќе се постигнат со усвојувањето и имплементацијата на предлогот, како релевантен прогрес ќе претставува формирањето на Научната Комисија и Научните панели чии членови ќе потекнуваат од научни и научно образовни институции и јавно здравствени установи/организации кои имаат надлежности во областа на јавното здравје, ветеринарното јавно здравје, како и од релевантните области на безбедност на храна и храна за животни. Главна цел во овој дел претставува воспоставувањето на научен квалитет, како и други целни вредности на работата на АХВ, како што се: отвореност, транспарентност, независност и одговорност.

Научната соработка има суштинско значење во проценката на ризиците. Ова особено доаѓа до израз при појава на епидемии, при појава на нови ризици и други итни ситуации и тоа во иницијалниот период кога е најзначајна подготвителната работа која се реализира во соработката со јавно здравствени установи како што е Институтот за јавно здравје и др. Во овој дел огромна улога имаат базите на податоци на научни експерти во АХВ и бази на податоци за биолошки ризици, контаминенти, резидуи и податоци за консумирање на храна, што произлегува од рамковната регулатива за безбедност на храна. Со преглед на податоците и нивна евалуација може да се детектира веројатен извор на инфекции. Од наведеното се согледува релевантната важност на базите на податоци. Во овој контекст се предвидува воспоставување на

веродостојни бази на податоци и нивно ажурирање. Колекционирање и евалуација на податоци ќе биде овозможено со **мрежно поврзување на АХВ со институции/** организации кои работат во полето на собирање на податоци согласно надлежностите на АХВ. Овие мрежи претставуваат клучна поддршка во областа на размена на информации и податоци. Согласно наведеното, на овој начин и се олеснува на АХВ при подготовката на работните планови, програми и приоритети.

Во однос на јавно здравствени приоритети, со цел да обезбеди совети за потрошувачите за најверојатни извори на епидемии предизвикани од храна, како и совети за избегнување на инфекции, АХВ треба да воспостави блиска соработка со Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со јавно здравствени институции како Институтот и Центрите за јавно здравје, Институтот за епидемиологија и др. институции кои работат во областа на превенција и контрола на болести. Во овој дел од особена важност е колекционирањето на податоци и епидемиолошката анализа. Стручната поддршка на АХВ со соодветни информации има огромно значење во услови на итни ситуации и криза по безбедноста на храната, кога од АХВ се бараат итни одговори и препораки од национален интерес по јавното здравје.

На овој начин ќе се реализира улогата на АХВ како референтна точка за проценка на ризик во Р.Македонија и нејзиното централно место во пристапот за научната соработка.

Со воспоставување на организационата структура на проценката и комуникацијата со ризикот, ќе се овозможи поддршка и на административните задачи во врска со прием на нови прашања и барања упатени до секторот за стручна поддршка. Со имплементација на планот, ефикасно и ефективно ќе се координира соработката со научните институции, како и координацијата на воспоставените мрежи со компетентни институции кои работат во полето на собирање на податоци во областа на надлежностите на АХВ. Исто така ќе се овозможи квалитетна организација и учество во подготовка на профил на ризици, подготовка на совети при итни ситуации или неочекувани настани, кога нема време да се организира состанок на даден научен панел во целост. Но освен наведеното, воспоставување на функционален систем ќе даде поддршка на работата на АХВ и при евалуација на производи, супстанци, тврдења со цел заштита на јавното здравје како и животната средина.

Во рамки на ИПА Претпристапната Програма на ЕФСА се врши запознавање на земјите со кандидатски статус во работата на ЕФСА, како и научната соработка во областа на проценката и комуникацијата со ризикот. АХВ соработката во областа на проценката на ризикот со ЕФСА и партнерите од земјите членки на ЕУ, ја реализира преку мрежата на Национални Фокални точки- (National Focal Points) на ЕФСА. Во тек на 2012год. реализирано е учество на 4 настани во организација на ЕФСА и подготвени се 4 одговори на барања поставени од страна на ЕФСА и 3 Извешати (до директор) за учество на наведените настани :

- Прв состанок на научната мрежа на ЕФСА за хармонизација на методологиите за проценка на ризик
- 13-ти Состанок помеѓу Фокалните точки и ЕФСА
- Работилница за колекционирање на податоци и анализа
- Научна конференција по повод 10 годишнината на ЕФСА „ Граници во проценката на ризикот како предизвик- размена на искуства".
- Одговори на прашалникот „ Questionnaire on Data Collection and Analysis activities in the Pre-Accession countries", побарани од страна на ЕФСА, во врска со учеството на Работилницата за колекционирање на податоци и анализа.
- Одговори за: Profile of participant, Questionnaire и Meeting Report за учеството на првиот состанок на научната мрежа на ЕФСА за хармонизација на методологиите за проценка на ризик.

## VII.2. Одделение за комуникација со ризик

Агенцијата комуницира за ризиците асоцирани со синџирот на храната на отворен и транспарентен начин. Во тек на 2012год. се заклучи дека оваа комуникација треба да биде базирана на советите од Научната Комисија и научните панели по нивното формирање, како и од сопствени експертизи на АХВ. Секторот дава поддршка и учествува во градење на јавната доверба во однос на комуникацијата за ризиците по безбедноста на храната, исто така управува и со системот за брзо предупредување за опасности од храна/храна за животни итн.

Обезбедување на соодветни, конзистентни, прецизни и навремени комуникации до сите вклучени партнери и заинтересирани страни, вклучително и широката јавност, базирани на проценката на ризик и експертиза на АХВ, е во согласност со Законот за безбедност на храната. Досегашното искуство во работењето укажува на потреба од ефикасна имплементација на комуникационите активности на АХВ преку селекција на соодветни комуникациски канали и алатки. Како заклучок на Секторот во однос на наведеното беше констатацијата за подготовка на единствен документ за комуникација, така што во Стратешкиот план на АХВ 2013-2015 и во Годишниот план за 2013 год. предвидено е подготовка и донесување на Стратегија за комуникација на АХВ. На овој начин ќе се воспостави функционален систем за комуникација помеѓу АХВ и операторите со храна, индустријата, научните институции, експертите, широката јавност и сите останати партнери и заинтересирани страни, како еден од клучните услови за исполнување на принципот на транспарентност .

Во тек на 2012 год. елаборирани се материјали од Европската Агенција за безбедност на храна-ЕФСА, како што е прикажано подолу:

- Преглед на хармонизираните пристапи на ЕФСА за проценка на ризик на храна и храна за животни.
- Извештај за колекционирање на податоци: Идни насоки.

- Прашања поставени од и до Фокалните точки на ЕФСА.
- Организација и структура на Фокални точки во земјите членки на ЕУ.
- Водич за логото и слики на ЕФСА –услови и начин на нивна употреба од други институции и лица.
- Извештаи од Фокалните точки на ЕФСА.
- Спроведени обуки од страна на ЕФСА.
- Научни мислења, технички извештаи и др. документи.
- IEP- International Exchange Platform – Водич за употреба на оваа алатка на ЕФСА.
- Функционирање на мрежите на ЕФСА.
- Годишни менаџерски планови на ЕФСА, Годишни извештаи за активности, Извештаи за управување со квалитет итн.

**VII.3. Одделение за комуникација на ризик и систем за брзо известување**

Согласно со Годишниот план и програма за работа Одделението за комуникација со ризик и РАСФФ , во тек на 2012година ги реализира следниве активности:

Во одделението презентираните нотификациите од РАСФФ Порталот се следат на дневна основа. По нивно превземање и обработка, согласно воспоставената процедура истите се доставуваат до инспекторите на АХВ на граничните премини, а заради информирање со одредени идентификувани ризици во храната. Во 2012година направен е превод и обработка на сите 52 недели.

Одделението исто така, секојдневно следи евентуално добивање на нотификации во кои е засегната нашата земја, односно пласирана небезбедна храна на пазрот на Р. Македонија, без оглед на тоа дали станува збор за храна од домашно производство или пак од увоз. Во тек на 2012 година преку апликацијата РАСФФ – Window добиени се вкупно 9 нотификации (известувања) за небезбедна храна/производи во контакт со храната, а кои се пласирани на пазрот на Р. Македонија. Добиени се следниве нотификации : 2012.1608; 2012.1627; 2012.1125; 2011.1792; 2012.1008; 2012.0842; 2012.0861; 2012.0442 и 2012.350. Од нив 5 се однесуваат за увоз на небезбедни производи кои доаѓаат во контакт со храната. Сите производи се по потекло од Кина. Имено, станува збор за увоз на небезбедни меламински лажици, сет за кафе, ножеви за пица, меламински чинии и прибор за печење. Заради наод на миграција на формалдехид, вкупна миграција, олово, кадмиум, органски растворливи соединенија над МДК истите се небезбедни за човечка употреба.

Четири нотификации се однесуваат за небезбедна храна пласирана на пазарот. Од тоа 2 се однесуваат на храна од анимално потекло и две за храна од неанимално потекло. Храната од анимално потекло која е пласирана на пазарот е пилешко обескостено месо и замрзнати полжави. Храната од неанимално потекло се небезбедни домати и

кроасан страчатела полнет со какао фил. Три нотификации се однесуваат на небезбедна храна произведена во Р. Македонија и тоа: замрзнато месо од полжави, кроасан страчатела полнет со какао фил и домати, а кои се извезени и пласирани на пазарот во ЕУ.

По добивање на нотификациите, инспекторите надлежни за постапување согласно со надлежностите превзеле содветни мерки.

Сублимирано, како  небезбедни поништени се 66 единици чаши за кафе, 11 лажици за супа, 4 лажици за сос, 32 единици од приборот за печење, додека небезбедните чинии не се најдени во промет, односно не е извршен увоз. Пратката на небезбени домати извезена во Словенија изнесувала вкупно 6816 кг. Увозникот во Словачка извршил поништување на целата пратка на небезбедни кроасани во количина од 8,58 кг. Исто така и увозникот на замрзнатите полжави ја поништил пратката која изнесувала вкупно 733 кг. Увезеното пилешко обескостено месо во количина од 20300 кг. е искористено како суровина за призводство на полутрајни производи. Резултатите од направените микробиолошки анализи на готовите производи биле уредни.

Во прилог, подетално ќе бидат ќе бидат елаборирани сите добиени информации за небезбедна храна, односно небезбедни производи кои доаѓаат во контакт со храната.

### 3.1 Информација за проследување со референтен број RASFF - 20120442/2012.0442 – add01.

Оваа информација се однесува за увоз на меламински сад (правоаголна чинија) произведен во Кина. Според известувањето производот не одговара заради тоа што направените лабораториски анализи покажале наод на миграција на формалдехид над МДК.

Според информација за проследување за увоз на небезбеден меламински производ кој што доаѓа во контакт со храната – правоаголна чинија произведена во Кина. Земјата што известува за опасноста е Кипар, каде при направената официјална контрола земениот примерок за лабораториска анализа  покажал наод на мигација на формалдехид над МДК.  Небезбедната чинија е произведена во Кина, а увозник за Р. Македонија е Вероползус ДООЕЛ – Скопје.

Инспекторот за храна при Одделението за државна инспекција на храна од неживотинско потекло  надлежен за постапување во конкретниов случај, по добивање на информацијата направи инспекциска контрола во просториите на увозникот. Од направениот увид во документацијата за увоз која операторот со храна ја презентира констатирано е дека не е извршен увоз на небезбедниот производ преку увозниците EPAMINONDAS & SONS, како и CAC PAPANTONIOU LTD наведени во RASFF информацијата.  Исто така не е направен увоз на односниот производ ниту преку други увозници. Небезбедниот производ со лот: 03 – 950 – 0038 33710L, како и баркод со бр. 5204558084320 не е најден во промет.

**3.2 Информација за внимание со референтен број 2012.0861.**

Оваа информација се однесува на извоз на небезбедни домати прозведени во Р. Македонија. Словенија како земја увозник известува дека при направената лабораториска анализа добиените резултати укажале присуство на резидуи од пестициди над МДК. Имено станува збор за пестицидите: methoate, dimethoate, acetamiprid, procymidone и monocrotophos.

На ден 12. 07. 2012г. преку апликацијата RASFF Window – од RASFF системот на ЕУ добиена е нотификација со број 2012.0861, која се однесува на извоз на небезбеден производ – свежи домати. При официјална контрола во Словенија, која извести за опасноста, земениот примерок за лабораториска анализа покажал хемиска контаминација и присуство на резидуи од пестициди над МДК. Небезбедните производи се произведени во Р. Македонија, а вкупната извезена количина изнесува 6816кг. Извезената пратка е со број 2209. Извозник на овие производи е Цет Комерц од Куманово, а увозник за Р. Словенија е Мактранс ДОО – Љубљана.

Агенцијата за храна и ветеринарство како контакт точка за РАСФФ за Република Македонија во продолжение информира за превземените активности од страна на инспекторите за храна при АХВ, како и надлежните институции во примарното производство при МЗШВ – Државниот инспекторат за земјоделство и Фитосанитарананата управа.

По добивање на нотификацијата, инспекторите за храна при АХВ извршија увид кај операторот – производител и при тоа го констатираа следново:

Според производителот Оранжерии Добра ДОО Кочани извезените небезбедни домати се од реколтата февруари – јуни 2012година, во која се произведени вкупно 147 512 кг. домати. Целата количина од оваа берба е продадена. За прозводите нема извршени лабораториски анализи, односно не се презентирани резултати за проверка на нивната безбедност.

Истовремено, направена е и контрола кај операторот Цет Комерц од Куманово извозник на небезбедната пратка за Р. Словенија. При тоа, е презентиран записник од надлежните инспекциски служби во Р. Словенија за направена официјална контрола на ден 21.06.2012година кај увозникот за Словенија Мактранс ДОО - Љубљана. Во него е констатирано дека целата количина од небезбедната пратка извезена во Р. Словенија е потрошена.

Во продолжение, Ве информираме и за превземените активности од страна на Државниот инспекторат за земјоделство при МЗШВ, а кои се содржани во одговорот од 30.07.2012г. со број 10 – 633/3 проследен до АХВ.

Направениот увид на фитосанитарниот инспектор кај производителот Оранжерии Добра ДОО – Кочани од 13.07. 2012 година покажал дека во периодот од расадувањето

до бербата на доматите според книгата за евиденција користени се одобрени производи за заштита на растенијата. Оваа институција во иднина планира интензивирање на официјалните контроли согласно со овластувањата кај производителите на земјоделски култури, а со цел проверка на производите за заштита на растенијата во период на апликација. Тоа ќе биде еден од приоритетите на новоформираното Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика, кои произлегуваат од Законот за производи за заштита на растенијата (Сл. Весник на РМ бр. 110/07,20/09,17/11 и 53/11). Изготвување на неопходните подзаконски акти согласно претходно цитираниот Закон, како и изготвување на Годишна програма за мониторинг и контрола на користените производи за заштита на растенијата во примарното производство, ќе претставува допринос кон јакнење на безбедноста на храната во целина.

### 3.3 Информација за внимание со референтен број 2012.1008

Оваа информација се однесува на увоз на небезбедни ножеви прозведени во Кина. Земја што известува за опасноста е Словенија, според кое најдено е присуство на хром над МДК.

Преку апликацијата RASFF Window – од RASFF системот на ЕУ добиена е информацијата за внимание со број 2012.1008 од 23. 07.2012година, а која се однесува на увоз на небезбедни производи кои што доаѓаат во контакт со храната – ножеви за пица - Domy.

При официјална контрола во Словенија, која извести за опасноста, земениот примерок за лабораториска анализа покажал наод на хром над МДК. Небезбедните производи се произведени во Кина, а вкупната увезена количина изнесува 60 единици со идентификационен број на пратката S0810411. Небезбедната пратка во нашава земја е испорачана на 14.09.2011година. Увозник за Р. Македонија е Гамакс ДООЕЛ со седиште на бул Јане Сандански број 84/3/15 Скопје.

Постапувјќи согласно со своите надлежности инспекторите за храна од неживотинско потекло по добивање на информацијата изврши увид на ден 24.07.2012г. во просториите на дистрибутерот и го констатира следново:

Увидот во документација покажал дека целата увезена пратка од 60 единици е продадена. Поради недостиг на податоци за прометот на ножевите во малопродажбата нема можност да се изврши отповикување на небезбедните производи од потрошувачите.

### 3.4 Информација за проследување со референтен број 2012.1125/2012.1125 – add01.

Според оваа информација извшен е увоз на небезбедни чаши за кафе по потекло од Кина. За небезбедната пратка нотфицира Кипар. Направената лабораториска анализа укажала миграција на кадмиум, олово и манган над МДК.

На ден 18.10.2012 г. преку RASFF системот добиена е информација за увоз на небезбеден производ кој што доаѓа во контакт со храната – сет чаши за кафе произведени во Кина. Земјата што известува за опасноста е Кипар, каде при направената официјална контрола земениот примерок за лабораториска анализа покажал наод на миграција на кадмиум и олово над МДК. Небезбедните чаши се произведена во Кина, а увозник за Македонија е Верополус ДООЕЛ – Скопје, односно операторот Jumbo S.A со седиште на ул Кочо Рацин број 1 - Скопје. Производите имаат баркод со бр. 0405479000430, а името на брендот е nature blue green.

Инспекторот за храна при Одделението за државна инспекција на храна од неживотинско потекло надлежен за постапување во конкретниов случај, по добивање на информацијата на ден 22.10.2012г. направи инспекциска контрола во просториите на увозникот Верополус ДООЕЛ во Скопје.

При увидот е констатирано дека операторот извршил увоз на вкупно 144 единици од небезбедниот производ. Во промет затекнатата количина од вкупно 66 единици е забранета и при тоа издадено е Решение бр.16 – 1359 со кое е наложено поништување на целата количина. Небезбедните сетови за кафе адекватно се поништени на ден 25.10.2012г. во Ј.П. Дрисла - Скопје. За текот на постапката на поништување составен е записник бр.08–3586/2, со што е постапено по наводите од решението.

Поради недостиг на податоци за прометот на чашите во малопродажбата нема можност да се изврши отповикување на веќе продадените небезбедни производи од потрошувачите.

### 3.5 Информација за проследување со референтен број 2011.11792 – add01

Информацијата се однесува на увоз на небезбедни меламински лажици за супа и сос. Истата е пласирана од Германија каде при официјална контрола направената лабораториска анализа покажала наод на миграција на формалдехид над МДК и превиосоко ниво на вкупна миграција. Лажиците се произведени во Хонг Конг (Кина).

На ден 27.06.2012г. преку апликацијата RASFF Window – од RASFF системот на ЕУ добиена е дополнителната информација за претходно примена нотификација со број 2011.1792 од 14.12.2011година, а која се однесува на увоз на небезбедни производи кои што доаѓаат во контакт со храната – меламински лажици за супа и сос. При официјална контрола во Германија, која и претходно извести за опасноста, земениот примерок за лабораториска анализа покажал наод на мигација на формалдехид и превисоко ниво на вкупна миграција. Небезбедните производи се произведени во Хонг Конг (Кина), а вкупната увезена количина изнесува 39 единици од кои 24 лажици за супа и 15 за сос. Увезената пратката има број L 10 Z 1. Со дополнителнита информација од нотификацијата се прецизира дистрибутерот на овие производи за Р. Македонија. Тоа е Royal House Group со седиште на ул. Македонија бр 32 – Скопје.

Постапувјќи согласно со своите надлежности инспекторите за храна од неживотинско потекло по добивање на информацијата извршија увид на ден 28.06.2012 г. во просториите на дистрибутерот и го констатира следново:

Увидот во документација покажал дека од вкупно увезените 39 единици во промет се затекнати вкупно 11 лажици за супа и 4 за сос. Останатата количина од небезбедните производи е продадена. Сите небезбедни производи адекватно се поништени на ден 03.07. 2012г. во ЈП за депонирање на комунален отпад Дрисла, за што е презентиран записник со бр 08 – 2568/2.

### 3.6 Алерт нотификација со референтен број 2010.1627 – add 02

Информацијата се однесува на увоз на небезбедно пилешко обескостено месо по потекло од Романија. Земја што известува за опасност е Италија каде со лабораториска анализа е потврдено присуство на Salmonella.

Според информацијата вкупната увезена количина од небезбедниот производ изнесува 20300кг, со лот бр. 2097011:06.

Официјалниот ветеринар од ПЕ Неготино надлежен за постапување во конкретниов случај, по добивање на информацијата на ден 30.11.2012г. направи инспекциска контрола во просториите на увозникот Серта Компани од Скопје.

При увидот во документацијата за следливост констатирано е дека операторот на ден 19.05.2012г извршил увоз на пилешко обескостено месо во количина од 20300кг. Пратката при увоз имала имала Ексим број 8532012-0519255778 од граничниот премин Деве Баир. Во постапката не се земени примероци за вршење на лабораториска анализа. Влезниот ветеринарен документ имал бр. 080012819-34.

Податоците од извршениот инспекциски назор на официјалните ветеринари укажуваат дека целата количина на месото е дистрибуирана кај оператори со храна од животинско потекло, претходно одобрени од страна на АХВ. Имено, станува збор за следниве оператори : Солета- Скопје, Тиамо – Скопје, Никси ДООЕЛ КУманово, Суке ДООЕЛ Прилеп, Римоди Битола, Лецкер Тетово и Кики Кочани.

Почнувајќи од 22.05.2012година, целата количина на пилешко месо искористено е како суровина за производство на полутрајни производи (пилешка виршла, пилешка посебна салама, колбаси). Постапката на нивна изработка вклучува меѓудругото и термички третман. Истите имаат рок не подолг од 60 дена. Применетите постапки на операторите во производството обезбедиле производи кои се во согласност со бараните микробиолошките критериуми, односно резултатите од направените лабораториски анализи на готовите производи се задоволителни.

### 3.7 Алерт нотификација со референтен број 2012.- адд 01

Информацијата која се однесува на извоз на небезбеден производ од Р. Македонија. Имено, од нашава земја извезени се замрзнати полжави со путер во Франција. Увозникот направил сопствена проверка при што констатирал дека истите се микробиолошки контаминирани.со Salmonella spp. Франција е земја што извести за опасноста.

Преку RASFF системот добиена е информација за увоз на небезбеден производ – замрзнати полжави со путер произведен во Р. Македонија. Земјата што известува за опасноста е Франција, каде при сопствена проверка на компанијата земен е примерок за лабораториска анализа. Резултатот покажал наод на Salmonella spp. Небезбедниот производ е произведен во Р. Македонија – Frozen food Zamrznata hrana DOOEL - Скопје, Увозник за Франција е операторот Eko food – Едеса од Грција. Вкупната извезена количина од небезбедниот производ е со тежина од 733кг, а со лот 012260712 и 012250812 поништена е од страна на увозникот.

Официјалниот ветеринар од ПЕ Неготино надлежен за постапување во конкретниов случај, по добивање на информацијата направи инспекциска контрола во просториите на производителот Замрзната храна ДООЕЛ од Неготино. При тоа е констатирано следново:

Во процесот на производство се користат следниве суровини: сурово месо од полжави, куќички од полжави и путер. Сите намирници се увезени, а во постапката при увоз за истите се презентирани здравствени сертификати, како и уредни лабораториски анализи.

При увидот извршена е проверка на воспоставените записи од производството, записите за контрола на ККТ и вредностите на критичните лимити, записите за воспоставениот мониторинг на одредени микробиолошки параметри (TVC, E.koli, St. aureus), како и записите од температурните листи каде се складираат производите. Согласно со процедурите спроведена е повторена обука на персоналот, како и постапка за уништување на глодари од страна на Центарот за јавно здравје во Велес. Спроведена е екстерна контрола во објектот од Грција. Интерните микробиолошки анализи кои задоволуваат, а се спроведуваат на дневна основа и истите редовно се компарираат со проверка во акредитираната лабораторија на Факултетот за ветеринарна медицина. Параметрите кои се контролираат се во согласност со Правилникот за безбедност на храна ( Сл. Весник на Р. М. Бр. 78/2008).

Зготвеното месо од полжави прозведено е на 25.07. односно 26.07.2012година (лот 012260712 и 012250812). По термичката обработка производот со постапка на брзо ладење е замрзнат и складиран на тепература од – 20 С. Постапката на филување со путер направена е на 23.09. односно на 29.08.2012година. На 24.09.2012 година извршен е извоз на производот. Целата количина има здравствен сертификат со број 123221, како и уредни лабораториска резултати од направената анализа во акредитираната

лабораторија на ФВМ. Рокот на употреба е потврден со проверка во акредитирана лабораторија во Грција. Дистрибуцијата е направена со транспортно возило каде била обезбедана соодветна температура од -20 С.

По добивање на нотификацијата, операторот од архивата на примероци извршил повторна микробиолошка анализа, која е доставена друга акредитирана лабораторија во Грција. Сите добиени резултати се уредни.

**3.8 Информација за внимание со референтен број 2012.0350**

Информацијата се однесува на извоз на небезбеден кроасан страчатела полнет со какао фил. Извезениот производ по потекло од Р. Македонија не одговара заради наод на недозволено присуство на адитивот Е- 210 - бензоева киселина. Земјата увозник – Словачка која извести за опасноста, при направена официјална контрола земените примероци го потврдиле присуството на недозволениот адитив. Извршената службена контрола на АХВ кај производителот укажа на следново:

Правниот субјект поседува одобрение за работа од надлежните органи. Небезбедната извезена пратка била поткрепена само со резултати од направена микробиолошка анализа. Истата не поседувала сертификат издаден од страна на АХВ. Според производната спецификација за употребени состојки укажала дека при изработка на производот - кроасан не се користи недозволениот адитив. Надлежниот инспектор при увидот од суровините и готовиот производ зел примероци за лабораториска анализа по однос на параметарот Е- 210. Сите резултати од анализите направени во акредитираната лабораторија на ЈЗУ Институт за јавно здравје се уредни односно не покажале присуство на Е-210.

Небезбедната пратка во количина од 8,58кг. поништена е од страна на увозникот во Словачка.

**3.9 Информација за проследување со референтен број 2012.0842**

Информацијата се однесува за увоз на небезбеден силиконски прибор за печење.

На ден 20.06. 2012 г. преку RASFF системот добиена е информација за проследување за увоз на небезбедни производи кои што доаѓаат во контакт со храната – силиконски кујнски прибор за печење ( Делимано ) произведени во Кина. Земјата што известува за опасноста е Словенија, каде при направената официјална контрола земениот примерок за лабораториска анализа покажал наод на мигација на испарливи органски соединенија над МДК и вредност од 1,85 и 1,39 %. Небезбедниот прибор е произведен во Кина, а увозник за Р. Македонија е Студио Модерна – Скопје.

Во врска со истата, Ве информираме за активностите превземени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство како надлежен орган и контакт точка за RASFF за Република Македонија.

Инспекторот за храна при Одделението за државна инспекција на храна од неживотинско потекло надлежен за постапување во конкретниов случај, по добивање на информацијата на ден 20.06.2012г. направи инспекциска контрола во просториите на увозникот Студио Модерна со седиште на ул. Иван Милутиновиќ 6б - Скопје. Од направениот увид во документацијата за увоз која операторот со храна ја презентира констатирано е дека од вкупно увезените 96 единици на небезбедните производи наведени во RASFF информацијата во магацинските простории има 32, 19 во сопствените продавници, а останатата количина од 45 единици е пушена во промет. Заради тоа во постапката издадено е решение за повлекување на небезбедните производи од промет, како и поништување на целокупната количина.

Според презентираната увозна декларација, двете пратки содржеле вкупно 96 единици од производот, од кои при увидот воценталниот магацин има 32 единици, 19 во сопствената трговска мрежа, а останатите 45 единици се дистрибуирани во трговската мрежа во Република македонија

## VII.4. Одделение за управување на систем за квалитет

Согласно заклучокот од Двесет и седмата седница на Владата на РМ, одржана на 14.03.2012 година во АХВ се пристапи кон воведување на ISO 9001:2008 стандардот,

Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) во соработка со консултантската куќа задолжена за имплементација на ISO 9001:2008 стандардот, започна со реализација на активностите, која резултира со изработка на работна документација на системот за квалитет.

Системот за менаџмент со квалитет се воспоставуви со цел да се обезбеди:

- Задоволување на барањата, потребите и очекувањата на корисниците на услугите,
- Остварување на политиката и целите за квалитет,
- Континуирано подобрување на системот за квалитет,
- Баланс во исполнување на барањата на корисниците на услугите и останатите заинтересирани страни.

Системот се креира, воспоставува, одржува и унапредува со примена на “процесен модел” со различни процеси за реализација на услугите, како и за одржување и подобрување на системот. Процесите се поврзани во единствен систем – по правило излезот на еден е влез на друг процес.

Процесите се состојат од активности, а активностите од задачи. Процесот не е ограничен на одредена функција, сектор или ниво и може да произлегува од повеќе функции, сектори или нивоа.

Основна карактеристика на хиерархијата на изработените и воспоставени документи е принцип на повикување на документите од пониско ниво и пренесување на сите основни принципи и правила од документите од повисоко ниво во референца на документите од пониско ниво.

Документацијата на системот за менаџмент со квалитет е составена од:

А) Документи од прво ниво

- Политика за квалитет и цели за квалитет
- Прирачник за квалитет

Б) Документи од второ ниво

- Процедури – документи кои дефинираат еден или повеќе истородни процеси со нивните клучни карактеристики, носителите на активности, потребните ресурси и записи кои се генерираат.

В) Документи од трето ниво

- Работни упатства – документи кои детално опишуваат начин на одвивање на поединечни активности сегментирани на задачи и операции, технолошки, административни и логистички подпроцеси,

Г) Документи од четврто ниво

- Записи – документи кои содржат објективна евиденција на извршените активности или остварени резултати од активности и задачи на формализирани или неформализирани обрасци.

**VII.5. Одделение за координација и контрола на лаборатории**

Беше реализиран Проектот „Развој на инфраструктурата за квалитет и регулативата за контрола на безбедноста и квалитетот на храната во Југоисточна Европа“ (Regulatory and Quality Infrastructure Development for Food Safety and Quality in South East Europe), кој претставува институционалната соработка помеѓу Агеницијa за храна и ветеринарство на Република Македонија и Конзорциумот кој го сочинуваат Шведската Национална агенција за храна (National Food Agency, SLV) и Шведскиот одбор за акредитација и сообразност (Swedish Board for Accreditation and Conformity Assessment, SWEDAC).

Цел на проектот, помеѓу останатото, е и поддршка на лабораториската дејност во вид на консултации за исполнување на барањата на стандардот ISO 17025 за лабораториите во Македонија, кои вршат тестирање на безбедноста на храната.

Со извршените контроли активно учествуваше државен службеник од Одделение за координација и контрола на лаборатории

Исто така беше направен заеднички состанок меѓу претставници на лаборатории – акредитација ISO 17025, и АХВ кој имаше за цел да ги согледа меѓулабораториските искуства, позитивните резултати и проблеми и во соработка како и отворена дискусија на теми кои се од заеднички интерес за исполнување на барањата на стандардот ISO 17025.

Целна група на состанокот беа менаџерите за квалитет, како и одговорните менаџери на лабоaccess ратириите за тестирање на храна. На основ извршените од контроли извршено е ревидирање на Листата за актедитирани методи и изработена е Листа на акредитирани методи во АХВ со што лабараториските тестирања доставени од АХВ ќе се вршат во акредитирани лабаратории со предходно склучени договори.

## <u>VII.6. Одделение за заштита на потошувачи</u>

Одделението за заштита на потрошувачи заради развивање и унапредување на политиката за заштита на потрошувачите во областа на безбедноста на храната, и јакнење на системот за безбедност на храната во Република Македонија, во текот на 2012 година реализира повеќе активности:

- Направен е увид во предметите за постапувањата по претставките и предлозите и изготвени се известувања до подносителите /78/
- Извршено е евидентирање на поднесените претставки и предлози во базата на податоци и направена е анализа на податоците.

Истото е реализирано преку следните активности:

***Впишување на податоците во прегледот*** (база на податоци) на поднесени претставки и предлози *;*

***обработка и анализирање на податоците*** – се анализира перцепцијата на потрошувачите за опасностите и ризиците од храната ***изготвување на евалуација***, која ги покажува резултатите од анализата ***;***

***доставување на евалуацијата*** до секторите во Агенцијата, со цел при планирањето на активностите да ја земат во предвид перцепцијата на потрошувачите за опасностите и ризиците од храната.

***Освен ова реализирани се и следните активности***:

- Направени се подготовки на материјали за поставување на Web страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство, во делот што ќе се користи за информации и совети за потрошувачите.

- Изготвени се 2 извештаи за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози за 2012 година и доставени до Министерството за правда.
- Изготвени се стручни мислења и информации во врска со заштита на потрошувачите.
- Изготвувани се текстови за стратешки документи на Агенцијата во делот „Заштита на потрошувачите„
- Реализирани се активности од „Програма за заштита на потрошувачи за периодот 2011-2012 година“ , што ја донесува Владата на Република Македонија.

**6.1 Активности од Програмата**

Во соработка со граѓанското здружение „Организација на потрошувачите на Македонија„ изготвени се и отпечатени летоци на темите:

1. Како да се чита означувањето
2. Што е потребно да се истакне во означувањето
3. Означување на здравствени тврдења и нутритивни означувања
4. Означување на ГМО храна
5. Означување на адитиви во храната
6. Означување на алергени состојки

Освен ова Одделението ги реализира и следните активности:

- Активности за соработка со граѓанскиот-невладиниот сектор (Организација на потрошувачите на Република Македонија и други), заради спроведување на политиката за соработка со граѓански организации, при што се одржани повеќе работни средби.
- Подготовка на НПАА за поглавјата 3.28, Заштита на потрошувачи, изготви месечни и годишни извештаи за напредокот во ова поглавје врзано за заштита на потрошувачите од областа на безбедноста на храната.
- Учество во Координативното тело за надзор над пазарот, при што е донесена „Програма за надзор над пазарот за 2013 година„. Координативното тело исто така организира координирани активности за надзор на пазарот согласно со Програмата за 2012 година.
- Учество на повеќе работилнци и семинари во рамки на различни проекти врзани за потрошувачкото право.

**Евалуација на претставки и предлози за периодот од јануари до декември 2012 година,**

Во Агенцијата за храна и ветеринарство, преку одделението за заштита на потрошувачи анализирани се причините и прашањата /опасностите и ризиците/, на кои се укажува во претставките и предлозите, поднесени од граѓаните во областа на безбедноста на храната и ветеринарството, за периодот од јануари до декември 2012 година. Анализата на определен начин ја покажува перцепцијата на граѓаните за опасностите и ризиците од храната. Бидејќи здравјето на животните и здравјето на луѓето се препознава како едно здравје направената анализа и евалуација ги опфаќа и претставките и предлозите од областа на ветеринарството. Извршената евалуација ги покажува следните податоци:

**Вкупно поднесени/примени и евидентирани претставки/предлози – 195. Притоа, 128 од претставките или 66% се основани, односно со потврдени наводи. Претставките се поднесувани усно, писмено и електронски**

*1.1 Табела на претставки според наводи во претставките*

| **Наводи во претставки** | **Број на претставки** | **Процентуален приказ (%)** |
|---|---|---|
| 1 хигиенски мерки , ДХП, ДПП, HACCP /контролни системи/ | 34 | 17,5% |
| 2 Безбедност на вода и безалхохолни пијалоци | 5 | 2,5% |
| 3 Контаминенти и резидуи | 15 | 7,7% |
| 4 Влијание врз околината | 9 | 4,6% |
| 5 Без одобрение/ регистрација | 4 | 2% |
| 6 Квалитет | 9 | 4,6% |
| 7 Измама и заблуда | 2 | 1% |
| 8 Дистрибуција,продажба од подвижни објекти | 3 | 1.6% |
| 9 Сомнеж за труење | 13 | 6,7% |
| 10 Органолептички изменети производи | 14 | 7% |
| 11 Несоодветно означување | 7 | 3,6% |
| 12 Производи со поминат рок на употреба | 13 | 6,7% |
| 13 Додатоци во исхраната, диететски производи | 3 | 1,6% |
| 14 Здравствена заштита на животните | 36 | 18,5% |
| 15 Здравст. состојба на лица кои работат со храна | 3 | 1,6% |
| 16 Неисплатени сретства | 13 | 6,7% |
| 17 Потекло и безбедност на месо, преработки и риба | 12 | 6,1% |
| **Вкупно** | 195 | 100% |

## 1.2 Табела за постапувања и исходи по претставките и предлозите

| | |
|---|---|
| Број на примени претставки /жалби и предлози од потрошувачите | 195 |
| Решенија вкупно | 42 |
| Решенија за забрана | 7 |
| Постапки за едукација | 40 |
| Постапки за порамнување | 2 |

Најмногу од претставките што ги поднеле граѓаните во периодот од 01.01. 2012 до 31.12.2012 година се однесуваат на:

- неприменување на хигиенски мерки, контролните системи за ДХП, ДПП и HACCP од страна на бизнис оператотите со храна
- здравствена заштита и благосостојба на животните
- присуство на контаминенти и резидуи во храната, органолептички изменети производи, производи со поминат рок на употреба, сомнеж за труење со храна
- потекло и безбедност на храната од животинско потекло (месо, преработки и риба)

Во врска со ваквата анализа се препорачува да се планираат и превземат посебно активности кои се однесуваат на:

a) проверка на воспоставените контролни системи кај бизнисите со храна /аудит/
b) при контролите да се вклучат активности за контрола на контаминенти и резидуи; проверка на органолептичките својстава на храната, рокот на употреба на прехранбените производи
c) активности насочени кон здравјето и благосостојбата на животните

Се очекува дака сите сектори во АХВ при планирањето на активностите ќе ги земат во предвид ризиците и опасностите на кои укажуваат граѓаните /перцепцијата на граѓаните за ризиците и опасностите од храната/.

### 2.1 Табела на споредбен приказ на бројот на поднесени претставки и предлози по години

| Година | Број на претставки |
|---|---|
| 2007 | 188 |
| 2008 | 91 |
| 2009 | 90 |
| 2010 | 221 |
| 2011 | 138 |
| 2012 | 195 |

Споредбениот приказ покажува дека трендот на поднесување на претставки и предлози од потрошувачите/граѓаните, во областа на безбедноста на храната од 2009-та година има нагорна линија, со тоа што во 2010-та година е најголем бројот на поднесоците, за да направи пад во 2011-та година и повторно се зголемува бројот во 2012 година.

Со направената анализа се заклучува дека ваквиот тренд на покачувањето во 2010-та година се должи на унапредувањето и развивањето на потрошувачката политика и соработката со граѓанските организации и граѓаните, во областа на безбедноста на храната. Се реализираа повеќе активности со кои се зголеми информираноста и едуцираноста на граѓаните за начинот на поднесувањето на претставки и предлози до надлежните, како и правата и обврските на граѓаните за учество во системот за безбедност на храната во Република Македонија.

Зголемениот број во 2012 година се смета дека е резултат на подигање на свесноста на граѓаните за значењето на безбедноста на храната.

## VIII. Реализација на Буџетот за 2012 година

**Преглед за извршување на Буџетот за 2012 год. на Агенција за храна и ветеринарство**

| Раздел / Програма | | О П И С | Буџет 2012 со ребаланс | Реализација на Буџет | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| РАСХОДИ | | | | | |
| *401* | Основни плати | | 87.200.000 | 86.228.887 | 98,9% |
| *402* | Придонеси | | 33.100.000 | 32.084.499 | 96,9% |
| *420* | Патни и дневни трошоци | | 200.000 | 161.847 | 80,9% |
| *421* | Комунални услуги | | 1.800.000 | 1.799.783 | 100,0% |
| *423* | Материјални трошоци | | 1.500.000 | 1.490.394 | 99,4% |
| *424* | Поправки и одржување | | 1.500.000 | 1.475.841 | 98,4% |
| *425* | Договорни услуги | | 3.870.000 | 3.774.956 | 97,5% |
| *426* | Други тековни трошоци | | 150.000 | 149.831 | 99,9% |
| *464* | Разни трансфери | | 162.946.714 | 162.945.792 | 100,0% |
| *465* | Исплата по извршувања | | 365.285 | 144.371 | 39,5% |
| *480* | Купување на опрема и машини | | 1.000.000 | 79.317 | 7,9% |
| *485* | Вложување во нефинансиски средства | | 8.000.000 | 4.359.688 | 54,5% |
| ***Вкупно за 630*** | | | **301.631.999** | **294.695.206** | **97,7%** |

| Раздел / Програма | | О П И С | Буџет 2012 со ребаланс | Реализација на Буџет | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| РАСХОДИ | | | | | |
| *420* | Патни и дневни трошоци | | 3.856.000 | 562.061 | 14,6% |
| *421* | Комунални услуги | | 9.164.000 | 9.104.791 | 99,4% |
| *423* | Материјални трошоци | | 3.000.000 | 2.603.813 | 86,8% |
| *424* | Поправки и одржување | | 2.500.000 | 1.681.042 | 67,2% |
| *425* | Договорни услуги | | 13.200.000 | 10.953.129 | 83,0% |
| *426* | Други тековни трошоци | | 2.000.000 | 1.918.166 | 95,9% |
| *464* | Разни трансфери | | 180.000 | 167.176 | 92,9% |
| *480* | Купување на опрема и машини | | 4.500.000 | 89.177 | 2,0% |
| *481* | Вложување во нефинансиски средства | | 1.600.000 | - | 0,0% |
| ***Вкупно за 631*** | | | **40.000.000** | **27.079.355** | **67,7%** |

Во 2012 година, реализацијата на Буџетот на Агенцијата за храна и ветеринарство, особено во оној дел кој се однесува на Програмата 46 (субвенции и трансфери), каде се поместени трошоците за спроведување на теренските активности преку програмите за здравствена заштита на животните, ветеринарното јавно здравство и мониторингот на безбедноста на храната, се одвиваше согласно планираната динамика, со ниво на реализација од 99,9%.

Меѓутоа, мора да се има предвид дека најголем дел од овие средства е искористен за плаќање на заостанатите обврски по основ на завршени активности во изминатите години, пред се за реализација на програмите за здравствена заштита на животните, согласно Годишната наредба за преземање мерки за здравствена заштита на животните и ветеринарно јавно здравство за 2011 година.

На крајот на 2012 година, вкупниот долг на Агенцијата за храна и ветеринарство кој треба да биде сервисиран во наредниот период изнесува околу 275 милиони денари, од кои околу 80 милиони денари се обврски кон ветеринарните друштва, 175 милиони денари се обрски кон Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје и 20 милиони денари обврски кон фармерите по основ на неисплатен надомест за принудно одземени болни животни. Од овој износ, а согласно усвоените програми за здравствена заштита на животните, ветеринарно јавно здравство и мониторинг на безбедноста на храната за 2012 година, реално, во 2013 година ќе бидат исплатени вкупно 172 милиони денари на име на заостанати обврски од претходните години.

Притоа, мора да се напомене дека околу 98 милиони денари од овој долг се должат и на непланираните ребаланси на Буџетот на Република Македонија за 2011 и 2012 година, со кои се намалени средствата за ЗЗЖ и ВЈЗ во износ од 35 милиони денари за 2011 и 63 милиони денари за 2012 година. Имајќи предвид дека активностите за здравствена заштита на животните согласно Годишната наредба имаат сезонски карактер и се спроведуваат во најголем дел во првата половина од годината, тоа значи дека во моментот на донесување на ребалансот активностите се веќе завршени согласно првичниот буџет, што од своја страна придонесува за зголемување на финансиските обврски.

## IX. Одделение за внатрешна ревизија

Во последниот квартал од тековната 2012 година, формирано е Одделение за внатрешна ревизија што е во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/09 и 12/11), Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за храна и ветеринарство и донесените Заклучоци на Владата на Република Македонија.

Главната цел на одделението за внатрешна ревизија е подобрување на работењето на субјектот и на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

Од страна на одделението за внатрешна ревизија, во тековниот период од 2012 година подготвени се четири процедури кои преставуваат основа за извршување на својата функција, а се однесуваат на:1) спроведување на внатрешната ревизија, 2)подготовка на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија, 3) подготовка на повелба за внатрешна ревизија и 4) подготовка на годишен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија.

Одделението за внатрешна ревизија, согласно законски предвидениот рок и расположивите кадровски капацитети има подготвено свој Стратешки план за извршување на внатрешната ревизија за периодот од 2013 до 2015 година, Бр.30-5074/3 од 15.12.2012 година и Годишен план за работа на внатрешната ревизија за 2013 година, Бр.30-5074/2 од 15.12.2012 година. Со Годишниот план за работа на внатрешна ревизија планирани се ревизии на системите за внатрешна контрола за националната мониторинг програма за безбедност на храната, за ветеринарно јавно здравство и здравствена заштита на животните како и на процесот на спроведување на ИПА проектите во Агенцијата за храна и ветеринарство.

Ито така, Одделението за внатрешна ревизија во периодот од нејзиното формирање има свое активно советодавно учество при подготовка на одредени акти и документи во Агенцијата за храна и ветеринарство.

## X. Одделение за внатрешна контрола и аудит

Во Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија “ бр. 157/2010 и 53/2011) во членот 77 (5) е одредено дека Агенцијата спроведува внатрешна контрола и подлежи на надворешна контрола и превзема соодветни мерки во зависност од резултатите на контролите, за да обезбеди дека се постигнати целите на Законот. Овие контроли се спроведуваат на независен и транспарентен начин.

Одделението за внатрешна контрола и аудит е посебна организациона единица на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за храна и ветеринарство член 13 точка 3 алинеја 3 каде се определува дека Одделението го организира вршењето на внатрешната контрола и внатрешниот аудит на официјалните контроли.

Ова одделение претставува посебна организациона единица и својата работа ја изведува на независен и транспарентен начин и за истата директно го известува Директорот на Агенцијата. Одделението е одговорно за програмирање и спроведување на:

- **Внатрешна контрола** врз работата на Државните службеници во Агенцијата со што се обезбедуваат принципите за професионализам и стручност во работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство со строго почитување на Законските прописи и другите акти донесени во врска со работата и работењето на Агенцијата;
- **Внатрешен аудит на официјалните (службените) контроли** со што се обезбедува дека активностите и резултатите на Организационите единици во Агенцијата за храна и ветеринарство соодветствуваат со планираните цели. Внатрешниот аудит на официјалните контроли се организира да се утврди дали Секторите и Одделенијата во Агенцијата за храна и ветеринарство (Организационите единици) работат во согласност и доследно ги применуваат пропишаните законски прописи, стандардни постапки, упатства, насоки, процедури итн. Внатрешниот аудит во Агенцијата за храна и ветеринарство се спроведува на систематски базиран пристап врз принципите на независност и професионалност.

### 1. Административни капацитети

Согласно Правилникот за систематизација на работни места на Агенцијата за храна и ветеринарство бројот на работни места во Одделението почнувајќи од број 14 до 18, предвидени се *7 работни места* во Одделението за внатрешна контрола. Во 2012 година во Одделението е вработен *1 Државни службеници* со звање Соработник. За извршување на внатрешниот аудит во 2012 година имајќи го предвид фактот за потребите на поголем број државни службеници особено при извршувањето на внатрешниот аудит, Директорот на Агенцијата овласти 16 државни службеници од различни Сектори и Одделенија на Агенцијата кои заедно со Одделението ќе го извршуваат внатрешниот аудит.

## 2. Законодавна рамка

Концептот на внатрешна контрола и внатрешен аудит на официјалните контроли за првпат беше промовиран во Агенцијата за храна и ветеринарство во 2011 годинапри што беа изготвени и донесени ***Програмата за работа на Одделението за внатрешна контрола за 2011 и 2012 година*** и ***Правилникот за постапување на одделението за внатрешна контрола***.

Во 2012 година Одделението изврши ***анализа на европското законодавство и меѓународните стандарди*** за воспоставување на ***Систем за внатрешен аудит на официјални контро***ли во Агенцијата за храна и ветеринарство. Посебно внимание беше посветено на Регулативата 882/2004/ЕЦ за службените контроли и Одлуката 2006/677/ЕЦ која даваат насоки како да се спроведе аудитот во согласност со Рег. 882/2004 како и ISO 19011:2002. Согласно ова беа изготвени следните стратешки документи за Системот на внатрешен аудит на официјалните контроли во Агенцијата за храна и ветеринарство:

- ***Петтогодишен план 2012-2016 год. за внатрешен аудит на вршењето на официјалните контроли*** со цел да се обезбеди проверка на работењето во согласност со законодавството за безбедност на храната и добиточната храна, правилата за здравствената заштита на животните и благосостојбата на животните. Во овој стратешки документ јасно се предвидени Обемот на внатрешниот аудитот, Субјект врз кој се врши внатрешен аудит и периодот на извршување на внатрешен аудит;
- ***Едногодишен план за 2012 година за Внатрешен аудит на официјалните контроли*** во Агенцијата за храна и ветеринарство. Овој стратешки документ го дополнува Петогодишниот план и во него, освен обемот и критериумите за внатрешен аудит јасно се дефинирани Субјектите (Организационите единици) во Агенцијата врз кој ќе се изврши внатрешен аудит како и месецот во годината кога ќе се изврши аудитот.
- ***Програма за внатрешен аудит на официјални контроли бр.1/2012***.

Во насока на обезбедување на униформно и квалитетно извршување на Внатрешниот аудит на официјалните контроли во Агенцијата за храна и ветеринарство, Оделението за внатрешна контрола ги подготви и донесе следните документи:

- ***Прирачник за внатрешен аудит*** кој има за цел да опише како е организиран внатрешниот аудит на официјалните контроли, обемот и документирањето, квалификациите на аудиторите, нивните задачи и одговорности во Агенцијата за храна и ветеринарство и
- ***Процедура за внатрешен аудит*** која има за цел да обезбеди униформност и квалитетно постапување и извршување на Внатрешниот аудит на официјалните контроли во Агенцијата за храна и ветеринарство.

Внатрешниот аудит на официјалните контроли во Агенцијата за храна и ветеринарство се извршуваше од страна на државни службеници (внатрешни аудитори) вработени во Одделението за внатрешна контрола и 16 Овластени Државни службеници за извршување на внатрешен аудит и контрола од кои во изведување на внатрешниот аудит за 2012 година учествуваа 4 Овластени Државни службеници за извршување на внатрешен аудит и контрола.

Конечно, извршена е анализа на основите за работа на Одделението и предложени се измени и дополнувања на Законот за безбедност на храната во насока на точен опис на внатрешниот аудит и внатрешната контрола во АХВ, како и измени и дополнувања на Правилниците за Систематизација на работните места во АХВ по однос на работните задачи во ова Одделение .

3. **Извршени внатрешни аудити на официјалните контроли**

По однос на Внатрешниот аудит на официјалните контроли од предвидените 11 внатрешни аудити Согласно Програмата и Планот за внатрешен аудит за 2012 година, Извршени се 10 внатрешни аудити. Не е извршен внатрешен аудит на Инспекциското место на граничен премин Меџитлија. Во просек детектирани се по 8-10 Недоследности од извршените внатрешни аудити на секое Инспекциско место на Граничен премин.

4. **Извршени внатрешни контроли**

Во 2012 година Одделението за внатрешна контрола изврши *7 (седум) внатрешни контроли.* За работата на државните службеници. Од овие 7 внатрешни контроли две беа извршени по добиени информации од страна на Директорот на Агенцијата, една беше по барање на МВР а 4 беа по поднесени Преставки до Одделението за внатрешна контрола.

По однос на извршените внатрешни контроли во 3 (три) случаи потврдени се сомневањата/индикациите, односно истите биле "основани" и доставени се предлог корективни мерки до релевантните Одделенија/Сектори на Агенцијата. Во 2 (два) случаи Одделението за внатрешна контрола согласно со одредбите од Правилникот за постапување на одделението за внатрешна контрола заклучи дека случааите се „без доволно докази" - бидејќи немаше доволно докази за да се потврди или отфрли сомневањето дека државниот службеник против кого била поднесена претставката незаконито или непрофесионално постапувал. Конечно, во 2 (два) случаи Одделението за внатрешна контрола согласно со одредбите од Правилникот заклучи дека случааите се "неосновани".

5. **Обуки**

Во 2012 година спроведени се следните обуки во Одделението за внатрешна контрола и аудит:

- Редовните обуки за овластените Државни службеници за извршување на внатрешен аудит од страна на Одделението за внатрешна контрола и Странски експерт аудитор од Агенцијата од Латвија
- Обука од програмата на **ГД SANCO “Подобар тренинг за безбедна храна“ – BTFS** и тоа Course A, Session 6 Training programme, Setting up and implementing an audit system, Delft 17 – 20 April 2012
- Обука од програмата на **ГД SANCO “Подобар тренинг за безбедна храна“ – BTFS** и тоа Course B: Development of the ability to conduct a detailed audit - Session 3, Bilbao Session 3 од 06th до 09th March 2012
- Антикорупциски мерки во државната служба, Организирано од Комисијата за антикорупција на РМ.

## 6. Соработка со странски проекти

Во 2012 година е направена поддршка на воспоставување на Системот за внатрешен аудит на официјалните контроли во Агенцијата за храна и ветеринарство од страна на Проектот во Агенцијата *“Capacity building of the veterinary service for implementation of EU Acquis Service Contract n Europe Aid/1245686/C/SER/MK“*. За поддршка на воспоставувањето на Системот за внатрешен аудит на официјалните контроли Одделението работеше со Експерт од Латвија во делот на законодавна рамка и обуки.